**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Педесет и петтата седица на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 март 2004 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, прертседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Поповска, Зоран Шапуриќ, Нелко Стојановски, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓорѓиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Ристо Пејоски, Али Ахмети, Теута Арифи, Љубисав Иванов-Ѕинго, Тито Петковски, Ванчо Георгиев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по Предлогот за донесување на закон.

Збор има пратеничката Ристана Лалчевска, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници, претставници на Влада,

Во текот на вчерашниот ден имавме дебата околу Предлог-законот што сега го имаме на дневен ред, слушнавме многу различни мислења, повеќето од нив се против овој предлог, меѓутоа, дозволете ми јас накратко, сосема накратко да изнесам некои свои видувања по овој Предлог-закон.

Прво, би се осврнала накратко со едно воведно излагање околу енергетскиот систем на Македонија, неговото значење и тн. Со оглед на значењето на енергетиката и трендовите во регионот и пошироко, неопходно е да се реструктуира енергетскиот систем на Македонија. Ваквата неопходност сите ја потврдивме и никој

не се спротивстави. Во тој контекст таа треба да се направи што поскоро со донесување на соодветна законска регулатива, која пак ќе произлезе од, според мене, претходно добро направени анализи, во кои ќе биде снимен целиот систем и од кои анализи ќе произлезат начините, методите и принципите за реструктуирање односно реформа на овој систем.

Познати ни се условите во кои функционира системот во овој момент. Од една страна постои расчекор помеѓу побарувачката за квалитетна и квалитетна услуга, а од друга страна ние имаме едно технолошко стареење на системот кај кои постојано имаме потреба од инвестиции, а ова би ја отсликала потребата зошто е потребно реструктуирање односно реформирање на системот.

Од друга страна се отпочнати и иницијативи за формирање на регионален пазар на електрична енергија во Југоисточна Европа, во кои би требало покрај земјите во регионот да се вклучи и Република Македонија и тоа ја наметнува потребата од реструктуирање на ЕСМ, како би можеле да фатиме чекор со оваа иницијатива. Во регионот повеќето земји веќе извршиле реструктуирање на своите системи и јас имам некои сознанија дека, освен Македонија, Србија и Албанија, сите други земји ги реструктуирале своите системи.

По однос на политичката определба за пристапување кон овие процеси, за активно учество во формирањето на регионалниот пазар на електрична енергија во Југоисточна Европа, Република Македонија ваквата политичка определба ја искажа во 2002 година со потпишувањето на таканаречениот Атински меморандум и ова што досега го кажав се тие факти и тие определби на Републиката, кои никој не ги спори и кои одат во насока на потребата од реструктуирањето на системот. Меѓутоа, денеска на дневен ред имаме Предлог на закон за преобразба на електросистемот на Македонија, што јас уште во насловот сметам дека не е во ред, бидејќи се она што претходно го кажав зборува за потреба од реструктуирање на системот. Зборот реструктуирање е многу јасен и соодветно треба да биде изготвен и предлогот. Преобразбата од членот 2 од текстот на предлогот се дефинира како реструктуирање и приватизирање. Јас не знам како два процеси, кои се одвоени еден од друг, ние сега со овој Предлог на закон ги ставаме во еден кош и ќе ги туркаме двата процеси заедно. Некои трендови покажуваат дека енергетиката има регионален пристап и ние мора да се движиме во тие трендови кои се во регионот, меѓутоа, сите системи во регионот се реструктуирале, меѓутоа, не се приватизирале. Значи, ваквите процеси оделе во фази. Прво, одело преструктуирањето на системите, па потоа расмизлуваат за приватизирање. Јас не знам зошто

предлагачот сега се определува двата процеси, кои според мене треба да одат последователно односно претходно да оди реструктуирањето на системот, да видиме дали ќе оформиме два или повеќе системи според предлогот на предлагачот, ќе се одвојат две акционерски друштва. Тоа не е спорно, можат да бидат и три, тоа е наоѓање на стручњаците, меѓутоа, и ова што е предложено во две е во ред, а од кога ќе го завршиме овој процес на реструктуирање на системот, мислам дури тогаш треба да одиме со приватизирање. Се се плашам дека ќе направиме еден хаос во системот, ќе направиме големи грешки, кои навистина многу ќе не чинат и граѓаните и Република Македонија, бидејќи електросистемот е столбот на стопанството на Македонија. Тоа е еден голем систем и грешките таму, навистина, скапо ќе не чинат. Тоа би било околу моето видување и мислам дека, според она што го искажав членот 7 од Предлогот апсолутно не му е местото во овој Предлог и треба да се избрише и да се оди само со членовите кои се однесуваат на реструктуирање.

Би кажала нешто околу моделите за реструктуирање. Господинот министер во своето излагање кажа збор два околу моделот за реструктуирање дека Електростопанството на Македонија ќе се раздвои во две нови друштва. Меѓутоа, кој е моделот, која е содржината, како ќе се работи, апсолутно не слушнавме ниеден збор. Еве, јас не знам по кој модел ние ќе го вршиме реструктуирањето на системот. Беше спомнат модел, меѓутоа, понатаму ништо околу тој модел на реструктуирање, да видиме како ќе се врши тоа реструктуирање не слушнавме или пак немаме модел, допрва ќе го утврдуваме. Сметам дека ако ова второво е вистина, тогаш ќе навлеземе во една голема грешка, ние не можеме да отпочнеме некој процес, а не сме ги утврдиле моделите по кои ќе работиме. Тоа се накратко некои мои размислувања околу овој Предлог и со оглед на она што го кажав, мислам дека предлагачот треба да го повлече овој Предлог, да го преработи и да се оди само со Предлог на закон за реструктуирање на електросистемот, а потоа по завршувањето на процесот или барем во финалната фаза на реструктуирањето на системот, да одиме со нов предлог и нов закон за приватизирање на веќе реструктуираниот систем. Толку, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Борозан реплика од три минути.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарам, само кратко, колешката искажа мислење, во кое не ја сподели потребата од реструктуирање, ниту потребата од приватизација на дел од Електростопанство и тоа е во ред. Меѓутоа, не знам врз основа на што таа заклучува дека реструктуирањето и приватизацијата ќе одат одеднаш. Тоа воопшто јас не го сфаќам како случај. Напротив, министерот јасно искажа намера дека најпрвин ќе се оди со реструктуирање , а подоцна по изработка на планот за приватизација и со евентуално приватизирање на дел од Електростопанството. Притоа, ова што е важно во овој момент за Собрането, Собранието донесува закон, кој што треба да претставува политичка волја да се оди во трансформација на претпријатието Електростопанство на Македонија. Оттаму, самиот модел за преструктуирање, самиот модел за приватизација не се предмет на Собранието. Собранието не е експертски тим и стручна служба, која што може да влегува во такви детали.

Инаку, колку што мене ми е познато, веќе моделот за преструктуирање е готов уште од летото 2003 година, усвоен од Владата во есен 2003 година и се оди понатаму. Дали приватизацијата ќе се случи во мандатот на оваа Влада или во мандатот на некои од следните влади на СДСМ во континуитет, тоа е друго прашање. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Околу првиот дел на репликата, јас не знам госпоѓа Борозан зошто ми реплицираше, односно се јави во име на министерот, она што министерот го кажал, сите го слушнавме што кажа министерот и таа немаше отреба да ми реплицира.

А, околу моделот за кој барав појаснување, навистина, Собранието не е стручен тим, меѓутоа, треба да ги осознае основните принципи кои ќе се применуваат, за да би можеле да се определиме дали предложеното реструктуирање е во ред или не е во ред. Сепак, крајно, госпоѓо Борозан, Собранието треба да го изгласа овој предлог и да даде виза, за да се употреби моделот, според ваше мислење, стручните тимови го направиле. Јас од таа причина барам да ни се објасни моделот, како ние би осознале дали одиме во правилно реструктуирање или не. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи беше најавен господинот Трендафилов, а тој си го презакажа настапот за подоцна, сега е на ред господинот Слободан Даневски, а нека се подготви пратеникот Драган Георгиев.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине министер,

Сигурно дека побудува внимание овој вака даден мал Предлог-закон зо десет члена, затоа што и самиот наслов каде што стои прецизно Предлог на закон за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство и пренос на дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост. Како што е даден вака во самиот Предлог-закон, мислам дека во самото толкување на самиот закон стои дека овој ваков закон каков што е даден со една страница со која ќе одиме на преструктуирање или преобразба или приватизација на еден комплекс како што е ЕСМ, а знаеме што значи ЕСМ во животот на обичните граѓани, во животот на индустријата, општо што значи ЕСМ, иако го третираме како монопол, видно ја креира политиката на сеопштото живеење во Република Македонија.

Законодавецот дал потоа долкување дека, со оглед на тоа што не е во прашање обемен или сложен закон, се предлага согласно членот 152 од Деловникот на Собранието, да оди во скратена постапка. Ние дискутиравме и вчера и споревме за некои работи дали треба да оди реструктуирање или преобразба. Недвосмислено и апсолутно дадовме поддршка сите пратеници во оваа сала се сложивме дека ЕСМ треба да се преструктуира. Но, ние со овој закон туркаме и друга работа, ја туркаме и приватизацијата. Ако има консензус и ако сме се договориле дека реструктуирањето треба да оди и со еден ваков законски проект со десет, пет или два члена, се дава еден пас или една виза, за тоа што одговорноста ние во Параментот ја носиме сите пратеници. Не може да избегаме од одговорноста, затоа што ние сега даваме пас да отпочне процесот. Владата само нас ни предлага, а одговорноста ја носите сите 120 пратеници и јас и претседателот на Собранието, сите ја носиме одговорноста. И ако одиме член по член да ги читаме во законот, во нормативниот дел, како што ни доаѓаат многу слаби законски проекти и овој законски проект е многу слаб и недоречен, па веднаш на самиот почеток се шпекулира зошто со овој проект се турка и приватизацијата, зошто членот 7 го оптоварува законот. Нема потреба, ако сме се договориле и ако има услови и ако има расположение и

ако има анализи и ако го почитувам ова што значи дека енергетиката треба да ја гледаме од регионален аспект и ако стоиме на тоа дека треба ние да се реструктуираме, дека ние во Собранието дали сме стручни и компетентни, не знам, но ние како претставници на народот можеме да зборуваме. Тука имаме искажувања на некои наши колеги кои кажуваат, јас зборувам од комисијата, не знам која комисија, Регулаторна комисија или не знам како, јас настапувам од името на граѓаните на Република Македонија. И, сега, што ги интересира граЃаните на Република Македонија. Граѓаните на Република Македонија, прво, ќе ги интересира дали со овој законски проект ние веднаш ќе ја покачиме струјата. Дали граѓаните, посебно вработените, ако ги туркаме овие два процеси, ако даваме пас или виза дека треба да се реструктуира, не ја знаеме каква е структурата, не знаеме на кое ниво е технолошки, не знаеме во која состојба се капацитетите, на нас многу работи не ни се познати. Во самиот законски проект ние имаме еден лист што нуди еден многу комплексен материјал, што ние како пратеници не можеме да дискутираме по однос на сите прашања. Ако е ова само една почетна иницијатива, за да може да се отпочне процесот дека треба да оди во една редовна постапка, за која треба да се искажат стручни и компетентни тимови, дека Собранието дали ќе одлучува или нема да одлучува, дали ќе имаме информации не знам, но ценејќи дека ние ова претпријатие што е во државна сопственост е акционерско друштво со Законот за трговски друштва, треба да кажат постручни и покомпетентни луѓе дали не можеше со одлука Владата директно да оди на тоа на приватизација односно на трасформација. Затоа што, ако во членот 4 стои дека реструктуирањето на АД Електростопанство на Македонија ќе се изврши согласно одлуката на Владата, Владата ја носи одговорноста, а ние ова треба да го потврдиме или да дадеме зелено светло, со поделба на две акционерски друштва, Електростопанство на Македонија и Акционерско друштво за производство на дистрибуција на снабдување на електрична енергија во државна сопственост, со скратено име АД ЕСМ и оператор на електропреносни системи на Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електростопанскиот систем во државна сопственост, со скратено име АД МЕПОС. Сега се наметнува и друго прашање, дали ние ако одиме со ова и ако правиме шпекулации како Парламент, затоа што никаде, а и во самиот наслов на закон таму стои преобразба, не стои дека треба да оди и приватизацијата. Или да се повлече овој законски проект, законодавецот да ни го даде овој предлог за реструктуирање на ЕСМ како таков предлог, а потоа да ни даде друг законски проект за приватизација со многу

поопипливи аргументи. Обично, ние сега зборуваме без аргументи. Многу наши колеги зборуваа без аргументи. Ние одевме до таму да споредуваме нешто што како едно искуство ни се промакна оваа година односно овие години и се обвинувавме она што значеше приватизацијата на ТЕЛЕКОМОТ. Многумина тука наши колеги зборуваа паушално, без никакви аргументи и без минимални познавања на она што значи приватизација на ТЕЛЕКОМ. Зошто зборувам приватизација на ТЕЛЕКОМ? Приватизацијата на ТЕЛЕКОМОТ беше најтранспарентна. Почна во времето на СДСМ, тогаш се донесоа и пред приватизацијата, тогаш се склучи со банката договор и се обезбеди кредит од 45 милиони американски долари. Консултантот беше избран од тогашната Влада и она што го реализираше минатата Влада и да прекинеме со паушалните кажувања дека ТЕЛЕКОМОТ како приватизација во дадениот момент е најдобро приватизиран ТЕЛЕКОМ во Европа и во светот. Во другото, дали парите од ТЕЛЕКОМОТ се правилно трошени и дали има злоупотреби од ТЕЛЕКОМОТ, тоа е друго прашање.

Во дадениот момент, ако направиме една паралела со Телеком, кога се приватизираше Телеком обезбедивме кеш средства во износ по 350 милиони евра и 250 милиони евра.  Во дадениот момент се приватизираше Телекомот во соседна Бугарија и приватизацијата е направена со 250 милиони евра, а 4,5 пати е поголем, што значи општиот тренд на акциите на Светската берза на телекомите во светот паѓа. Да не оперираме паушално само да плукаме. Ако пратениците мислат дека парите од Телекомот ненаменски се трошени, во ред, тука можеме да дискутираме, но не треба да се меша приватизацијат аи транспарентноста. Ова го велам од причина што ако вршиме приватизација и ако отпочнеме процес на приватизација на гигантот ЕСМ, каде се работи за неколку милијарди евра, овој процес мора да биде многу транспарентен и чист, но да не дозволиме директна приватизација во  четири очи. Да ги тргнеме сите шпекулации. Од тие причини дискутираме дека нема потреба овој законски проект да се оптоварува и со приватизација, а членот 7 е оптоварување на овој законски проект. Не рековме дали треба или не треба да се приватизира. Сигурно дека во овој момент Владата цени, а ние кога ќе имаме опипливи аргументи кои ќе ги следиме и кога ќе се вклопиме во европските трендови, ќе зборуваме. Општ тренд во Европа е електричната енергија и електриката да се гледаат регионано и мора да се вклопиме за да може за да функционира регионалниот пристап. Тогаш кога ќе имаме опипливи аргументи и ќе кажеме што се приватизира, а интенцијата е да се приватизира производството и дистрибуцијата, додека преносот да остане во државна сосптвенсот, кога ќе се

дадат сите аргументи, кога ќе се направат сеопфатни анализи, тогаш да зборуваме затоа што се работи за гигант, за неколку милијарди евра.

Тука зборуваше почитуваната госпоѓа Борозан и можеби таа има повеќе информации и во нејзината дискусија никаде не кажа дека ќе има намалување на вработените, дека вработените ќе бидат акционери и ќе им се пренесе тоа право и на оние кои биле вработени, а сега се во пензија. Таа не кажа дека цената на електричната енергија ќе се зголеми. Цената на електричната енергија ги интересира граѓаните. Кога се зборуваше за отпуштање дека наводно се врши реструктуирање, отпуштивме повеќе од илјада вработени. Тогаш тука укажуваа експерти познавачи на оваа проблематика дека тоа го бараат, има оптоварување, се вршеле злоупотреби, се примале луѓе без стручна подготовка, партиски биле примени што претставува оптоварување на фирмата. Она што го имаме како информација од Маинел банк не кажува така. Длабинското снимање на Маинел банк кажува дека цело Електростопанство, кое има околу 10 илјади вработени, ја оптоварува фирмата со 8,9% за плати. Тука имаше такво искажување, но очекувам дека ќе има демантирање во поглед на ново отпуштање на вработените. Од тие причини, мора да зборуваме принципиелно. Ова значи многу за Република Македонија.

И во минатиот состав на Собранието, некаде пред изборите во месец јуни се дискутираше два три дена на оваа тема. Гласноговорник беше вицепремиерката Радмила Шекеринска и Никола Поповски, но се заклучи и се направи амбиент дека тоа е национално предавство. Да се приватизира ЕСМ е национално предавство. Тогаш и јас се залагав да не се приватизира, затоа што нешто што остана спорно и го мешаме  со Телеомот, во првичните размислувања Телекомот требаше да се приватизира 33%, но потоа излегоа 51%. Образложението беше дека во приватизацијата не се одеше со една фирма, туку од тие 51% , 86,5% е ќерката на Дојче Телеком-МАТАФ, а другото во приватизацијата е “Космо - Телко”, “Интер Америка” и тие  51%, 86,5% се на МАТАФ, а 7,4% се “Космо-Телко” и  Банката Ц и Ф која учествува со 6,1%. Тоа се рече тогаш дека не е доминантен еден сопственик, туку тој го има управувачкиот пакет од 51%. Затоа се одеше со еден избор, втор избор и приватизацијата беше направена транспарентно.

Во дадениот момент немаме анализи дали фирмата ЕСМ во РМ ја има завршенопреобразбата или реструктуирањето и дали е подготвена за приватизација. Одговорно тврдам дека стручниот кадар на Телеком во дадениот момент беше на Европско ниво. И денес стручниот кадар во Телеком и Мобимак се

најдобрите стручњаци во регионот, па може да се каже дека се најстручни и најкомпетентни, дури на европско и светско ниво. Таква информација за ЕСМ немаме, дали ЕСМ располага со таков кадар. Но кога зборуваме со стручниот кадар, па се осврнуваме на производството, секако нас ќе не боли и мора да го знаеме одговорнот што ќе се случува со ЕСМ односно производителот РЕК-Битола. РЕК-Битола е главниот и произведува 80%, па треба да знаеме какво ќе биде неговото преструктуирање, каква ќе биде неговата приватизација, дали ќе се приватизира со една, две, три, десет или дваесет потфирми, каки ќе бидат тие потфирми, дали ќе има заштит ана луѓето. Сега имаме едно компаративно искуство со Телеком, но може да го земеме и компаративното искуство во регионот односно електросистемите во регионот. Да видиме кои се маните, да го видиме туѓото искуство и да учиме и на сопствените грешки. Ако сме направиле грешки во приватизација, она што се случува сега како дефект, недефинираните услови во Телекомот, она што е ставено во клаузула во Договорот дека 2% од вкупната маса им припаѓаат на вработенит екои биле и пензионери и вработени, во делот на приватизацијата да добијат акции, но не добиваат ниту акции ниту дивиденда. Сакам да кажам дека секоја година од Телекомот добиваме околу 20 милиони евра што не е за поценување. Тоа се огромни пари. Во Парламентот се расправаме за 5 милиони евра со денови, а од Телекомот кој го нарекуваме златна кокошка добиваме по 20 милиони евра. Затоа, ако сме направиле грешка и ако има забелешки од некои пратеници, да не ги повториме грешките и да учиме од сопствените грешки, ако се грешки. Ако кажеме дека сем зеле 700 милиони евра, тоа се бројки за почитување во Европа, да видиме колкава ќе биде цената ако веќе сме одлучиле да го правиме тоа. Гледам дека интенцијата и кажувањето на минситерот е дека веќе е направен акционен план , тоа значи дека во 2005 година ќе се отпочне со претприватизацијата и со приватизацијата во 2006 година, треба да бидеме подготвени и треба д аодиме со приватизација на ЕСМ. Во самото излагање на некои пратеници се вели дека ЕСМ не треба да го напушти тој тренд, да не биде монопол. Сега што правиме? Да не направиме грешка, ако имавме државен монопол, сега да направиме приватен монопол. Колегите туак дискутираат дека ќе направиме услови да има конкуренција на производството на електрична енергија но да не влеземе во дубиози, бидјеки во некаде во светот има лошоискуство и се распаднаа системи, а се распаднаа во најсилната држава во светот и направи хаос, САД, а тоа се случи и во САД, Италија и други држави. Обично милуваме да правиме компаративни споредби со држави со кои ни одговара да се споредуваме.  Велиме дека во регионот се завршени

претфазите, првата фаза, втората фаза на преобразба или реструктуирање, но никој во регионот нема извршено приватизација на електросистемот. Она што сакаме паралелно да се споредуваме со блиските држави, пак влегуваме во материјална расправа и велиме дека приватизацијата треба да ја издвоиме од она што значи реструктуирање. Со реструктуирањето треба да се направи еден исчекор, да се направи базична подготовка, да го подготви ЕСМ и оние делови кои се подготвени да бидат конкурентни на пазарот, затоа штопазарот ќе ја определува цената. Да се искористи моментот и да се постигне добра цена на пазарот, за да не го продаваме ефтино, да не го подариме, туку да направиме добра подготовка, да го реструктуираме, да го подготвиме, да биде атрактивен на пазарот за да ја постигне добрата цена. Вака во членот 7 меѓу редови се кажува за приватизацијата на ЕСМ "и/или на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел или на сите акции на АД ЕСМ и/или на друштва основани од него" - ова "и/или" зборува дке аможе да бидат многу повеќе друштва, многу повеќе единки трговски друштва, во една или повеќе трансакции на инвеститори и тоа: преку продажба на малцинскиот пакет на акции, со склучување договор со меѓународни финансиски институции, преку тендер во кој е вклучена преквалификација на начин и  постапка што ја предвидува Владата на Репбулика Македонија и/или на друг начин утврден со закон.  Ова "и/или" е сомнително. "Под инвеститор во смисла на став 1 на овој член со преобразба, а било кое домашно и странско правно лице и меѓународна финансиск аинституција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чии основачки акти се јавува и Република Македонија како земја членка, приватизацијата на АД ЕСМ и/или на друштва основани од него може да се вклучи и пренос на акции на вработените во АД Електростопанство на Македонија согласно одлуката на Владата на Репбулика Македонија". Ако е интенција на Министерството, па и на Владата да се влезе во постапка, знаеме каков е однсот на силите во Парламентот, мора да кажеме и збор два за дадениот законски проект, затоа што никаде во законскиот проект не ги гледаме вработените, поранешните вработени, а сега пензионери на Електростопанство, затоа што ако веќе дискутираме компаративно за начинот и моделот на приватизација, што не е тема на дискусија денес, но кога веќе влегуваме во проектот, мораме да ги кажеме тие забелешки, затоа што не знаеме како работите ќе се одвиваат понатаму. Владата не ја кажува динамиката и не кажува што ќе се случува. Во Хрватска се дадени 15% на пензионерите, 15% на вработените и 15% на нивните бранители.  Тоа е дадено во структурните реформи или при пренесувањето на одлуката на приватизација на

ЕСМ, Владата на РМ се обврзува како стратешки партнер. Стратешкиот партнер треба д аобезбеди наши компании што треба да влезат во процесот не само како инвеститори, туку да добијат и territory поволен пакет акции, да влезат, почнувајки од ЕМО, ФАС 11 Октомври или незнам кој друг, односно на тие кои можат дирекно да учествуваат да им даде поволни акции. Со самата приватизација да го прошириме кругот, да има ефекти  цела Македонија и да имаат  благодет и вработените, и пензионерите, и граѓаните, и оние фирми кои треба да стопанисуваат, затоа што знаеме што се случува во другите соседни држави.  Ниедна наша фирма на било кој тендер таму не може да добие работна рака во странски држави, а секаде се случува да ги заштитуваат фирмите. На кого да се лутиме? Самите правиме евазија на стопанството, сами го уништуваме. Ова е добра прилика да ги вклучиме нашите фирми да учествуваат во приватизацијата, да им дадеме поволни услови, да го зголемиме пакетот на акционери. Се сеќавам тогаш кога стануваше збор за приватизацијата на Телеком, се заговараше дека ЕСМ треба да биде втор оператор на мобилна телефонија. Од кои причини тоа не му се дозволи? Од лични политички и од лични приватни причини требаше да му се даде да биде втор оператор. Тогаш требаше ЕСМ, знаејки каква инфраструктура има, знаејки каков капацитет има , да биде втор оператор, затоа што како втор оператор на мобилна телефонија ќе му дадевме услови и ќе му ја качевме и цената на овој претприватизационен пакет, да влезе во проектот на приватизација со уште поголема тежина. Не слушнавме што ќе се случува со  хидроелектраните и хидроцентралите, а таму е огромно богатство. Некој од пратениците спомна дека сите како граѓани сме издвојувале во ЕСМ и сме учествувале, кој со повеќе , а кој со помалку како фирма, како приватно или правно лице, ние мсе го граделе. Така милуваа да кажуваат во минатиот состав. Така зборуваше госпоѓицата Шекеринска: Ние го градевме ЕСМ. Еве, и ние го градевме ЕСМ. Продажбата на ЕСМ тогаш беше оквалификвуана како најголемо национално предавство. Јас не се согласувам дека ќе биде најголемо национално предавство, но треба да направиме оптимални подготовли, да ја зголемиме цената. Ако нешто продаваме да го продадеме скапо. Ако има ќар, да имаат сите граѓани, фирмите, да се офајдиме, државата да има благодет, да видиме кој , како  и што ќе се инвестира. Ова е многу комплексно прашање. Со ЕСМ се врзува перспективата на цела држава. Добрите познавачи знаат што значи ЕСМ, тој е главниот двигател на животот во Република Македонија. Не може на брзина да поминеме на приватизација, со еден лист хартија да го приватизираме ЕСМ со 5 члена, а вреди 2-3 милијарди евра. Не може така, тоа не е дозволено. Сакаме да се одвои, го поддржуваме законскиот

проект, има консензус по тоа прашање и сите политички партии, пратеници, па и јавноста се согласуваат дека ЕСМ треба да се преструктуира, да се преобрази. Но кога станува збор за приватизација, да ја издвоиме приватизацијата, да одиме со еден издржан законски проект. Сигурно дкеа ќе има подршка ако тоа е општ тренд и ако се вклопуваме во глобализацијата. Ако е трендот да се има регионален пристап за енергетиката, тука тоа не го спориме, сигурно и ние ќе дадеме виза, ќе продискутираме, ќе ги воспоставиме правилата на однесување и на игра, ќе го дадеме придонесот, ќе ги расчлениме многуте непознати. Сега влегуваме во еден законски проект и даваме голема одговорност која ја носи Парламентот, дозволуваме со еден член да се приватизира Електростопанство на Македонија. Искажувањата во смисла дека сега се работи домакински ги ценам, но не само што треба домакински да се работи во ЕСМ, туку уште подомакински. А зборот домакински се употребува за да се бркаат луѓе од работа, а се примаат луѓе со договор. Тие демагогии не држат. Ако се избркаат некои луѓе, па се примени нови, немаме информации, а треба да имаме информации, ќе добиеме инфорамции што се случува во ЕСМ затоа што според кажувањата на нашите пратеници во ЕСМ е вака и вака, да си веруваме на зборот незнам како ќе биде. Но ќе побараме релевантни податоци со аргументи, ќе продискутираме дали се избркани, дали судот ќе ги врати или не ги враќа, дали овие што се примени со договор се неопходни и ќе отвориме многу други работи. Не треба да бегаме од одговорноста, ќе ги отвориме прашањата. Ова е став на Владата, а Министерството за економија мора да ги спроведува одлуките на Владата и Министерството настапува со едне проект, па самиот наслов зборува за преобразба, а со тоа подметнува дека треба да се врши приватизација.

Јас немам ништо против ова што значи реструктуирање, го подржувам и ќе гласам за тоа, но во делот на она што значи приватизација Владата како предлагач да направи разграничување, да оди со друг пакет на закон, во кој децидно ќе каже што е приватизацијата, кои се условите, каква ќе биде динамиката и условите, во кои треба да се стават многу работи. Собранието ќе носи дел од одговорноста, ќе продискутира и во една конструктивна дискусија ќе ги отвориме сите прашања, ќе направиме анализа, почнувајки од цената, дали ќе остане цената, ќе продискутираме за вработените, за пензионерите, за цената , ќе продискутираме и за транспортот, дистрибуцијата и за преносот и за сирте аргументи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Наместо реплика кон вашата дискусија, дозволете ми од ваше и од мое име на пратеникот Благој Голомеов да му го честитам роденденот денеска.

(Пратеникот Голомеов кажува дека денеска не му е роден ден).

Добро, збор има господинот Ѓорѓи Трендафилов, а нека се подготви Драган Георгиев.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски.

Јас припаѓам, претпоставувам дека освен мене лаици во оваа област има барем уште една дузина пратеници и во текот на вчерашната дебата, слушајќи ги особено внимателно искажувањата на министерот за економија, господинот Јакимовски, во голема мера или воглавном, тврдењата од страна на опозицијата што не одеа во прилог на законскиот проект што тој го предлага пред Собранието, неговите оправдувања беа дека почнувајќи од изборот на консултантот, договорите со банки, изготвувањето на физибилити студија за Хидросистемот “Света Петка”, значи, воопшто целата работа практично била завршена во Владата на господинот Георгиевски. Тој тоа го искористи како аргумент дека пратениците од редовите на ВМРО немаат, односно не би требале односно да имаат некои посебни забелешки на предложениот законски проект.

Тоа можеби и звучеше некако логично се додека во дискусијата не се вклучеше господинот Макрадули кој гордо изјави дека тој пак во минатиот парламентарен состав пак се борел против таквиот законски проект. Ја почна реченицата во прво лице еднина, веднаш ретерираше и се скри во прво лице множина.

Воведот во целата таа дебата, почитуваната госпоѓа Борозан, пак на страна сите оние стручни аспекти на проблемот за кој што ние зборуваме, особено внимание посвети на политичкиот момент во земјава и политичкиот момент во рамките на пазарите, а меѓу нив и регионот на југоисточна Европа.Со други зборови инсистираше да бидеме свесни за трендот на глобализација на пазарот и пристапот на побарувачката и понудата за било каков производ на истиот тој пазар. Со други зборови тоа не беше нешто спорно се додека пак почитуваниот колега Голомеов кој, зборувајќи од името на пратеничката група на Либерално-демократската партија не цитираше еден свој сопартиец кој изјавил, своевремено, јас не се сеќавам на таква изјава дека некој инвеститор били или инвеститорите биле заштитени како мечка. И,

на крајот, дебатата заврши во оние 30 минути носталгичен говор на почитуваната колешка од Струга, што воглавном можеше да биде многу пократок, со онаа позната равенка од пред 40 години: индустријализација + електрификација = социјализам.

Сега, јас стекнав впечаток дека ние вчера слушавме предлози од практично три влади. Од една страна еден коалиционен партнер се чуди како е можно воопшто Република Македонија да ги штити инвеститорите, а ако не ги штитиме ние инваститорите тогаш како ќе се доближиме или како воопшто имаме намера да се интегрираме во рамките на глобалните пазари за кои што впрочем зборуваше госпоѓата Борозан. И, апсолутно не ми е јасно пак од друга страна за што се борел господинот Макрадули кога пак според зборовите на министерот Јакимовски, во основа, овој предлог всушност е подготвен од Владата на господинот Георгиевски. Значи, јас на страна ќе ги оставам овие забелешки што се доста логични, дека во овие две страници јас не знам, прво јас не знам колку вработени има во моментот во ЕСМ, незнам како тие понатаму ќе работат, дали сите ќе работат, кој ќе биде отпуштен, што е предмет на понуда на пазарот за да биде купено од некој инвеститор, стратешки инвеститор кој, од друга страна пак, ние овде во Собраниево велиме дека апсолутно не треба и нема право да има било каква заштита, затоа што Владата, едноставно, така сметала. Значи три влади во текот на вчерашниот ден, кои егсистираат во едно, излегоа со три сосема различни тврдења. Дилемата произлегува дека можеби во самата Влада не постои некое посебно расположение да се истурка овој владин проект на начин како што заслужува да се истурка. Јас очекувам, ако владиното мнозинство во Собранието излезе и го застапува не само овој законски проект туку и другите законски проекти, дека тие повеќе или помалку ќе се држат до слични, идентични аргументи, се разбира секој во согласност со својот ум и креативност ќе ги презентира на сосема поинаков начин, но не може дијаметрално различно, како што барем јас така го сватив во текот на дебатата во текот на вчерашниот ден.

Јас незнам сега кој е во право, дали господинот Макрадули кој припаѓа на оние кои се бореле во минатиот парламентарен состав, господинот Јакимовски кој тврди дека ова не е заслуга само на оваа Влада, дека во голема мерка клучните работи се решени во минатиот состав на Владата и на Собранието или пак господинот, почитуваниот колега Голомеов кој во сите тие насоки во генералната политика на Владата за оваа година дека не очекува економски и некакво благопријатен производствен бунт на нашите индустриски капацитети во земјата, наеднаш излегува со тврдењето дека инвеститорите не треба ни да сонуваат дека

Република Македонија преку своите институции и инструменти како држава ќе ги заштитува.

Јас, навистина, едноставно не знам дали воопшто да се изјаснам негативно за овој закон кога ќе дојде моментот за гласање, затоа што практично од моја гледна точка во текот на вчерашниот ден, иако пишува Влада на Република Македонија, слушнав три сосема дијаметрално спротивни предлози од клучните претставници на владиното мнозинство и во Собранието и на самиот министер за економија како носител на оваа активност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Борозан, имате реплика, повелете три минути.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Пратеникот ме повика, меѓу другите колеги и мене да кажеме од името на која Влада сме зборувале.

Да повторам, вчера зборував од името на собраниската комисија за европски прашања и воопшто не од името на Владата. Инаку, кога веќе не му е јасно како течеше процесот на приватизација на ЕСМ, да ги повторам хронолошките настани:

Во 2000 година, процесот го започна минатата влада и најголемиот придонес што таа влада го направи во тој правец беше да ангажира консултант Мајнел банк кој што, чија што работа резултираше во 2002 година. Летото, да поднесе закон во Собранието, со барање меѓу другото Собранието да дозволи на Владата во четири очи да преговара со еден единствен понудувач кој би се јавил на тендер за продажба на ЕСМ. Тоа беше законот против кој што се борел колегата Јани Макрадули во составот на тогашната опозициска парламентарна група на СДСМ.

Продолжетокот на тој проект од оваа влада, зацртан уште од предизборните активности на СДСМ, во предизборната програма беше одлучно дека претпријатието најпрво треба да се преструктуира по европски модел, за што зборував вчера, па дури потоа да се понуди дел од него, не воопшто целото ЕСМ, затоа што продажба на целото електростопанство, така како што сакаше минатата влада би значело претворање на еден државен монопол во приватен монопол што би било најголемото зло за оваа држава. Тоа е битната и суштинската разлика во тоа што предлагаше минатата влада и заслугите на минатата влада и ова што го предлага оваа влада сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате една минута господине Трендафилов.

ЃОРГЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Претпоставувам дека се исклучени било какви преговори во фазите што следат доколку биде донесен законот што е пред нас. Барем така можев да сватам од тоа што го кажа госпоѓата Борозан. Значи треба да очекуваме дека нема да има никакви преговори. А, ако активностите во иднина бидат базирани, а мора да бидат базирани на закон што ние ќе го донесееме, тогаш навистина извинете почитувани госпоѓо Борозан, но овие две страници сепак не кажуваат ама баш ништо и јас се надевам ако се случи тоа што мислам дека ќе се случи, дека ќе излезете тогаш повторно од името на Комисијата што вчера ја претставувавте и ќе кажете дека апсолутно немало никакви преговори, ниту владини, ниту од било кој претставници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Голомеов, имате три минути право на реплика.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе.

Само кратко би му реплицирал на почитуваниот колега Тредафилов. Јас останувам на моето тврдење дека имајќи малку повеќе увид во Договорот што е направен со Телеком, останувам на тврдењето дека Телеком е навистина заштитен не само како мечките, поточно како белите мечки и, неможам да се согласам дека Република Македонија, дека нашите дискусии беа во прилог на тоа дека не треба да се штитат интересите на инвеститорите. Напротив, ние мора да се стремиме кон функционирање на правната држава, да ги штитиме интересите на потенцијалните инвеститори максимално, меѓутоа не да ги штитиме монополските интереси на потенцијалните инвеститори. Кога граѓаните ќе плаќаат три и четири пати повисоки сметки. Јас би запрашал како можеме да им објасниме, на кој начин го штитиме таквиот инвеститор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, ако имате контра реплика имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да. Во врска со Телекомот, мислам дека во 2003 година една владина агенција, значи во времето на овој мандат на господинот Црвенковски, приватизацијата на Телекомот доби една меѓународна награда, како најпрофитабилна приватизација во Југоисточна Европа во 2002 година. Беше

предложена од владината агенција, значи раководниот тим го составиле луѓето блиски до премиерот Црвенковски или тој самиот.

А, што се однесува до тоа ако господинот Голомеов не сака да се плаќаат високи сметки, можеше во текот на минатата седница да се придружи кон барањето на Пратеничката група на ВМРО за намалување на ДДВ на основните животни артикли.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој дриг бара збор?

Има збор господинот Спиро Мавровски, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас очекував бидејќи имаше најави госпоѓата Борозан да се јави, но изгледа ќе треба да објасниме некои рботи што останаа вчера неразјаснети во однос, како што кажувате, со бројките и буквите и тоа што значи договори и тоа што значи работа на ЕСМ. За да не бидат само празни фрази, ќе се обидам сега, сето тоа што вчера го говорев а го говорев со аргументи и факти, само да ви ги изнесам аргументите и фактите. Не го гледам министерот тука  но во секој случај мислам дека слуша.

После се она што се случи, после се она што кажуваме дека работењето на ЕСМ е такво какво што е, добиваме добри резултати, дека тоа е еден предизвик за овој нов закон, дека ЕСМ ќе биде направено онакво какво што ќе треба да се приватизира и за него дека ќе добиеме повеќе средства, јас би сакал да кажам, затоа што многу често се манипулираше со тие брјки од некаде 23% зголемена наплата, јас ќе кажам дека..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, вчера ви дозволив после еден саат, после саат време да кажете “сега ќе преминам на законот “. Денеска нема да ви дозволам да зборувате за Електростопанство, бидејќи Електростопанство не е точка на дневен ред, туку е Законот за преобразба. Затоа, зборувајте за преобразба, а немојте да зборувате за наплата, за организација, неорганизација. Вчера ви дозволив саат време да зборувате. Ова ви е прва опомена господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака господине претседателе, вие можете да кажете дали можете да ми дозволите или не ми дозволите, но ако сега не проговориме за ЕСМ, дали кога ќе биде нарениот закон за здравство ќе треба да кажуваме за ЕСМ и вие повторно да

не прекинувате. Јас незнам што толку се возбудувате и незнам од што се возбудувате, дали од бројките што вие самите од оваа говорница...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не се возбудувам, туку сакам да се следи деловникот, а по деловникот сега се зборува за точка на дневен ред а тоа е законот. Ако имате по тие седум - осум членови по законот зборувајте. Вчера зборувавте, како што реков еден час, па после рековте - сега на законот. Сега неможам да дозволам денеска истото да се повтори.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака претседателе, јас дали реков сега ќе говорам за законот, вие можете да ги земете стенографските белешки и да видите дека тој претходен саат јас говорев цело време за законот. Колку вие следевте и како следевте, и дали јас ќе ја кажам таа реченица или не..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сосема внимателно ве следев господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

..апсолутно не е битно дали некој ќе каже..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, продолжете јас ќе оценам дали зборувате за законот или за Електростопанство и неговата моментална работа и организација.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Претседателе,

Мислам дека вчера последниот дискутант апсолутно ништо не кажа за законот, кажа за една работа, а вие немавте апсолутно никаква намера да прекинете никого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Денеска прекинувам секого. Вчера на сите ви дозволив рамноправен третман.

СПИРО МАВРОВСКИ:

А што е од вчера до денеска работата? Дали не сме на истата точка или преминавме на некоја друга, па јас не сум тука?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, благодарам.

Еве, ќе кажам само со бројки.

Кажувате дека 23% е зголемена наплатата. Пред мене има една Одлука од ЕСМ, потпишана од генералниот директор Панде Лазаров во која што стои:

“И покра постојните укажувања за зголемување на наплатата на електрична енергија која значи живот за нормално функционирање на нашиот систем, резултатите се под очекувањата, односно разочарувачки.

Би сакал да ве известам како најодговорни луѓе во вашите подружници дека, во колку и во идниот период продолжи ваквиот тренд ќе ги преземам следните мерки за подружниците со слаба наплата”.

Зголемената наплата во сите градови изнесува: она што значи Дистрибуција Струга, за кое што слушнавме многу пофалби во текот на вчерашниот ден Дистрибуција Струга сега има 2% помала наплата отколку до 2002 година. Исто се случува со Дистрибуција Велес со 10% помала наплата, Охрид со 2% помалку, Скопје со 3% помалку и Гостивар со 5% помалку. Во меѓувреме во однос на тоа што значи успешно работење и како фирмата понатаму успешно да работи се случуваат работи што јас само сакав да ги најавам вчера, но сега ќе морам и да ги кажам заклучоците по кои што ќе треба ова претпријатие и како што кажавте консултантот на ЕСМ да реагира според овие податоци што тие ги добиваат од нашиот Управен одбор, нормално дека функционираат и се договараат со нив. Тоа што значи, дека директорите на подружниците да ја проверат информацијата кој вработен од подружницата плаќа а кој не плаќа редовно сметки..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Втор пат ве опоменувам господине Мавровски да се држите до точката на дневниот ред. Третиот пат ќе ви го одземам зборот.

(Пратеникот Коце Трајановски бара збор процедурално).

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сметам дека се обидувате да ја замолчите опозицијата. И, ако добро го погледнете законот ќе видите дека и во неговите образложенија, едно од образложенијата е подобрување на наплата и слично со продажба на Електростопанство на Република Македонија. И ако сметате дека ние не треба да зборуваме за тоа кажете да ја напуштиме седницата, па донесете си го законот без никој ништо да слушне.

Сега, господинот Спиро Мавровски сака да ви објасни дека и до сега наплатата на електричната енергија не е онака како што е. Значи во контекс на законот е и на образложението во законот. Сега можам да ви ја најдам и точката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно. Нека објасни господинот Спиро Мавровски како ќе се подобри наплатата врз основа на овој закон, а не да се враќа назад.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не можете вие сега да кажувате како да го конципираме нашиот говор претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, тој чита таму разни писма и наредби што ги добил незнам од каде. Тоа не е никаков, во рамките на точката на дневениот ред. И тоа спомнува имиња. Затоа втор пат предупредувам да се држите до точката на дневниот ред. Трет пат ќе ви ..

Повелета господине Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе ви објаснам. Цело време, за да се донесе законот кажувате дека наплатата е многу слаба, дека ако ние го приватизираме дека ќе дојдеме до една наплата која ќе биде феноменална.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објасни го тоа како со приватизација ќе дојдеме до поголема наплата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Претседателе, ќе ви објаснам многу работи. Се работи за закон за енергетика, но ова што го гледам пред мене воопшто не е закон, јас го кажав моето мислење и вие како претседател и министерот кој не го гледам денеска тука дека ќе го повлечат овој закон и ќе поработат малку на него, затоа што со еден член повторно се обидувате да го продавате "Електростопанство на Македонија" и тоа само со еден член во кој кажувате дека може со одлука на Владата на Република Македонија и со договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Оваа дискусија ја прифаќам, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Тоа да го прифатите ќе прифатите и се друго, само ќе дојде време, а сега можете колку сакате да докажувте, затоа што ако вие некого сте избркале поради структурални промени за кои денеска говориме и во меѓувреме пред мене имам решенија и одлуки во кои вие ангажирате адвокати господине претседателе ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кои се тоа вие, ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Незнам кои сте вие, бидејќи се наоѓате во улога на бранител ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, јас не се наоѓам во улога на бранител, јас само сакам да се почитува Деловникот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

А се трудите да ја прекинете дискусијата, а незнам зошто, но ќе ви кажам. Со Одлука број 02-6899/21/3 од 16 септември 2003 година се одобрува да се ангажираат адвокати за застапување пред судовите по предметите за престанок на работен однос, со отказ, поради економски, структурални и слични промени во АД "Електростопанство на Македонија" во државна сопственост - Скопје од кои двајца за судско подрачје на Скопје, двајца за судско подрачје на Битола и двајца за судско подрачје Кичево.

За работата на адвокатите од точка 1 од оваа Одлука, да се исплаќа месечен надоместок во износ од 45.000,оо денари ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, ова е далеку од законот, ви го одземам зборот.

Повелете господине Драган Георгиев.

Повелете процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барав да ви кажам, се обидов и најдов во образложението на страница 3 по точка 5 пишува и потточка 3 "Подобрување на наплата и намалување на загуби".

Господинот Спиро Мавровски се обиде да образложи каква е наплатата и што таа ќе значи и ќе влијае на приватизацијата. Вие, сметам дека крајно не објективно нон - стоп се обидувате да му упаднете во збор и конкретно кога зборуваше за наплатата. Сметам дека на овој начин сакате тотално да не замолчите, тоа е повеќе од очигледно, сметам дека треба да дозволите да се искажеме за вака значаен закон, со кој сакаме да продадеме еден од најголемите капитали во Република Македонија  кои се проценува на повеќе од 4 милијарди долари или евра, како сакате и мислам дека треба да ни дозволите да говориме еден ден, два дена, колку што сметаме ние дека можеме да кажеме во врска со овој закон. Ако вие сакате да ги конципирате нашите говори, тогаш дајте да направиме координација пред седницата, па дајте ни текст за дискусија. Вака, на овој начин, не оди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас господине Коце Трајановски воопшто не ви забранувам, ниту имам намера да ви попречам да зборувате за законот и 10 дена и година дена и две години ако имате што во врска со законот, но да зборувате за нешто што нема врска со законот, а вие мислите дека има ..

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Како нема врска наплатата, погледајте го, еве го. Ќе ве молам погледнете го законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ви реков вчера имав рамноправен третман спрема сите пратеници и од позиција и од опозиција, денеска не дозволувам да не се зборува во врска со законот. Адвокати, неадвокати, дали биле ангажирани или не, тоа нема врска со законот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се е во контекст на законот, погледнете го образложението. Во образложението е многу јасно дадено за што да дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, во образложението е дадено зголемена наплата врз основа на овој закон дека ќе се постигне, објасенете ми го тоа како врз основа на овој закон ќе се зголеми наплатата, тоа е дискусијата во врска со овој закон.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние не сме ваши ученици.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А не  адвокати и правници што биле ангажирани и се читаат наредби за некои си закани, кај директори на локални експозитури на “Електростопанство на Македонија”.

Повелете господине Драган Георгиев, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барам пауза од еден час, за да се договориме како да продолжиме со дискусијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Давам пауза од 30 минути во име на пратеничката група

(Пауа од 11,10 до 11,40 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ќе продолжиме ли господине Мавровски?

СПИРО МАВРОВСКИ

Повторно не го гледам министерот тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, ќе дојде.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, би сакал да кажам неколку збора во однос на она што беше негово излагање по вчерашниот мој говор тој се јави и кажа многу работи, јас имав можност во три минути да му реплицирам, но во секој случај би сакал нешто повеќе да проговорам со бројки за она што тој го кажуваше и во однос на факти кои се кажани за приватизацијата и за она што говореше за претходната Влада, за сегашната Влада и за се како што функционирало.

Значи, кажува дека процесот е почнат од претходната Влада, консултантот кој не советува, кој ни дава памет е токму консултантот кој е избран исто така од претходната Влада. Ова се зборови на министерот. Понатаму зборува дека се спомнува дека се задолжува “Електростопанство на Македонија” со 45

милиони евра кредит што треба да се земе од Европската банка за обнова и развој. Ве молам, истиот тој договор односно отпочнати преговори со претходната Влада со Европската банка за обнова и развој која влегува во предприватизационен процес каде се даваат 45 милиони евра кои, доколку се приватизира “Електростопанство на Македонија” во тој случај ќе има дел од своите акции, а доколку не се приватизира, во тој случај значи дека тие средства ќе треба да се вратат и за користење на овие средства постои одредена терминска динамика, одредени услови кои треба да ги исполниме за да овие средства се земат.

Сето ова што го говори министерот апсолутно не соодветствува со вистината, затоа што тука се колегите пратеници од позицијата кои тогаш токму за овој кредит од 45 милиони евра за предприватизација се расправаше денови и денови и тука завршија сите парламентарни седници се до наредните избори и два месеци после тоа едноставно Собранието не работеше и сето ова не е донесено. Но, сега како ние ќе можеме да објасниме на граѓаните дека всушност ова е она што Владата на господинот Георгиевски во 2002 година сакаше да го направи, но еве не можеше, тогаш што беше запрено господата од позицијата сега се горди дека го спречиле, а сега се уште погорди, покрај тоа што зборот горди во христијанството поретко треба да се употребува, во секој случај се уште погорди дека денеска ќе го донесат овој закон, со кој толку жестоко се бореа против него само за предприватизација, а сега ќе добијат закон со кој ќе можат во членот 7 и да го приватизираат “Електростопанство на Македонија”, со една одлука на Влада.

Сега, што се случува и како се случува, мислам дека очекував тие господа пратеници кои тогаш беа толку елоквентни и толку жестоко се бореа за да го одбранат овој закон, очекував дека денеска барем еден од нив ќе стане и ќе образложи кои се промените и она што се случи во Република Македонија за овие 18 долги месеци што сега Република Македонија е толку подготвена посебно “Електростопанство на Македонија” да стигне во фаза на приватизација, да стигне во фаза да биде продадена со одлука на Влада. Таква работа сеуште не слушнав и по она што гледам дека воопшто нема пријавени од господата од позицијата, се надеваат дека на овој начин молчејќи ќе дојде време кога ќе кажуваат еве, уште еднаш ние сме говореле на некои тиради дека ние едноставно говориме само за нас, не да говориме за законот и да се заштитиме, а тие врз основа на ова што го направи Владата на господинот Георгиевски ќе ја направат оваа приватизација. Значи, се што не чини почнува сигурно во тој период, се што е завршено, завршува со едни прекрасни решенија кои ги носи сегашната Влада и ние само треба да

бидеме горди дека сме дел од донесувањето на тој закон, значи, целиот Парламент и покрај тоа што кажав дека и министерот добро знае, бидејќи во членот 4 се спомнуваат трговските друштва и тој добро знае дека апсолутно оваа расправа во текот на овие два дена, ако се работи за реструктуирање, апсолутно не ни е потребна, немаме потреба од таква расправа, затоа што Владата можеше тоа да го донесе со одлука и денеска да имаме наместо две можевме да имаме три вакви единици. Значи, да го имавме преносот, дистрибуцијата и производството.

Сега, во говорот на министерот слушнав дека тоа ќе биде до крајот на оваа година дистрибуцијата да се оддели од преносот, тоа е начинот на кој понатаму ќе функционира оваа Влада и ќе го најде начинот како да се изврши приватизацијата, а во неговиот воведен говор каде говореше во односн а приватизацијата која кажав во законот е третирана само со еден член, тој го кажува ова, ќе цитирам: “Директивите и законодавството на Европската унија не даваат насоки или ограничувања по ова прашање што се должи на фактот дека во една правна држава сопственоста сама по себе нема влијание врз функционирањето на пазарите”.

Значи, сето ова што го кажа министерот едноставно не се даваат ни насоки, ни ограничувања, ниту се кажува нешто дека ние треба толку брзо сето ова да го направиме, се додека не сме подготвени затоа што во самите одлуки каде кажав дека самиот министер ги потврдува во говорот, каде се говори за имотно правните односи и регулацијата на овие имотно правни односи, едноставно многу ситуации не се дефинирани, она што го знам дека одредени објекти воопшто не постојаст во тие катастарски листови, да не говорам за правното поседување и кој е владетел на одредени објекти.

Господинот министер си дозволи да ни ја каже динамиката на ова што го планира Владата, да го имплементира реструктуирањето почнувајќи од 1 јули 2004 година во периодот кој ќе следи во соработка со советникот на Владата на Република Македонија ќе се изготви модел и стратегија за приватизација. Значи, ќе се изготви моделот и стратегијата за приватизација, ќе се изврши вреднување на капиталот и ќе се подготви потребна документација за имплементација на приватизацијата на АД “Електростопанство на Македонија” која ќе отпочне на почетокот на 2005 година со цел да заврши до крајот на истата година.

Ова е цитатот од господинот министер и неговото обраќање пред Парламентот, значи тој многу јасно кажува што и како, спомнува шест месеци кои никаде не се спомнати во случајот колку што можам да бројам почетокот на 2005

година, ако сега сметате дека е почеток на 2004 година оти така одат работите, би било повторно за шест месеци да се приватизира “Електростопанство на Македонија”, тоа би било крајот на 2003 година претпоставувајќи дека 2006 ќе биде изборна година и овие пари добро би дошле или дел од ова ако може да се направи во текот на оваа година тие 200 милиони што ги вети претседателот на Владата Бранко Црвенковски за еден бум изгледа единствено е продажбата на “Електростопанство на Македонија” и гледајќи дека производството во моментот е паднато за 45%, едноставно друго решение нема. Значи, решението е да го направиме ова што побрзо, што поскоро и што “транспарентно”, како што не убедувате, дека го правите.

Понатаму, министерот говори дека се отпочнува со процесот на отстранување, односно продажба на несуштински делови на “Електростопанство на Македонија” како што се ресторaните, хотелите, како што беа фабриките за производство на одредени делови, ремонт, еден од тие има во Битола, се рботи на големо во тој дел.

Господине министер, при продажбата на ваквите објекти мислам дека повторно не се земени во предвид апсолутно вработените во “Електростопанство на Македонија”, затоа што голем дел во изградбата на овие ресторани, хотели е учествувано токму со нивните лични доходи, со откажување од платите и се она што значеше работење на  Комбинатот “Електростопанство на Македонија”.

Фабриките за производство на опрема и делови како што е во Битола, едноставно беа изградени и фунционираат заедно со рудникот и со термоелектраната. Нивната посебна намена во Република Македонија е во 90% да ги сервисираат потребите на овој голем комбинат.

Со ова што сега сака да се прави, со ова што го прават раководителите или директорите или менаџерскиот тим на тие фабрики за опрема и делови принудувајќи ги вработените да работат работи кои апсолутно не соодветствуваат со нивните работни места, значи директно ги вклучуваат во погоните на “Електростопанство на Македонија”, а во сопствените погони вработуваат луѓе со договор на дело, мислам дека воопшто не е во ред и дека начинот на нивната приватизација не треба така бегло како вие демек се ослободувате и час поскоро тие објекти да бидат продадени по никакви цени и да стигнат до рацете на менаџерските тимови кои се обидоа во 1998 година имаше обид за ваква трансформација да го направи “Електростопанство на Македонија”, беа одделени хотели, ресторани и се останато што се смета за додатен објект во

Елекростопанството, но гледајќи колку би било скапо сето тоа со договори да го направиме, повторно истите објекти се вратија под капата на “Електростопанство на Македонија'.

Понатаму, министерот говори за Регулаторната комисија. Регулаторната комисија ваква каква што е донесена, вие многу добро одговоривте вчера на едно прашање дека еве Владата повеќе нема апсолутно никаков интерес во однос на цените на електричната енергија, дека сето тоа ќе треба да го прави Регулаторната комисија, но и при формирањето на Регулаторната комисија во нашите разговори во Парламентот кажавме и тогаш дека во неа учествуваат луѓе кои едноставно многу малку имаат искуство во однос на она што значи регулирање најмалку затоа што сепак тоа е еден нов процес за кој ќе требаше да се постават експерти, јас мислам дека луѓето што се таму, апсолутно не содејствуваат, не би сакал поименично да ги именувам кој, што и колку ќе работи, затоа што и нивниот извештај и побарувањето од Парламентот за милион марки за нивната работа во текот на оваа година, вработување на наредни 15, 20 или уште колку вработени, а ќе треба да вработат сигурно меѓу 50 и 100 луѓе, ако сака таа Регулаторна комисија да функционира и да има задача, односно да ја испони задачата за која е формирана од Републичкото Собрание, мислам дека таква работа сеуште немаме и дека таа Регулаторна комисија со изјавите на нивниот директор при изградбата на ХЦ “Матка” еве со почетокот на изградбата дека електричната енергија ќе треба да биде покачена и последната изјава дека се чека завршниот извештај на “Електростопанство на Македонија” и после тоа Регулаторната комисија ќе каже дали електричната енергија во Република Македонија ќе биде покачена или не.

Во едни расправи тука во Парламентот, јас не ги гледам повеќе од левата страна двајца министри кои беа токму за економија и финансии со кои се споревме и расправавме во однос на овие регулаторни комисии, во однос на она што требаше да значи “Електростопанство”, мислам дека едноставно не сфатија дека она што треба да се направи за “Електростопанство на Македонија” да се вклучи во овој систем на работење и во овој систем на пазарот на Југоисточна Европа е нешто повеќе од ова што го нудите во овие 10 члена.

Вие говорите за Романија но треба да знаете дека и сега системот во Романија функционира со тоа што дистрибутивните мрежи имаат наплата 99%. Вие говорите дека сега како што работи Електростопанство, и кажувате неколку примери и тоа дека наплатата во 2003 година во однос на 2002 година е зголемена за 23%. Јас пред малку се обидов, господинот претседател мислеше дека сум надвор од

контекст, но мислам дека пратениците го слушнаа тоа, се надевам и вие и покрај тоа што бевте надвор од салата, слушнавте колку е таа наплата и колку на некои места дури е намалена во однос на она што значеше претходно собирање на наплатата и покрај тоа што беше војна, и покрај тоа што беше работа која што не би требало така да заврши. Во меѓувреме работењето за кое што сите кажуваме дека Електростопанство оди по една нагорна линија, дека имаме поголемо производство вие тука се нафрлате на фактот кој што не ви е познат, огромни манипулации имало за потрошувачката на мазут да биде намалена дури за 62%, но јас ве уверувам, а вие проверете ги малку подобро документите кои што стојат во Електростопанство, да се наведе кој е раководен тим и можете да ја видите калоричната вредност на јагленот 2002 година, 2003 година и која е причината за користењето на тој мазут. Што ќе биде понатаму вие претпоставувате и за вас е смешно како може да се троши повеќе јаглен од она што трошат електраните.

Господине министер во текот на една година се трошат околу 6 милиони тони јаглен, тоа зависи само од калоричната вредност на јагленот, но доаѓаат ситуации кога не ќе може рудникот да задоволи таков капацитет од 6 милиони за да можеме да идеме во една завршна фаза и ова што зборувате дека се направени некои заштеди од 2 милиони евра во однос на ископот господинот советник Черепналковски беше токму во РЕК Битола кога имаше една катасрофална ситуација, а кој што тогашниот министер го ангажира да остане неколку дена во Битола затоа што ситуацијата водеше кон тоа да се разруши рудникот. Значи дел од стабилноста едноставно со тоа што вие ќе заштедите 2 или 5 милиони утре може да се случи да потрошите 50 милиони и повторно да бидат малку за да можете да стигнете во ситуација да исправите.

Исто така кажувате дека се работи многу интензивно на отворањето на рудниците и тоа ќе биде скоро, но јас не знам колку ви е познато колку треба за еден рудник да се отвори, а со ваквиот начин и ова што го добив како одговор што и како е направено апсолутно не сме ни блиску до отворање, а не да кажеме дека наредната година или за две години рудникот ќе почне да работи и ќе се донесува јаглен во кругот на РЕК Битола. Мислам дека тоа се некои илузии и ако вака се продолжи мислам дека наредните 6 години јагленот не ќе може да биде донесен.

Кажувате нешто дека ќе го деполитизирате менаџментот, ќе се случат некои други работи кои што едноставно би било добро да е сето тоа така, но самите реакции, самиот начин на функционирање на оваа Влада, исклучувањето на повеќе од 1100 вработени и тоа сите оние кои што беа вработени во тој период од 4 години

мислам дека нема да донесе апсолутно ништо позитивно и далеку е од деполитизирање. Затоа господине министер ќе треба многу повеќе работа пред се во делот на Електростопанството за да стигнеме до она што ќе значи продажба на Електростопанство. Мораме да дефинираме работи кои што ќе бидат јасни за секого, во моментот не се јасни. Кажувате дека е сето тоа транспарентно, а верувајте ми дека воопшто не е транспарентно и начинот на кој што ова сакате да го направите апсолутно не е во ред. Значи имаме ситуации кои што со овој закон, и понатаму стојам и цврсто сум убеден дека начинот за реструктуирање можеме да го решиме и покрај тоа што воопшто Парламентот не треба да расправа за оваа работа, затоа што тоа е директно работа на Влада, тоа е АД друштво, на трговски друштва така да тука се замараме и сите заедно трошиме многу енергија за нешто што можевте да го решите само во еден момент, а начинот на приватизација во Електростопанство е нешто друго, за кое што требаше да седнеме да се договараме повеќе време и да донесеме некои решенија. Ваквиот начин апсолутно не е во ред и мислам, повторно апелирам до вас да го повлечете овој закон и да прифатите нешто од амандманите, законот да се носи во две фази, реструктуирање и приватизација која што ќе ја спремите на начин каде што ќе ги дефинирате сите овие работи, а не да кажувате дека менаџерскиот тим во текот на месец јули ќе почне со работа, како што кажувавте пред изборите дека тоа е завршено, па ќе почне со работа после првите 100 дена, после првите 500 дена и уште нема почнато со работа. Затоа уште еднаш ќе ве замолам да се повлече сето ова и да се концентрирате точно на првиот дел, а тоа е реструктуирање на Електростопанство на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:
Молам, дали некој друг бара збор?
Има збор господинот Драган Георгиев.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Господине претседател, членови на Влада, почитувани пратеници,

Предлогот на законот за преобразба на Електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична едергија во државна сопственост подразбира реструктуирање и приватизација на најголемото друштво во државна сопственост со околу 9 илјади вработени. АД Електростопанство на Македонија е всушност целиот електроенергетски систем во нашата држава и тој има огромно значење во стопанството на Република Македонија и било каква

статутарна промена во ова друштво ќе мора да се изврши најтранспарентно, ефикасно и рационално бидејќи има големо влијание врз економскиот и социјален амбиент во државата.

Сите промени кои ќе се вршат во АД Електростопанство на Македонија вклучувајќи ги и статусните промени на друштвото се во надлежност на Владата на Република Македонија која што во исто време е и основач на АД Електростопанство на Македонија и според постојната законска регулатива можеше да бидат извршени без донесување на посебен закон од страна на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа предностите кои што ги нуди донесувањето на закон во Собранието на Република Македонија за реструктуирање и приватизација на Електростопанство на Македонија ќе ги наведам во понатамошниот дел на дискусијата.

Реструктуирањето односно трансформацијата на Електростопанство на Македонија и евентуалната приватизација се наметнува како потреба во опкружување на отворен регионален пазар на електрична енергија чија движечка сила е токму Европската унија и нејзините земји членки. Имено согласно директивата за внатрешен пазар со електрична енергија на Европската комисија 9692 сите земји членки на Европската унија се задолжени односите во електроенергетскиот сектор да ги прилагодат во правец на формирање на заеднички либерален пазар на електричната енергија и негово отворање и проширување. Во таа насока и земјите и земјите од Југоисточна Европа меѓу кои и нашата земја на 15.11.2002 година во Атина потпишаа меморандум за разбирање во правец на наведените определби. Согласно обврските кои произлегуваат од Атинскиот меморандум пазарот на електрична енергија во регионот треба да биде целосно либерализиран во склад со директивата 9692 до крајот на 2005 година.

Со формирањето на регионални пазари на електрична енергија и нивната интеграција со внатрешниот пазар на Европската унија се создаваат услови и обврски за пазарно стопанисување и конкурентни односи помеѓу сите субјекти во електроенергетскиот сектор. Оттука се наметнува потребата од рационализирање на трошоците за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија за што поуспешно приклучување кон глобалните енергетски трендови, како што се на пример постепена замена на примарните типови фосилни горива со користење на природен гас, посебно внимание и грижа за обновливите типови на енергија, грижа за влијанието на конвенционалните енергетски технологии врз животната средина и

други при што се наметнуваат и нови специфични критериуми и потреби за насочување на инвестиционите текови во електроенергетиката.

Во оваа насока е и процесот на реструктуирање и приватизација на Електростопанство на Македонија кој што процес е присутен повеќе години во развиените земји и земјите во транзиција со што и електроенергетските компании ќе треба успешно да опстојуваат на отворениот пазар на електрична енергија.

Во предложениот закон правно се уредува реструктуирањето на АД Електростопанство на Македонија со поделба на друштвото на акционерски друштва во државна сопственост и тоа:

Првото друштво АД за производство, пренос, дистрибуција и снабдување со електрична енергија или скратено АД ЕСМ, а

Второто оператор за електропреносниот систем на Македонија АД за пренос електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост или со скратено име АД МЕПСО.

Понатаму, во Предлогот на законот е опфатено и основање на трговски друштва од страна на новите друштва кои се произлезени од реструктуирањето. Во овој дел е уредена и поделбата на средствата, правата и обврските кои ќе се реализираат преку планот за поделба.

Овој процес на реструктуирање е сложен, обемен и осетлив и истиот треба да се организира согласно економските услови и објективните карактеристики на електроенергетскиот систем во нашата држава.

Овде треба да се напомене дека успешното реструктуирање би обезбедило чисти економски односи помеѓу производството, помеѓу дистрибуцијата и преносот и управувањето со електроенергетскиот систем што би придонело за унапредување на економичноста и стабилноста кај ново настанатите субјекти. Многу појасно ќе биде кој дел од АД Електростопанство на Македонија работи рентабилно, а кој не е профитабилен.

Ова реструктуирање ќе овозможи пореално организирање и согледување на целокупните работи на АД Електростопанство на Македонија што ќе биде неопходно за соочување со надворешната конкуренција од регионалниот пазар на електрична енергија со крајна цел Електростопанство на Македонија да се развива во компанија која ќе може да се натпреварува и опстојува во отворена и многу поконкурентна пазарна средина. Овде ќе го посочам примерот за разлижни резултати од работењето на соодветни електродистрибуции на Електростопанство на Македонија во однос на наплатата и во однос на загубите на електрична енергија.

Просечниот процент на наплата за 2003 година односно фактурираната електрична енергија од 31.12.2003 година и наплатената се до 31.01.2004 година изнесува 70,73% со пренесени салда од минатите години додека вкупните загуби на електрична енергија за периодот од јануари до декември 2003 година изнесува 1306 милион киловат часови што во однос на вкупно преземената електрична енергија претставува 16,2%. Тоа се големи загуби на електрична енергија и овде треба да се изнаоѓаат начини за намалување на истите.

Посебно сакам да го истакнам тоа што одредени електродистрибуции кои што имаат позитивно работење односно процентот на наплата кај нив е над 80, па и над 90% кај истите имаме позитивни резултати и по однос на загубите на електрична енергија однос има доста мали загуби на електрична енергија. Таков е примерот со Берово, Делчево, Виница и други електродистрибуции каде што загубите на електрична енергија се дури под 10%, а во исто време процентот на наплата е дури над 80 или над 90%.

Во овој период на реструктуирање и приватизација ќе бидат посебно значајни активностите кои ќе се одвиваат во однос на одржувањето на сите производствени капацитети во максимално добра состојба со постојано тековно инвестиционо одржување, како што се изведување на ремонт и завршување на ревитализација на хидроелектраните и слично, подобрување на наплатата, намалување на загубите при што ќе се придонесе за сигурно, трајно и доверливо снабдување на сите корисници на електрична енергија по неповолни цени.

Во членот 7 се утврдени начините на приватизација на АД Електростопанство на Македонија и на новите друштва основани од него. Утврдена е можноста за продажба на дел или на сите акции на АД Електростопанство на Македонија во една или повеќе трансакции преку тендерска постапка со преку преквалификација одредена со посебна одлука на Владата на Република Македонија.

Овде сакам посебно да истакнам дека Владата на Република Македонија треба да биде многу внимателна при групирањето и продажбата наусловно кажано интересните и помалку интересните капацитети кои се однесуваат на производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија. Не смее да ни се случи да бидат продадени само најпрофитабилните и најдолгорочни капацитети на соодветните стратешки инвеститори додека капацитетите што се прилично застарени, амортизирани и неинтерсни да останат настрана во процесот на приватизација. Од тоа многу ќе зависи колку потенцијалниот инвеститор ќе се впушти во

ревитализација на постоечките производствени капацитети притоа зголемувајќи го производството на електрична енергија во земјата што би претставувало императив за успешност во рамките на електроенергетиката во нашата земја. Само на тој начин би се намалил увозот на електрична енергија од страна на Електростопанство на Македонија кои што во 2003 година изнесуваше 950 гигават часови.

Овде треба да се напомене дека хидроцентралите што ги имаме Маврово, Глобочица, Тиквеш, Шпиље и други се многу вредни вредни средства но по големината на производството на електрична енергија се доста скромни. Хидроелектраните во 2003 година остварија производство од 1370 гигават часови електрична енергија односно 22% од вкупното производство на електрична енергија и тоа благодарејќи на многу поволното хидролошка година. Производството во термоелектраните во 2003 година учествуваше со 78% од кои само РЕК Битола учествуваше со 72% односно произведени 4541 милион киловат часови во 2003 година, меѓутоа времетраењето на производството во термоелектраните зависи од резервите на јаглен кои што се ограничени.

Позитивна е одредбата во членот 6 во кој е утврдено дека процесот на преструктуирање на АД Електростопанство на Македонија не може да биде на штета на побарување на трети лица кон Електростопанство на Македонија по било која правна основа.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Тоа е коректно кон сите субјекти побарување од АД ЕСМ и нема да зависи од тоа кој ќе биде идниот сопственик. Во овој предлог на закон е утврдено правата на АД ЕСМ, дозволете одобренијата и други акти сврзани со вршење на дејноста по реструктуирањето на АД ЕСМ да бидат пренесени на новите друштва, што произлекуваат од реструктуирањето. Притоа не се предвидени ограничувања во пристапот и работењето во таа насока. Предложениот закон создава законска основа за идна приватизација на АД за производство и дистрибуција и снабдување со електрична енергија и со тоа ги гарантира првата на идните инвеститори.

Исто така, во процесот на приватизација Владата на Република Македонија ќе треба да изнајде заштитни механизми во однос на висината на цената на електричната енергија што е особено важно за состојбите во стопанството и за сите граѓани во Република Македонија.

Владата во тој контекст има право да создаде една или повеќе акции, така наречени златни акции во Електростопанство на Македонија, или во одделни субјекти кои ќе произлезат по реструктуирањето и со тоа да се овозможи

дополнителни права за зачувување на јавниот интерес во постапката на приватизација.

Во членот 7, оставена е можноста Владата на Република Македонија да има право да го определи процентот на бесплатни акции за вработените во друштвото, вработените на кои им престанал работниот однос и пензионираните работници на поранешното претпријатие.

Овде е посебно важно да се каже и да се истакне дека Влдата на Република Македонија треба позитивно да се произнесе по ова прашање, притоа имајќи во предвид дека во процесот на создавање и зголемување на вредноста на капиталот на АД ЕСМ директно учество имале вработените на друштвото.

Во иднина, политиката не треба да се меша во политиката на определување на висината на цените и наплатата кон одредени потрошувачи, како што се примерите со ФЕНИ, Југохром и други и овој процес на реструктуирање и негова евентуална приватизација, секогаш треба да се води грижа за работното ангажирање на сите в работени во друштвото, притоа, зачувувајќи го вкупниот број на вработени барем во наредните пет години по приватизацијата, предвидувајќи го тоа во договорите со идните инвеститори.

Процесот на реструктуирање и приватизација, потребно е да се изврши најтранспарентно, внимателно, притоа користејќи ги искустсвата од земјите во нашите региони и пошироко во Европа, вклучувајќи ги притоа директно и стручниот и исккусен кадар, кој што го имаме во редовите на АД Електростопанство на Македонија.

Ви благодасрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Ѓорѓиев.

Повелете господине Насуфи имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам г-дине пртетседател. Мислам дека прашањето кое вие го именувавте преобразба, јас мислам дека пристапот би бил малку поинаков од преобразба, бидејќи преобразба значи да направиуш внатрешни измени и во суштина пораката е да ја направиме преобразбата на капиталот. И секоја преобразба на капиталот во суштина треба да се проследи со една прецизност, со една јасност, како законска, така и економска и компаративна.. Во суштина, преобразбата на државниот капитал во приватен капитал, како што е случајот сега со Електростопанство, ние не ја откриваме Америка овде, и со оваа форма

предложена правиме неколку исклоучоци од меѓународната практика која за жал, може да ја продолжи агонијата на судбината на државниот капитал во Електростопанството. Вистина е дека речиси по цел свет јавните сегменти како што се поштите, телекомуникациите, железницата, електростопанството, се неопходни процеси кои од државна сопственост, кај нас и посебно бидејќи имаме теорија што не ја познава општествената сопственост, тоа е кај нас, значи, ова се преобразува во приватен капитал.

Зошто се прави ова. Ова е поради две причини. Поради политички причини, со оглед на тоа дека во постоењето на државната сопственост, државата или институциите создаваат моќни центри на владеење на самата власт и на тој начин ја задушуват демократијата и одллучувањето на граѓаните. Додека вториот аспект е аспектот на економските ефекти, бидејќи историјата покажа дека државната сопственост или таканаречениот општествен имот нема никаков вид на перспектива. Уште што побрзо државата треба да се ослободи од имотот, од сопственоста, бидејќи ова е непродуктивно, неефективно, и ова е причината што треба да се направи ова како еден процес и ние ова и треба да го поддржиме.

Со предложениот закон, за жал, се предлага една мешавина која не е транспарентна иако транспарентноста и надлежноста или ненадлежноста се политички принципи и не треба да имаат место во законите. Со ова не се обезбедува ова значајна компонента. Значи, за да имаме еден јасен предлог дека овој закон треба да се обработи, да се надополни и да се прецизира. Два се главни мотиви за кои треба да и пријде Владата на овој начин, на овој Предлог - закон.

Првата причина е таа да знаеме што и зошто се прави преобразбата на имотот, или да се направи преобразбата на имотот од државна во приватна сопственост во утврдена законска постапка и под

два, да знаеме што овде ќе се остави еден дел во државна сопственост, додека другиот дел да се приватизира. Јас овој процес не го разбирам. Средствата од продажба на државниот имот, или општествениот имот, како сакате, обично теоријата на приватизацијата ги има детерминирано во кои насоки треба да се искористат овие средства, а државата ништо нема да изгуби, ако тој имот го продаде во редовна постапка и го продаде со редовна вредност. бидејќи обично секаде во светот од Јапонија, од Англија, или Бразил, или други држави, во текот на приватизацијата на државната сопственост, сите средства се инвестирани во развојот на тие држави. Исто така, на тоа општество и ние овде не треба да кажуваме патриотизам за тоа како да го продадеме ова, или како да го продадеме

она, кога е евидентно дека не можеме да менанцираме, бидејќи има злоупотреби. Бидејќи и од политички аспект има злоупотреби, но ова го има и од економски и од финансиски аспект. Затоа за мене е неразбирлив концептот на селективниот приод на приватизацијата во овој конкретен случај. Ова да го приватизираме, а другиот дел да не го приватизираме секаде практиката укажува и посебно во Електростопанството дека можностите за развој на стопанството преку државата е контрапродуктивно. Додека во овој случај правиме една многу лоша услуга. Во која насока? Бидејќи ако направиме една ваква селекција вредноста на електростопанството ќе изгуби, или на одреден сегмент ќе падне вредноста на пазарот. И за ова треба да носи одговорност и Владата, или луѓето кои треба да одлучат за ова. Ова е еден од аспектите, но има еден и политички аспект. Јавниот сектор како што е и електростопанството имаат една посебна обврска со Охридскиот договор на кој консистира со тоа дека структурата на вработените треба да и одговори на структурата на граѓаните во земјата. Сега ве молам, го молам и министерот и претставниците на еклектростопанство да дадат една слика на вработените во Електростопанството од аспект на националната структура. Ние имаме обврска на крајот на годината да ги направиме неопходните политички приоди според договорот  тој број да се балансира во духот на тоа што го реков, значи, да имаме повеќе вработени албанци во Електростопанството. Ако го приватизираме овој сектор, како ќе го обврзиме приватното лице утре да го спроведува овој политички договор.

Мислам дека и Владата е незадоволна, или тоа што претендира да го спроведе Охридскиот договор, а овде е видливо дека не се спроведува, напротив, имаме спротивни процеси, како ќе ја реализираме оваа значајна компонента. Затоа, моето размислување е во насока Владата да причека за реконструирањето на Електростопанството, пред да ги спроведува постапките на приватизацијата, да го направи ова балансирање на вработените во Електростопанството, а од тоа во полза на албанците. Бидејќи структурата во проценти, дали е над два-три или 4% незнам, но, неопходно треба да се постигне тој параметар, што сме го поставиле и како политичари, сте го поставиле и вие како Влада со вашите проекти. Но и како општество, затоа ве молам, за овој сегмент да имате посебно внимание, бидејќи Охридскиот договор не се спроведува со пароли, туку се спроведува со конкретни дејствија.

Ви благодарам г-дине претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Блажо Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Сметам дека треба сите ние како пратеници, и како парламент да искажеме едно должно внимание на овој закон, затоа што се работи за еден суштински закон, од кои што последиците, кои што ќе треба да произлезат ќе значат големо влијание врз иднината на Електроенергетскиот систем или на стопанството на Република Македонија  врз социјалната состојба, која што преку имплементацијата на одредбите на овој закон би имала директно влијание преку околностите, кои што ќе се однесуваат на цената на електричната енергија, преку можностите за проектирање на идниот развој на еден инвестиционен циклус во Електростопанство на Македонија, кој што ќе мора да биде во согласност со економските потреби на Република Македонија, или со евентуалните можности за инвестирање во Република Македонија, затоа што факт е дека снабдувањето со електрична енергија претставува основа за секаква активност и на стопански план, меѓутоа, и за секојдневното живеење на секој граѓанин на Република Македонија, на секое домаќинство.

За да може да се зборува за остварување на цели кои што ќе значат позитивен ефект кон иднината на Република Македонија, пред се мора да се има предвид што значи преобразбата на електростопанството на Македонија и што се постигнува со тоа и потоа што значи процесот на приватизација на Електростопанство на Македонија и колку парламентот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија воопшто, македонската јавност се запознати со ефектите и последиците од овие процеси, кои што отпочнуваат со овој закон, а наводно беа отпочнати со отпуштањето на вработени во Електростпанство, затоа што од тогаш за прв пат беше спомнато некакво преструктуирање во Електростопанството на Македонија, иако зад тоа не стана никаков збор, ниту пак нешто се реализира во пракса, туку единствено се работеше за отпуштање на лицата кои беа вработени во период на претходната Влада.

Значи, да не се формализира преобразбата како што е наречена со Законот, или трансформацијата на Електростопанството на Македонија и да не се остави како Парламент, како пратеници, како претставници на граѓаните на Република

Македонија да имаме закон во кој што единствено што правиме даваме бланко доверба на Владата за да носи одлука онака како што таа смета дека е исправна. Сметам дека има неколку аспекти, кои што треба да бидат земени предвид, кога се разгледуваат одредбите на овој закон. Пред се, ова е прв аспект како што го кажав, а тоа е зошто Владата бара бланко доверба од Парламентот да носи одлуки во однос на приватизацијата на електростопанство на Македонија, онака како што таа милува да одлучува и да ги согледува работите само онака како што таа мисли дека е најдобро. Зошто се избегнува учеството и на овој Парламент, зошто се избегнува учеството на стручната јавност, зошто се избегнува учеството на пример на регулатурната комисија, затоа што кога станува збор за определување на цената на електричната енергија, минисерот вели дека тоа е во надлежност на регулаторната комисија, а кога треба да се носи закон директно ги засега работите, кои што се во дирктна надлежност на регулаторната комисија, тогаш сметам дека регулаторната комисија треба да има соодветно влијание и во процесот на приватизација на Електростопанство на Македонија  и претходно во преобразбата на ова претпријатие, затоа што факт е дека електростопанство на Македонија претставува, скоро целина на Електроенергетскиот сектор во Република Македонија.

Значи како што стои во образложениeто, на овој закон, со овој закон се уредува преобразбата на АД Електростопанство на Македонија со раздвојување на Друштвото во две нови друштва во државна сопственост, со што ќе се постигне издвојување на функцијата на пренос на Електрична енергија и управување со Електроенергетскиот систем, заедно со потребната инфраструктура и ќе се создаде законска основа за можна идна приватизација на преостанатиот дел од сегашното интегрирано претпријатие.

Во суштина што значи оваа преобразба? Ние и досега имавме диспечерски центар во склоп на ЕСМ и досега имавме електропренос, кој што се занимаваше со преносот на Електричната енергија. Единствено што се прави со оваа преобразба, се одвојуваат овие две дејности, кои што ги вршат овие две подружници на ЕСМ од сегашното ЕСМ и со тоа се остава ЕСМ во комплетно иста ситуација која што е и денес со што овие две подружници, треба да направат делбен биланс и да видат што претставува нивен имот и на кој начин ќе функционираат да донесат статут и понатаму и така натаму, значи, да се издвојат од управувањето на Управниот одбор на Електростопанство на Македонија и да бидат управувани од сопствен управен одбор, кој ќе биде именуван повторно од Владата на Република Македонија како основач на ова како што сега се нарекува МЕПСО.

Значи целта на преобразбата не е суштинска преобразба на ЕСМ затоа што кога зборуваме за суштинска преобразба, треба да имаме предвид неколку фактори.

Прво, треба да знаеме со што располага ЕСМ, зборувам за имот. Имотот на ЕСМ сеуште не е целосно утврден како сопственост. Имаме ние и други закони и треба законите кои што ги носиме во овој Парламент да бидат во согласност со другите закони кои се однесуваат на тоа на кој начин се докажува сопственоста на имотот.

Имено, за да може, еден објект, една трафостаница или една зграда на ЕСМ да биде изградена за ЕСМ, таа мора да биде запишана во имотен лист во Републичката геодетска управа. Дали е тоа така. Значи вие немате сеуште дефиниран имот на Електростопанство на Македонија.

Вие имате само книговодствено утврдени имотни листи кои што претставуваат евиденција, евиденциони листи кои што се воделе со текот на времето, со теконт на постоењето на ЕСМ. Од овие причини сметам дека првата работа што требаше да се направи и што досега требаше да биде завршена , тоа беше изложувањето на имотот на ЕСМ и утврдувањето на неговата сопственост на Електро стопанство на Македонија, со тоа што сега вие би имале имотни листови и на тој начин вие можете да продавате имот на странски инвеститор, или на домашен или незнам каков инвеститор, меѓутоа само преку утврден имот. Странскиот инвеститор нема да сака да купи нешто што незнае што е негово. Вакви проблеми имаше и во текот на приватизацијата на Телеком, имаше и во текот на приватизацијата на другите стопански субјекти со општествен капитал. Меѓутоа, факт е дека ова претставува, само овој начин претставува сериозен начин за влегување во процесот на приватизација на ЕСМ. Понатаму, што треба да биде целта? Значи целта на овој закон треба да биде пред се создавање на пофункционално, поуспешно електростопанство на Македонија, односно поуспешно остварување на функцијата која што ја има ЕСМ, а тоа е доверливо снабудавање со електрична енергија и на тој начин сигурност во однос на снабдувањето со електричната енергија преку постоење на извори на електрична енергија внатрешни, или електрична енергија од увоз кое што ќе значи континуирано снабдување на потрошувачите со електрична енергија. Знач, овие работи кои што ги кажав сега се однесуваат на тоа што требаше претходно да се случи пред предлагањето на овој закон. Сметам дека сето ова се прави некако многу брзо, а има случаи кои што укажуваат на тоа дека приватизацијата на електро-енергетските системи во државите претставува многу деликатна работа и треба многу внимателен однос во целиот тој процес. Значи, од

носењето на одлука по однос на тоа дали треба да се приватизира ЕСМ како вертикално интегрирано претпријатие, или пак со цепењето на ЕСМ и продажбата на ЕСМ во делови од кои што може да ни се случи некој купувач кој што ќе го купи производствениот капацитет, кој што не е доволно профитабилен за него нема да сака да вложи во производство на електрична енергија, туку многу полесно ќе може да ја увезе таа електрична енергија, а цената на увезената електрична енергија нема да ја плати тој што ја увезува, туку ќе ја плати крајниот потрошувач што директно ќе влијае врз зголемувањето на цената на електричната енергија, односно директно ќе значи удар на стандардот на граѓаните кој што и онака не постои, затоа што за животен стандард во Република Македонија неможеме да зборуваме кога имаме ситуација од 400 илјади невработени, постојани стечајни постапки, затворање на фирми итн. Значи , импликациите ки што ќе произлезат со овој закон можат да бидат многу тешки и за стопанството на Република Македонија и за граѓаните на Република Македонија , меѓутоа и за државата Република Македонија , затоа што со погрешните проценки и погрешните чекори во однос на приватизацијата на ЕСМ нема враќање назад, односно неможат да се поправат грешките кои што би се направиле преку донесувањето на одлуките по однос на приватизацијата. Од овие причини на почетокот на мојата дискусија јас апелирав прво, да имаме транспарентност за што сите викаа, еве и Владата и сите дискусии се однесуваа во тој правец да имаме транспарентна приватизација на ЕСМ. Ако зборуваме за транспарентност , а транспарентноста треба да ја покажеме и требаше да ја покажеме и пред предлагањето на овој закон во овој Парламент и да ги имаме податоците кои што треба да ни дадат аргументи за прифаќање, или неприфаќање на некои одредби на овој закон кои што се однесуваат на преобразбата и на приватизацијата на ЕСМ. Имено, ние немаме никакви податоци, зборуваме за бројки кои што се однесуваат во една конкретна ситуација, кои што се дадени од страна на ЕСМ и кои што зборуваат од една страна за успешна работа на ЕСМ, министерот вели, се зголемува напралтата, се намалуваат загубите, се намалуваат трошоците за работа итн. значи, имаме успешно функционирање на ЕСМ. Ако е тоа така, јас неможам да разберам, а ЕСМ претставува основа на електроенергетскиот систем на Република Македонија , како во образложението за донесување на овој закон стои дека основните мотиви за овој правец во кој што се движи Минисерството за економија, или Владата на Република Македонија , основните мотиви се наоѓаат во незавидните услови во кои функционира системот во овој момент. Тоа што значи? Тоа значи дека треба инвестирање во тој систем, ако условите за негово

функционирање се незавидни, треба инвестирање во извори на енергија , треба инвестирање во пренос на енергија, треба инвестирање во дистрибутивните мрежи. Инвестициите мораат да бидат предуслов за да се доведе ЕСМ во една ситуација, во една кондиција која што ќе биде услов за остварување на интересот на државата кој што го наведувате понатаму, односно продажбата на ЕСМ да претставува значајна финансиска поддршка на Буџетот како ефект од продажбата. Значи, не е целта да се продаде ЕСМ по секоја цена , целта е да се продаде на начин кој што ќе задоволува најмалку три интереси, тоа е почитување на државниот интерес. Второ е почитувањето на интересот на вработените во ЕСМ и трета работа е почитувањето на интересот на граѓаните на Република Македонија , на стопанските субјекти, на потрошувачите на електрична енергија затоа што доколку тоа доведе до нарушување на снабдувањето со електрична енергија како што тоа се случи во Албанија, навистина тоа не претставува никаква придобивка од донесувањето на овој закон.

Како што се наведува во образложението познати се повеќе причини и цели поради кои енергетската политика се насочува кон приватизација на ЕСМ. Значи, за Република Македонија , Владата ги утврдува следните приоритети. Прво, зголемување на ефикасноста на работењето и конкурентноста на енергетските производи и услуги на меѓународниот Пазар. Значи ефикасноста на работењето пред се треба да значи како предуслов да ја има преобразбата, преструктуирањето на ЕСМ, не формалното одвојување на еден дел негов кој што и онака треба сега во секој случај да биде државна сопственост, туку внатрешно преструктуирање што ќе значи подобрување на ефикасноста во неговото работење. За да се доведе до конкурентност на енергетските производи и услуги на меѓународниот пазар вие мора да имате конективни врски, односно да бидете врзани со тој пазар. Значи, основинот предуслов за да може да се насочи ЕСМ како вертикално интегрирано, или како негови делови на регионалниот пазар треба да биде можноста за продажба и пренос на електричната енергија во и од Република Македонија . Меѓутоа, секако дека тоа е поврзано со целокупниот тој процес, тоа не претставува работа која што може да се одвива за краток временски период, меѓутоа може да се земат како искуство, како пример искуствата од некои други земји. Кога се работи за дилемата дали е подобро да се цепка системот, или да остане како вертикално интегрирано претпријатие, може да се земат како лоши приватизации некои каде што се појавило цепкањето на нивните електроенергетски компании на помали делови, меѓутоа како резултат на тој начин на приватизација има навистина лоши

приватизации. Такви се случаите со Словачка, со Чешка и Полска. Истовремено со овој начин може да ни се случи, да ни се повтори Телеком по однос на нивото на ивнестиции, затоа што мора во текот на приватизацијата да има гаранција за инвестициона активност во ЕСМ , а по однос на цените исто така да се случи катастрофален удар врз стандардот на населението.Впрочем еве еден пример да ви дадам, во Словенија се запрени сите преговори за евентуална приватизација бидејќи било согледано дека единствениот интерес на странските инвеститори бил да се купи само она што носи профит. Значи, нетреба да ја поставиме нашата позиција  во однос на што е интерес на инвеститорот, туку што претставува квалитетно идно снабдување со електрична енергија на Република Македонија и на тој начин да обезбедиме едно согледување за импликациите кои што ќе произлезат од приватизацијата на ЕСМ .

И во најновите документи на ЕУ од минатата година не спомнува децидно разбивањето на вертикално интегрираните претпријатија, затоа прашање е колку Владата во целата оваа ситуација, бидејќи со овој закон се дава огромна доверба на Владата  за да носи самостојни одлуки, колку ќе може самостојно да одлучи за постоењето или разбивањето на вертикално интегрираниот систем на ЕСМ, или тоа ќе мора да го направи на начин кој што веќе се гледа на одреден начин во одредбите на овој закон, а кои што се однесуваат на членот 7 кој што се однесува на приватизацијата на ЕСМ. Според сите прогнози што е потребно за да имаме успешен резултат, покрај зголемувањето на процентот на наплата што е неопходен услов за нормално работење на ЕСМ , неопходно ќе биде и зголемувањето на цената на електричната енергија. Вие не сакате тоа децидно да го признаете, меѓутоа, еве јас од оваа говорница ве повикувам да кажете дека како резултат на овој закон последица ќе биде зголемувањето на цената на електричната енергија после завршувањето на овој процес. Ако не е така, слободно демантирајте ме. А ако е така, тогаш треба јавно да кажете  на граѓаните на Република Македонија  што ги чека на крајот, затоа што навистина не треба да премолчуваме и да ги избегнуваме фактите кои што директно ќе произлезат од донесувањето на овој закон.

Исто така, главна работа која што треба  да се случи да имаме квалитетна приватизација на ЕСМ треба да биде намалувањето на загубите на електрична енергија кои што се навистина високи и поставувањето на работењето на ЕСМ на комерцијални критериуми.

Сакам малку да се задржам на членот 7 кој што ги утврдува начините на приватизација на ЕСМ и на новите друштва кои што треба да се основаат од него.

Значи, со овој член се дава можност за продажба на дел, или на сите акции на ЕСМ во една, или во повеќе трансакции преку тендерска постапка со предквалификација , а начинот на кој што тоа ќе се утврди ќе се реализира и одлуката која што ќе произлезе од таа постапка представува одлука на Владата на Република Македонија . Исто така, со овој член се уредува можноста за продажба на малцински пакет на акции со склучување, цитирам, директен договор со меѓународни финансиски институции. Јас незнам зошто и овде во вашето образложение не го наведувате она што го кажавте и пред малку дека овој директен договор претставува на друг начин кажано, договор во четири очи, бидејќи така милувавте тоа да го зборувате. Разликата која е? Разликата е во тоа што овој договор во четири очи што Владата која што го предлага овој закон треба да го склучи, нема да го склучи со инвеститорот, туку ќе го склучи со малцинскиот инвеститор кој што мора да претставува меѓународна финансиска институција. И многу интересно е дека тоа влијание кое што ќе го имал тој малцински пакет на акции кој што би се продал на таа меѓународна финансиска институција немало да има влијание врз донесувањето на одлуките од страна на мнозинскиот инвеститор, односно купувач на ЕСМ. Ве молам, неможете вие пред време да знаете каква ќе биде акционерската структура, дали тој субјект кој што ќе се јави на тендерот за купување на ЕСМ ќе биде составен само од еден субјект или внатре може да се јави како група од повеќе субјекти кои што можат да имаат внатрешни разлики и на тој начин да се доведат меѓународните финансиски институции во ситуација да бидат носители на одлучувачки пакет на акции, иако тоа е малцински пакет на акции заедно со некои други инвеститори. Значи , неможете на овој начин да ги предвидете сите идни состојби во однос на акционерскиот капитал на ЕСМ. Со овој член, значи членот 7 се уредува и можноста за пренос на акции на вработените согласно одлука на Владата на Република Македонија која ќе го определи процентот.

Господа пратеници, јас би ве прашал зошто сите ние 120 пратеници во Парламентот оставаме Владата да може со одлука да ја утврди можноста за пренос на акции на вработените во ЕСМ и зошто ние тоа не го направиме со донесувањето на овој закон. Зошто ние децидно не наведеме дека на вработените во ЕСМ им припаѓаат дел од акциите, колкав дел тоа ќе биде, процентот, тоа може да се утврдува во иднина. Меѓутоа, на тој начин Владата има обврска да им даде на вработените дел од акциите на ЕСМ. До колку тоа не е наведено во законот, оставена е само можност која што може да се случи, или немора да се случи, зависно од моменталните потреби на Владата на Република Македонија . Значи, ако

имате искрена волја за да се прифатат барањата на вработените во ЕСМ , тогаш во овој закон треба децидно да биде наведено дека на вработените во ЕСМ им припаѓаат дел од акциите на ЕСМ. Значи, процентот како што кажав пак ќе го определува Владата на Република Македонија со одлука и на тој начин Владата ги има сите ингеренции од дефнинирање на начинот на продажба на ЕСМ, од дефинирање и носењето на одлука на кого ќе му го продаде, преку можноста преку дирекни преговори да може да продаде малцински пакет акции на меѓународни финансиски институции. А јас незнам зошто воопшто го носиме овој закон со ваква содржина. Да кажеме со една реченица дека приватизацијата на ЕСМ ќе ја изврши Владата на Бранко Црвенковски и на тој начин овој Парламент нема да се мачи да дискутира, еве втор ден на оваа тема, затоа што само така ќе ја лоцираме и дирекната одговорност во Владата, онаму каде што и навистина е. На овој начин само претставуваме покритие за сите активности кои што треба да ги реализира Владата без да имаме и како Парламент никакво учество во идната преобразба, приватизација и целиот тој процес кој што треба да се реализира.

И на крајот сакам уште еднаш да истакнам неколку барања кои што се однесуваат до Владата на Република Македонија .

Прво, Владата да го гарантира работниот однос и после евентуалната приватизација. Второ, вредноста на ЕСМ треба да биде утврдена пред какво и да е реструктуирање, или продажба. Значи треба да видиме колку вреди ЕСМ . Трето, она што го зборував претходно, да се дефинира делот од капиталот на ЕСМ кој што е сопственост, кој што треба да биде сопственост на работниците и тој дел да биде гарантиран со закон. И Владата да се изјасни за политиката на цената на електричната енергија после евентуалната приватизација. Овие одговори ние ги немаме досега добиено од страна на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво, јас сакам да кажам две работи.

Прво, г. Стојановски сакам вашиот говор да го посочам како пример како всушност и треба да бидат настапите каде што се анализира еден закон, нормално тоа е ваше гледање, но закон анализиран од политички, социолошки , економски и друг аспект.

Второ, сакам да кажам дека, би замолил да не се спомнуваат имињата на претенденти, или кандидати за претседател, бидејќи ја кршите директно онаа одлука

што ја донесовме овде за рамномерно застапување. Или спомнувајте ги сите кандидати, или не спомнувајте ниеден.

За реплика се јави г-ѓа Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Колегата во неговиот примерен настап искажа голем број на невистини во врска со законот за кој што сметам дека не сум јас надлежна да одговорам, туку повеќе министерот. Меѓутоа морам да се осврнам на наводната грижа на колегата во врска со акциите за вработените со што покажува социјалистички идеи во рамките на неговата парламентарна група. Имено, доколку Владата на Љубчо Георгиевски се грижеше за акциите за доделување на акции на вработените по бесплатни, или по повластени услови , немаше да го регистрира претпријатието од јавно претпријатие во акционерско друштво. Одкако е тоа направено и одкако ова претпријатие потпадна под одредбите на законот за трговски друштва ускратена е можноста на вработените да им се доделат бесплатни, или повластени акции. Тоа е можно да се направи единствено со докапитализација со посебни средства, посебен фонд за докапитализација на претпријатието.

За да се отстрани овој недостаток, една од причините за донесување на овој закон е токму и тоа, да даде можност, доколку Владата така одлучи, доколку смета дека е во ред, во рамките на приватизационата програма и пакетот на приватизација на претпријатието, се дава можност со овој закон, на вработените да им се доделат повластени акции од главнината на претпријатието, што беше оневозможено со претходната регистрација на претпријатието, во акционерско друштво.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, една минута имате контра реплика господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Многу голема контрадикторност искажа колешката. На почетокот од репликата кажа дека давањето акции на вработените претставува социјалистичка категорија, а потоа вели, Владата доколку одлучи може тоа да го направи. Значи ако и одговара тоа на Владата не е спорно дека тоа може да се направи, а ако ние побараме тоа да биде утврдено со закон, заради  гаранција на акциите што треба да ги добијат вработените како учесници во создавањето на капиталот на ЕСМ, затоа што тоа право им се даде и на сите други вработени во фирмите кои беа приватизирани во

времето на поранешната Влада на Бранко Црвенковски, тогаш навистина не гледам причина да избегнувате и да биде вметнато тоа во рамките на овој закон што го носиме денес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Замир Дика имате процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, ние бевме горе во парламентарната група и имавме неколку повици од нашиот електорат кој не информира дека нема превод на албански јазик од парламентарната седница. Се заинтересиравме малку и мислам дека и вие треба да не информирате што е работата, зошто не се преведува седницата на албански јазик и овде на седницата не се прави превод, исто така. Едното објаснување што го слушнавме ние беше дека не се латени преведувачите. Ние знаеме дека не се имплементира Рамковниот договор и ќе се обидеме ова да го докажеме во изборите. Меѓутоа овој приод укажува несериозност, кога државата игра со албанскиот јазик, има пари овој месец да се платат преведувачите, другиот месец нема пари и нема да се прави превод.

Дали постои можност да ми објасните, ако овој проблем го докажете, ве молам веднаш да ја прекинете седницата и да создадете услови седницата да се преведува на албански јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ќе барам од секретарот да ме информира за тоа, бидејќи ова сега го дознав. Ние овде преведуваме. Не знам за кој превод вие зборувате. Овде во Парламентот постои превод. Превод можеби нема на третиот канал на МРТВ. За тоа не знам во што е проблемот. Значи ние овде во Собранието вршиме превод и од албански и од македонски на албански. Јас за третиот канал навистина не сум информиран зошто, ако е тоа точно. Затоа дајте време. Во меѓувреме ќе работиме, додека добиеме информација.

Добро, сега е 13 часот имаме пауза до 14 часот и ќе добиеме информација.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот).

Повелете имате реплика господине Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас сакам да реплицирам во еден дел на дискусијата од господинот Блаже Стојановски. Тоа е прашањето околу бесплатните акции.

Јас и вчера реков дека се согласувам на вработените да им се дадат дел бесплатни акции онака како што има и предлог од Владата, но при тоа морам да потенцирам една работа дека некои колеги или заборааат што правеле порано, или пак го менуваат мислењето. Нормално е да го сменат мислењето и тоа да го признаат со одредени аргументи. Еве конкретно ќе ви кажам. Господинот Блаже Стојановски беше вработен и дректор во Електростопанство на една од подружниците на Електростопанство. Во 2000 година кога се трансформира Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија во акционерско друштво, она што го спомна и госпоѓата Борозан, тоа подлегна под одредени закони, тоа е Законот за трговски друштва.

А вториот дел во Јавното претпријатие Електростопанство на Македонија е донесен статут на претпријатието. Статутот го донел Управниот одбор. Управниот одбор го сочинуваа претставници на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и вработени од ЕСМ кои што беа исклучиво членови на ВМРО-ДПМНЕ. И сега тие членови, тој Управен одбор донел статут во кој што гласи, ќе ви прочитам:"дека вработените имаат право на бесплатни акции", али во вториот став вели: "акциите од став 1 на овој член можат да се издаваат само од имотот на друштвото што ја надминува основнага главнина со истовремено зголемување на основниот капитал и тоа најмногу во износ од 10% од зголемената основна главнина", што значи господине Стојановски, кога сте биле вработен во Електростопанство ниеден збор, ниту вие, ниту вашите вработени сте ги организирале да се побунат тогаш, бидејќи им сте оневозможиле да имаат право на бесплатни акции. И сега вие се залагате за бесплатни акции и тоа не можам да го протолкувам никако поинаку, него една празна демагогија.

И на крајот на краиштата, со овој предлог што го дава Владата се гледа настојувањето на Владата да обезбеди бесплатни акции за вработените во Електростопанство. Но истовремено Владата ќе се најде во еден правен лавиринт со ова што сте го направиле вие и вашите колеги кога сте го формирале ЕСМ од јавно претпријатие во акционерско друштво. Со вашите одлуки кои што ги имате донесено, вие тогаш сте оневозможиле вработените да имаат право на бесплатни акции. Ова е документ од Статутот на Електростопанство на Македонија. Ако го немате прочитано, слободно ќе ви го дадам. И каде бевте тогаш да ги организирате вработените, да им кажете, да господа, ние не ви даваме бесплатни акции, него

напротив сега. Јас уште еднаш ќе завршам со тоа. Прифаќам да го смените своето мислење, но навистина тоа и  да го признаете и да кажете, а не во зависност од кога сте на власт така да се однесувате. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Основната главнина на Електростопанство на Македонија во 2000 година била колку што била тогаш. Од 2000 година до 2002, Владата на Љубчо Ѓорѓиевски и раководството на Електростопанство на Македонија направи инвестиции кои што наназад години не се запамтени во Електростопанство на Македонија. Значи ако зборуваме за зголемување на основната главница имате многу битно зголемување на основната главница.

Јас ќе ви го прочитам членот 7, последниот став, кој што вели дека приватизацијата на ЕСМ или на друштвата основани од него, може да вклучи и пренос на акции на вработените во Електростопанство на Македонија, соглсано одлука на Владата на Република Македонија. Зошто ви претставува проблем ова “може”. Наместо “може”, да биде “ќе вклучи”. Јас барам сигурност дека навистина вработените во ЕСМ ќе имаат право на акции. Ако тоа ви смета слободно кажете го, немојте да барате оправдувања во 1992, 1993, 1995, 2000 година. Зборуваме за сега, сега носиме закон. Зборуваме за иднинатга на ЕСМ, на електроенергетскиот сектор на Република Македонија. Ако ви смета нешто во 2000 година што било внесено во Статутот, слободно кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Замир Дика, процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, вие ја дадовте паузата и ветивте дека ќе не информирате што се случува зошто седниците не се преведуваат на третиот канал. Дали имате да ни кажете нешто во врска со ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има одредени недоразбирања до МРТВ. И третиот канал не знам дали има пренос. Но во рамките на Собранието Деловникот се почитува комплетно.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе прашањето не е толку едноставно. Секој си ја има својата одговорност. Ние имаме еден неоспорен факт дека гласачкото тело не е во состојба да ја слуша мојата дискусија на албански јазик. Значи нашите дискусии не можат да ги следат нашите слушатели. Ова е нешто сериозно.

Да ве потсетам дека тие што сакаат да слушаат на албански јазик, исто така се претплатници на МРТВ. Директорот на МРТВ сме го избрале ние и не смее на ваков неодговорен начин да се однесува и да го оневозможи нашето гласачко тело да слуша на албански јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На албански јазик ќе слушаат вашите гласачи. Така се изразивте, бидејќи вие зборите овде на албански јазик и тоа ви е дозволено и со Уставот.

Јас не знам во што е проблемот и не ја префрлам одговорноста на секого, но во рамките на Деловникот, во Парламентот се почитува и Уставот и Законот.

Дополнително ќе ја добиете информацијата, во што е проблемот.

Господине Владо Илиевски имате реплика. повелете три минути.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Претходниот дискутант искажа многу контрадикторности од кои ќе се задржам само на една.

Од една страна во извештајот сме напомнале дека АД ЕСМ, во државна сопственост, добро работи во последно време, а од друга страна велиме дека е технички неодржлив системот затоа ќе мора да се приватизира. Навистина господине Стојановски е така. Во последно време ЕСМ многу добро работи. Како прво наплатата е зголемена, техничките загуби се исто така многу намалени, а исто така и доста се инвестира. Меѓутоа, субјективизмите што ги направивте вие во минатиот период тешко можеме да ги отстраниме, така што тој ефект да биде уште поголем не можеме да го постигнеме, според оние планови што ги очекувавме. Така на пример во ваше време имаше многу привелегирани вработени, исто така привелегирани граѓани кои не плаќаа електрична енергија и сега се тоа мора да се сведе на еден краток период каде што таа сума мора да се исплати. Затоа тоа е направено на рати. Дури во ваше време се случуваше да има привелегирани цели населби кои не плаќаа електрична енергија, се со цел политички кампањи. Исто така можам да потврдам дека за целото четиригодишно владеење не беше направена ни

една контрола, дури имаше и привелегирани инкасатори кои за четири години не успеаа, наплатите што ги собираа да ги внесат во касата на ЕСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика имате господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Колега, јас зборував за цената на електричната енергија. Вие имате две можности. Едната можност е да остане статус кво, што значи социјална категорија, а втората е, она што почнува сега, а тоа е потпишувањето на 8 декември минатата година, Атинскиот меморандум од страна на министерот за економија каде што децидно е наведено дека реализацијата на овој процес ќе доведе до зголемување на цената на електричната енергија и таа нема повее да се третира како социјална категорија.

Јас сакам само единствено да кажам зошто ова јавно не го кажува министерот. Зошто се крие од граѓаните фактот кој што е непобитен.

Втора работа, ако имате зголемена наплата, тогаш кажете колку е зголемена наплатата, во било кој дел од државата. Немојте да зборувате, имаме зголемена наплата, имаме инвестиции, а прашајте ги сите оние инвестотори, оние субјекти кои учествуваа во наплатата на електричната енергија, како сега можат да работат и од каде може да ја наплаќаат таа електрична енергија, затоа што ако некој немал пари да плати тогаш, нема ни сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Весна Борозан, имате реплика?

ВЕСНА БОРОЗАН

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелеге господине Дика процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, во знак на протест заради тоа што се потценува албанскиот јазик со, навистина прости аргументи дека преведувачите кои се избрани

да преведуваат, а не ја работат својата работа, ние нема да дискутираме повеЌе на оваа парламентарна седница, поради дискриминацијата на албанскиот јазик што се прави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Јаневска имате реплика.? Повелете имате три минути.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Колегата Блаже Стојановски артикулира некои прашања во светлината на донесување на законот за преобразба на Електростопанство. Мислам дека во голем дел имате и свое објаснување.

Исто така сакам да прашам зошто му смета квалификативот дека Електростопанство се движи во позитивна насока.

Јас ќе кажам, за да се направи една квалификација, позитивно или негативно, не мора да значи дека ЕСМ ги достигнало максимумите во својот развој, туку дека во споредба со претходните состојби во кои ЕСМ со менаџирањето на раководниот тим од претходната Влада, го достигна своето дно. Толку се онеспособи што сега треба од дното да се извади бродот и да заплови мирно по површината. Исто така сакам да кажам дека и многу елементи заради тоа не се поставени на основи, како случајот, еден од најважните, регулирањето на имотно-правната состојба на поедините електроенергетски објекти, а тоа, да го потсетам господинот Блаже, затоа што претходниот директор на ЕСМ го даде тоа регулирање на фирма човек, Блиф, наспроти податоците кои ги имаа сите министерства, за катастарска управа. Од тука сепак голем дел се воспоставија тие односи, а има исто така и недовршена работа но на адреса на  ваквите настојувања и постапки.

Сакам да ја искоментирам и загриженоста на господинот пратеник за акциите на вработените, кои ги промовира. Ќе го потсетам дека во 1995 година, не ме држите за збор, кога имаше една акција да се ослободи испорачаниот киловат час електрична енергија од дополнителни трошоци и угостителските објекти за да се отстранат, како несоодветна дејност, сите вработени направија и заверување на нотар со сопствени акции. Меѓутоа кога дојде власта во 1998 година, сите договори ги поништи. Така што мислам дека непотребно се заведуваат и вработените дека опозицијата има поголеми солзи за вработените отколку  позицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски  една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се надевам дека еден ваков говор ќе одржи колешката и на некаков мтинг, сега има предизборна кампања, затоа што ова е само тоа. Меѓутоа морам да ви кажам неколку факти. Факт е дека ова раководство на Електростопанство на Македонија ги намали платите кои што беа покачени во времето на ВМРО-ДПМНЕ на сите вработени. Ова раководство испушти над 1000 лица од Електростопанство на Македонија. Зборувам за Владата како основач на Електростопанство на Македонија. Владата ја зголеми цената на електричната енергија минатата година. Инвестициите, само проверете, ќе видите многу лесно дека се никакви во однос на инвестиционата активност која што беше во претходниот период пред 2002 година и затоа немојте да зборувате напамет. Јас ве повикувам да ги видите пресудите кои што се однесуваат на периодот од пред 1998 година а по однос на работењето на Електростопанство на Македонија и некои нивни функционери. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи нема више реплики...

Ве молам, кој има реплика нека се јави после излагањето. Сега после четири реплики имаме реплика на реплика.

Има збор господинот Јани Макрадули, а нека се припреми Драго Шајноски.

Земете збор, ве молам господине Апостоловски.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, очигледно се сложи и опозицијата нешто со позицијата и сака уште реплики. Очигледна е намерата да се оддолжи целата оваа расправа со постојани коментари и дофрлувања. Претходниот дискутант веројатно заборави во успесите да ги наведе и зголемувањето на репрезентацијата и трошоците за 669%. Тој успех никој не може да го постигне, ве уверувам, така да сигуно ова раководство тоа не ќе може тоа да го достигне, веројатно ни едно друго раководство во светот.

Сосема природно и велат вообичаено било кога човек сака да почне да се спрема за некоја дискусија или да се изразам со делот шлагборд да ми дадат зборовите на претседателот, кога почнува да пишува сценарио за некој филм најмногу троши време како да почне. Секако и јас бев во дилема за денешнава дискусија како да почнам. Дали да одговорам за грстот невистина од вчерашната и денешната дебата, дали да зборувам за тоа дали законот е подметнување, дали да

се обидам да го одбранам достоинството на сите пратеници и на министерот, кој ете, не знаеме ништо за ЕСМ, при што некој ќе помисли дека господинот Мавровски зборува само тогаш кога има теми за ЕСМ и никогаш друг пат, притоа имајќи го предвид и фактот што неколку пати бев прозван за мојата дискусија во 2002 година, кога претходната Влада сакаше да го продаде ЕСМ топтан со непосредна спогодба, се решив да ја отстранам секоја дилема како на јавноста, така и моја лична, за моја коегзистентна политика, за коегзистентните заложби на нашата пратеничка група, решив да ви прочитам дел од мојата дискусија што ја имав тогаш по законот, кој ќе се сложите е многу сличен.

Дискусија која е и актуелна, но и дава јасна слика за што тогаш се залагаше ВМРО-ДПМНЕ, а за што СДСМ. Дискусија од која што се гледа, зборувајки сега за законот г-дине Даневски..

(Претседателот со ѕвончето ги опоменвуа пратениците)

(Слободан Даневски од место- јас не сум реагирал).

Се разбира, за секој добронамерен граѓанин на нашата држава кој за што се залага и каков концепт има. Кој го промени ставот, а кој брани иста политика. Покрај тоа во минатото имавме ситуација кога некој читаше стенографски белешки од други пратеници, од други пратенички групи, па зошто да не се цитирам самито себе си.

Прво, би сакал да ја коментирам хронологијата на предлагањето на овие измени и дополнувања на Законто за енергетика. Да ве потсетам, се враќам 2002 година. Имено на 6 октомври..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам никој вас не ви упаѓаше кога зборувавте по два саата.

(Слободан Даневски од место-јас не сум зборувал , а пратениците на ВМРО-ДПМНЕ реагираат дека говорникот е надвор од темата.

Не е надвор од темата. Ве молам јас сум рамноправен и правичен према сите. Елементарна почит треба да се покаже.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Зборувам за законот, хронологијата како е дојдено и за разликата ..

(Не е битно)

Ако таа не е битна тогаш не мораше да ме прозивате неколку пати и да го трошите времето во вашите дискусии.

Имено да ве потсетам на 2002 година, а на 6 октомври 2001 година Владата на Репбулика Македонија поднесе предлог за измени и дополнувања на Законто за енергетика, а во причините за неговото донесување се наведува “потреба за формирање на независна регулативна комисија со цел да се обезбедат услови за сигурно континуирано и квалитетно снабдување со енергија, поголема доверливост, транспарентност и сигурност во изградбата и управувањето на капацитетите за производство пренос и дистрибуција, како и обезбедување на пазарни услови за стопанисување со енергетскиот систем”. За поткрепа се повикува на директивите на Европската комисија 96/92 и 98/30, директиви кои сега се во материјалто и тука ништо не е спорно. Не е спорно кога овие директиви се користат за цитирање на работи кои ги содржат , проблеми кои се однесуваат за работи кои не ги содржат. Но за тоа малку подоцна.

Веќе реков дека ова не само што не е спорно, напротив се следи еден природен и логичен тек на работите. Така од страна на Министерството за економија склучен Договор за соработка со американската консултанска компанија ФИРС АТФУД , вокако што е наведено во причините, цитирам “изменвуање и дополнвување на Законот за енергетика со кој се уредува организирањето и работењето на регулатовната комисија за енергетика.

Покрај тоа биле прифатени повеќето сугестии на американската консултанска компанија и истите се дел од предлог измените од октомври 2001 година. Како предлог истите се напоѓаат во собраниска процедура и законот се појавува на дневен ред, дневно од тогаш стоте отворени недовршени и крајно испомешани седници.

Во предложените измени ни се нудат 25 члена кои ни се однесуваат на процесот на формирање и работа на регулаторната комисија за енергетика од причини кои се наведени во членот 11, која таа ги регулира начелата на кои се поткрепува регулаторната комисија. Објективност, транспарентност и недискриминаторност, а во членот 11-б се предлага членвоите и претседателот на регулаторната комисија на предлог на претседателот да ги назначи Собранието на Република Македонија.

Можеби ќе остане мистеријата за 2 милиони граѓани на Република Македонија што се случи во меѓувреме. Ресорното минситерство да го повлече законот и на крајот од април 2002 , непосредно пред деседневниот одмор на целата држава да понуди нова верзија со три суштински измени. Членовите на регуларната комисија се предлагаат од Владата на Република Македонија, регулаторната комисија ќе

започне со својот мандат од 1.01.2003 година и се додаваат шест нови члена, е ова има врска, кој ни малку ни повеќе се отбвора процесот на приватизација на Електростопанство на Македонија. Првите две измени, јасно даваат до знаење дека предложените измени ниту имаат намера да бидат транспарентни, објективни и недискреминирани, туку се само алиби за светата измена, а тоа е приватизацијата на ЕСМ. Во новиот предлог изостанува пошироката елаборација за потребите од регулаторна комисија, за позитивните искуства од таквите комисии и т.н. и т., А зошто и да се наведуваат потребите за таква комисија, кога се предлага истата да профункционира од 1.01.2003 година.  Овој датум е накако коњак на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ  и ДПА.  Ете тука сум го заборавил Стојан Андов и Либералната партија, тогаш, а нешто незнаат како или не можат да го реализираат се повикуваат на 1.01.2003. Да ве потсетам на тој ден, ќе профункционираат и здравствените чип картички и националната комиисја за борба против корупцијата и што уште не.

Би сакал да елабурирам, зошто пролонгирањето на датумот за формирање на регулаторната комисија. Значи алиби за приватизацијата на ЕСМ. Уште со зачетокот на Европската Унија, проблематиката поврзана со енергетските системи една од клучните теми за кој се бара консензус. И тогаш, а и сега преку Европската комисија се донесени повеќе препораки, директиви и акти за прилагодување и трансформација на енергетските системи не само на земјите членки , туку и на земјите кандидати. Тоа морало да се направи од проста причина што енергетскиот систем на една земја не е изолирана работа. Не функционира сам за себе што може да претставува проблем за состојбите или за цела Европа,како сакате.

Енергетскиот сектор морал да остане отворен за сите. Да понуди поефтина цена, по квалитетна и по сигурна услуга. Да се оствари предуслови за инвестирање во нова модерна европска енергетска мрежа.

Предлагачот се повикува, како што истакнав пред малку и кога треба и кога не треба директивите на Европската комсија 96/92 и 98/30 дека не се работи за едноставна директива, дека овој процес не се реализира во еден момент, или за екстремно кратко време зборува следниот податок. Имплементацијата на директивите врз база на законски акт во поедини земји траеле 2 години во Данска и Италија, три години во Белгија и Ирска, четири години во Грција, во Луксембург уште трае и покрај тоа што на земјите членки им било доззволено слобода во начинот на имплементација на директивите , како што е случајот со Грција. Но да погледнеме на што се однесуваат конкретните директиви.

Директивите обезбедуваат рамка за обезбедување на две основни цели - либерализација на пазарот на енергија, демонополизација на електроенергетските претпријатија.

Либерализацијата треба на крајниот корисник да му понуди можност да избере од каде ќе купи електрична енергија, а демонополизацијата да му понуди транспарентна, не дискриминирана, однапред позната цена за пренос и дистрибуција на купената електрична енергија. Природниот тек на работите, а дефинирано со препораките започнува со либерализација на пазарот, а дефинирањето на правилата на игра во тој процес на либерализација е во рацете на регулаторната комисија за енергетика. И каде е логиката регулаторната комисија да се формир ана 1.01.2003 година, а за тоа време да се распише тендер за приватизација на ЕСМ. Регулаторната комисија, како што е наведено и во предложенит еизмени на законот за енергетика има задача да обезбеди услови за сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со енергја со минимални трошоци.

Предлага тарифни системи за оделни видови енергија. Донесува оделни услови за снабдување со оделни видови енергија. Формира цени на оделни видови енергија. Издава , менува и одзема лиценци за вршење на дејност од областа на енергетиката. Затоа се поставува прашањето како ќе се натера некој странски инвеститор да вложи во нашето ЕСМ и колку е спремен да плати ако овие правила на игра се дефинираат на 1.01.2003 година.

Позитивените искуства од повеќе земји, а и процедурите од наведените директиви како втор природен чекор го имаат преструктуирањето на електроенергетскиот систем со цел претпријатијата да се прилагодат за работа во услови на либерализиран Пазар на енергија. Ова го зборував 2002 година. Ништо не е сменето досега.

Предложеното преструктуирање се однесува на издвојвуање на три независни целини. Тука беше елаборирано и тука нема дилема-производство пренос и дистрибуција.

Кога се зборува за независни целини се зборува за фианнсиски независни целини, без можост за прелевање на средства од една целина во друга, а тоа е строго пропишано со директивите на Европската комисија.

Вака издвоените целини нудат можност за конкуренција во доменот на производство. Се стимулираат инвестиции за изградба на мали и ефикасни производствени единици , посебно оние од природен гас. Ова е дел од втората директива. Португалија е држава за позитивен пример во областа на

трансформација на енергоенергетскиот сектор. Односно државното претпријатие Електро код. Од државното претпријатие се издвоија 3 независни компании за производство пренос и дистрибуција на енергија. Ваквиот начин претставуваше потстрек за странски инвестиции, а каркатеристичен е примерот со изградбата на 990 мегаватната гасна централа на Палер Гениц Сименс, како еден од науспешните примери во Европа.

Од друга страна целината наречена пренос е природен монопол. Таа е со инфраструктурни објекти кои се во раце на државата, или независен систем оператор кој што мора да обезбедат објективен, транспарентен и недискриминаторен пристап од страна на сите учесници на пазарот. Покрај тоа мора да се обезбеди висока доверливост на системот со најниска можна цена. На овој начин купувачите сами ќе се определат од каде ќе купат енергија. Во случај кога ќе се изврши приватизација, без да се има завршено процесот на преструктуирање, постои сигурност дека монополската функција на државата нема да биде заменета со монопол од страна на приватна компанија. Како тоа функционира најдобро знаат граѓаните на Република Македонија плаќајки ги сметките за телефонски услуги , полнејќи гориво. Македонските телекомуникации кои се приватизираа за време на расправата во ова Собрание, апсолутно ги користат условите од монополскиот тип на договор и ги поскапуваат цените како сакаат, а нудат услуги исто како што сакаат. Само тогаш никој не прашуваше од вас почитувани колеги од опозицијата и колешки кој го изгради Телеком? Каде се акциите на вработените? Дали сите ние како семејства сме плаќале по илјада марки за приклучок, па што сме добиле од сето тоа? Тогаш никој не го интересираше тоа. Словенија е држава за пример каде што прво се тргнало со реконструктуирање на електроенергетскиот систем формирајки 5 дистрибутивни региони и холдинг компанија на електрични центраи. Сите искуства кажуваат , а тоа го потенцираат емеинентни стручњаци од Техничкиот факултет дека не постои шанса за успешна приватизација во услови кога не е завршено реструктуирањето на електроенергетскиот систем.

Монополскито начин на стопанисување со електроенергетскиот систем е процес кој бил неминовен за успешно инфраструктурно покривање на сите домови и стопански капацитети. Бидејќи се работи за огромни инвестиции за време на изградбата на инфраструктурата државата гарантирала комотни услови на работа во јавното претприајтие. Тоа не е случај само кај нас туку пример за сите земји во светот. Покрај тоа сите граѓани на Република Македонија издвојувале средства преку сметките за електрична енергија за нови инвестиции препуштајки ги сите три

целини , повторувам тоа што сум го кажал 2002 година, пропуштајки ги сите три целини во приватен монопол се насетува опасност за запирање на процесот на инвестиции, развој, или пак отварање на нови ископи. Наместо тоа единствениот сопственик на Електростоанство без разлика дали е приватен или државен од друга држава ќе користи извори на енергија по најповолни услови за него. Увозот е една реална можност. Не е тоа баук. На тој начин ќе се запрат инвестициите или пак подготовките за отворање нови ископи јаглен за РЕК - Битола и слично. Наведените опасности се само дел од можниот колапс и хаос што ќе настане доколку се изгласа третата суштинска измена на законот за енергетика, а тоа се шест члена со кои се нуди можност Владата да го продаде ЕСМ. Само за потсетување, иако во образложението на овие измени се наведуваат директивите на Европската комисија во истите никаде не станува збор за приватизација на електроенергетските системи. Ниту либерализацијата на пазарот на енергија, ниту формриањето на регулаторна комисија, ниту дефинирањето на пристапот на мрежата, ниту преструктуирањето, ниту транспарентноста и финансиската независност на оделни делови не претставуваат или наговестуваат приватизација. Тоа единствено во главите на оделни структури на валста за кои сепак ЕСМ е таков сладок залак што може тешко да не се проголта пред избори.

Сепак колеги , колешки пратеници дозволете од понудените членови да коментирам три моменти. Можноста за продажба во целост, продажбата да се случи со непосредна спогодба и дефинирањето на златната акција.

За продажбата во целина елаборирав пред малку. Никаде не псотои пример за продажба во целина. Се извинувам, постои но тоа е најлошиот пример за приватизација,а тоа е примерот на Електростопанство на Унгарија каде што на овој начин ќе се помине само државен монопол, монопол кој скапоќе го платиме сите. Најкарактеристична грешка за приватизацијата на електроенергетскиот сектор во Европа е примерот Унгарија. За да ја покријат дупката во Буџетот унгарската Влада спроведе брза и ненавремено припремена приватизација. Приликите во кои се наоѓаше унгарското електростопанство беа речиси исти како и нашето во кое се наоѓа ЕСМ на Македонија. Големи кредитни задолжувања, катастрофален процент на наплата, монополска поставеност без никаква реструктуираност, речиси никакво прилагодување со законската регулатива. Не формирана регулаторна комисија тогаш имаше Унгарија, непостоење на Пазар и пазарни правила и пазарни прописи. Едноставно е направена брза проценка на претпријатието и на тендерот се јавија

компании кои понудија само по 6% од замислената цена што ја имаше тогашната Влада на Унгарија.

Непосредната спогодба како совршен механизам во продажбите на оваа Влада , зборувам за 2002 година, покрај провизијата и обезбедвуањето на пари за кампања има уште една битна работа. Таа ќе ги прикрие сите дубијози што се случија  во овие 4 години во работата на ЕСМ.  ЕСМ претставува врв на партизацијата во Република Македонија промовирана со доаѓањето на колаицијата за промени. ЕСМ претставува синоним за партиска инфраструктура за време на изборнит епроцеси без разлика дали се работи за претседателски, локални или студентски избори. Партиската инфраструктура се поткрепува со партиски кадри кои со електроенергетскит екапацитети имаат врска онолку колку нивниот генерален директор со банките. Во овој момент ЕСМ е во голема загуба при што реалната слика за економските загуби е непознаница за сите , веројатно и за странскиот консултант. Така на пример во 2001 година споредено со 1998 година ЕСМ бележи негативен пораст односно пад од 6,6% на производството, или пак во однос на 1998 година кога се имало неизмирени обврски спрема добавувачите од 2 милиона германски марки таа бројка во 2001 година изнесува 35 милиони германски марки.

На крајот би сакал да резимирам. ЕС е најголем стопански капацитет во Република Македонија. ЕСМ е најголем приватизациски зафат во Република Македонија. ЕСМ е пример за масовна партизација со нестручни кадри, ЕСМ е непреструктуирано претпријатие во Република Македонија. Не се дефинирани правилата на игра за влез на производствени капацитети, нема транспарентна цена на услугите за пренос на енергија. Да се запрашаме сите колку квалитетно може да се продаде ЕСМ во вакви услови и какви ќе бидат последиците. Тоа го зборував 2002 година.

Пратеничката група на СДСМ е со истиот став сега. Претпријатијето прво треба да се реструктуира, а потоа да се понуди на пазарот. Денес како и за секоја друга работа имаме поинаква ситуација. Денес имаме парламентарно мнозинство и Влада коај работи транспарентно, работи стратегиски, работи согласно европските директиви, нуди гаранции. Да објаснам.

ЕСМ во моментот егзистира како акционерско друштво во државна сопственост и е регистрирано во трговскито регистар на РМ. За овој статус важечките закони велат дека сите статусни промени се врзани со Законот за трговски друштва и нема потреба за донесување на посебен закон за реконстуктуирање и поделба на друштвото. Сепак оваа Влда се решила да работи

транспарентно и преку јавна расправа да се објасни што значи реконструкцијата, што значи леберализацијата, кој и каде е интересот на граѓаните и т.н. и т.н.

Второ, стратегија. Она што ги прави многу различни лево ориентираните и десно ориентираните партии е стратегијата и визијата за иднината. Ние сме сведоци дека уште се мисли дека државата може да биде добар стопанисувач на некои гиганти. Патот кон успешна приватизација е пат со стратегија. Македонија не е прва земја која оди со процесот на приватизација на националната електрокомпанија, но овој процес не треба да биде на прво место, затоа што праксата покажала катастрофални примери. Основна цел на приватизацијата треба да биде подобрување на квалитетот на услуги и квалитетот на снабдување на електрична енергија. Прашањето и процесот на приватизација е на кого се продава и за која цел. Нормално битен е профитот, но основната разлика е што едниот пристап има стратегиска и развојна компонента, а другито само ги користи погодностите на пазарот. Типичен таков пример од овие простори е ОКТА. Очигледно беше за сите, а последните извештаи и сами го потврдуваат, нивниот Управен одбор дека намерата на инвеститорот не беше да ја развива компанијата, туку да ги исползува погодностите на пазарот. Секако тоа не може да се открие од око туку тоа се штити со законска регулатива, како што е регулаторната комисија. Да ве потстам, тоа беше еден од првите закони што ова Собрание во новито состав го донесе и исполнување на обврските од директивите.

Второ, со изборот на моделот на приватизација Словенија на пример навела дека нема на ниедна соседна земја да и даде дел од акциите. Или Полска, се продава дел, ако инвестира со докапитализација може да смета да го купи управвуачкиот пакет. Потребна е стабилна, правна и комерцијална легислатива која е предвидлива и заснована на правила , која може да ги стимулира инвестициите, а притоа да ги заштити потрошувачите.

За тоа што се опфаќа еден модел на приватизација, минатата Влада во одговор на пратеничко прашање на г-динот Никола Поповски напишал а “самиот процес на приватизација ќе опфати проценка на пазарната вредност на претпријатието и или неговите делови според опредлениот приватизационен модел и прифатените светски стандарди, анализа на обврските и условите за приватизација, изработка на стратегија и план за приватизација, подготовка на целосна документација, организација на промотивните активности и асистенција во сите стадиуми во имплементацијата на самата приватизација. Држете се до тоа што тогашната Влада мислела.

Европски директиви, мора да има најпрво преструктуирање , а потоа да се зборува за продажба. Тука нашиот став не е променет. Секако и не мора да се случи по било која цена. За цената зборував вчера малку, денес ќе повторам. Како власт ВМРО-ДПМНЕ пушташе пробни балони во јавноста за цената. Да ве потсетам дека поранешниот директор сегашен амбасадор мојот колега од факултет, г-инот Горан Рафајловски тргна со цена од 3 милијарди долари па стигна во моментите тогаш до цена од милијарда долари. Сега имаме обратна ситуација. Сега опозицијата ја наголемува цената со цел да прикаже дека оваа Влада ќе биде неспособна да го продаде толку, или да ги залаже, или да ги заблуди граѓаните дека имало огромна цена. Ова неше Електростопанство па евентуално се продаде за малку. Во ничиј интерес не е. Ниту наш ниту ваш да манипулираме со цената не е добро. Пазарот ќе ја каже цената на производот. Кога ќе се појави производот на Пазар тој добива на производот. Кога ќе се појавите на Пазар тој добива врз база на условите што постојат во тој момент.

Тоа не е само од технички причини, туку може да биде политички, состојба во регионот, легислатива, почитување на инвестиции и низа други закони кои не се директно врзани со Електростопанство.

Гаранции, да ве потсетам дека оваа Влада, тоа се гледа и од законот, се предвидуваат гаранции на странските кредитори, кои вложиле во постоечко тоа да е ЕСМ, да се прошират и кон друштвата кои ќе произлезат од Акционерското друштво ЕСМ и второ се предвидуваат гаранции кон останатите доверители на постоечкото ЕСМ. Да резимирам.

Прво, во 2002 година, се сакаше да се продаде ЕСМ топтан. Сега во 2004 најпрвин се врши преобразба и не се продава целосно.

Второ, во 2002 година целиот ЕСМ ќе поминеше во приватни раце. Сега државата ја има инфраструктурата за пренос. Она што требаше да се направи за Телекомот. А да не чекаме да се постигни интерконекциски договор по два месеци да бидеме заложници на две приватни компании кога ќе се договорат. Не. Државата ќе биде сопственик на инфраструктурата и таа ќе изнајмува на вториот, третиот,четвртиот оператор, без разлика дали е тоа телекомуникации или енергетика.

Во 2002 година не постоеше никаква легислатива. Сега регулаторната комисија има главен збор во планирањето и стратегијата за развој на енергетскиот сектор. Сега, се предвидува преносен оператор, проектиран по моделот на земјата која што најмногу ја цитирате а тоа е Словенија. Овој модел на преносен оператор е

најблиску до словенечкиот модел. Преносниот оператор треба да обезбеди еднаков пристап  за сите и за производителите и за трговците и за купувачите на енергија. А тоа ќе го направи со регулативи или грит кот што се вика, правила за работа во мрежата, правила за прекугранична трговија, правила за решавање на загушување и преоптоварување, пазарни правила. Во 2002 година СДСМ се залагаше прво за реконструирање, а ВМРО беше против. Сега чувствувам задоволство, или горд, согласно препораките што ги добив дека имаме ист став. Дека прво треба да се направи реконструкција и атериравте на барањето на СДСМ од 2002 година. Во 2002 година, се сакаше да се продаде ЕСМ со непосредна спогодба. Сега пристапот е сосема е поразличен, транспарентен согласно важечките закони со јасна динамика.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Макрадули.

Сега ве молам сите оние кој што сакаат да реплицираат, нека се пријават, бидејќи после првата контрареплика, не давав веќе пријавување за реплики.

Не, прв е господинот Трендафилов Ѓорѓи.

Повелете процедурално господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, процедуралното е до вас. Значи господинот Јани Макрадули, на почетокот на својот говор, иако 5-10 минути збореше за Регулаторна комисија, воопшто неповрзувајќи  го со трансформацијата на ЕСМ вие не најдовте за сходно да го предупредите а претходно денеска, значи во истиот ден не го врзувам со вчера, господинот Спире Мавровски зборуваше околу наплатата која што е и дел во образложението и на законот, вие пет пати му упаднавте во збор и на тој начин му оневозможивте да говори. Затоа апелирам, значи према сите пратеници, независно од опозицијата или позицијата да имате исти третман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, јас имам исти третман према сите пратеници и тоа сами го признавте пред малку околу репликите и ве молам немојте понекогаш да ја користете, да не ја злоупотребувате мојата правичност према сите пратеници. А тоа што вие го издвојувавте вчерашниот ден го издвојувате како не сме дискутирале, тоа е ваша работа.

Господинот Макрадули, имаше еден вовед каде што ги спореди двата закона, претходниот и сегашниот закон. Сега ве молам господинот Трендафилов Ѓорѓи има реплика. И после контра репликата не признавам никакви пријавувања за реплики.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да се придружам до апелот на господинот Макрадули во поглед на тоа да не се шпекулира со цената на Електростопанство како што кажа тој од повеќе пред се пазарни причини и тоа да го дознаеме на начин како што тој доста елоквентно го објасни и во таа насока мислам дека Министерството за финансии би било најповикано, со оглед на обврските и активностите кои во последно време ги превзема актуелниот министер за финансии. Веќе јавно да не се зборува за тоа дека министри во Владата на Црвенковски диво се приклучуваат, свои семејни куќи, деловни објекти на мрежата на Електростопанство и дека Електростопанство оди со ОБСЕ или меѓународни мисии да ги наплаќа сметките. Мислам дека тоа навистина може да ги замисли инвеститорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега за реплика се јавува господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот Макрадули во своето излагање, незнам која беше причината што не го поддржа законот 2002 година, почнувајќи и објаснувајќи ни се што се случуваше. Ако има некој податоци надвор од ова што го презентираше тука дека Регулаторната комисија во Република Македонија е таа што се донесува и во моментот е одлучувачкиот фактор во Република Македонија значи, ние сите другите тоа не го знаеме, затоа што еве цената на електричната енергија, повторно ја формираа министрите заедно со генералниот директор на ЕСМ и покрај сите ветувања дека нема да има покачување таа беше покачена за 7%.

Ова што кажувавте дека тогаш многу жолчно се боревте против тоа, првиот предлог беше Собранието да ги назначи членовите на Регулаторната комисија, но повторно се дојде до решението да ги назначи Владата.

Вашата влада господине Макрадули ги назначи сите овие членови на Регулаторната комисија и за тоа воопшто “мува не ве лази”, но вие говорите за претходната влада, говорете дека вашата влада сигурно дека нашла попаметно решение и дека успеа да ги назначи, тоа е толку нормално, што едноставно, не треба никој да го прокоментира.

Говорите за недонесување на закони и повлекување на истите. Јас ќе ви кажам една работа. Лично вашиот закон за ТАТ е поднесен во октомври месец 2003 година. Сертификатите на господата од ТАТ завршуваат во мај месец и вашиот закон сеуште нема да излезе од парламентарна процедура и по него да се расправа. После тоа сигурно ќе следи извинување од ваша страна дека немало време да се прави сето тоа. Вие кажувате за некакви политички услови, за некоја легислатива што сега ја имавте и незнам како ја имате формирано, кои се моменталните политички услови, многу добро ги знаеме сите. Сега ова го говориме повторно ќе ве потсетам во време на претседателските избори, 20 дена пред избори, а вие господине Макрадули на почетокот кажувате дека остануваат само два месеци до парламентарните избори и токму поради тоа вашата пратеничка група говори повеќе од три дена ова прашање едноставно, да не стигне на дневен ред на таа седница на влада и неможе да се донесе и Законот за промени на законот за енергетика, кој што ги кажавте тие шест члена, кои што детално ќе изменеа се. А вие сега ни нудите закон во кој што имате само еден член со кој еден член вие го продавате ЕСМ и за вас е тоа транспарентно. Ни кажувате дека тука расправаме, а од друга страна претседателот кажува да прекинеме со дискусиите и толку е тоа сето транспарентно, што оние што го знаат ЕСМ, многу добро видоа што и како е. Јас се надевам дека бидејќи времето е кратко само три минути ќе може да проговориме за вашата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, имате една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас се обидов да ја кажам дискусијата уште еднаш што ја имав во 2002 година но очигледно дека на некои луѓе неможе да им се помогне, тие си имаат едно мислење и тука неможе да се интервенира никако. Уште еднаш да повторам тоа што не гласав или бев против 2002 година, во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ сакаше да го продаде ЕСМ во купче, на топтан, со непосредна спогодба. Сега прво има преструктуирање на претпријатието, не се продава во целина, се продава одреден дел и тоа се прави транспарентно, согласно законски услови, ќе има време, ќе видиме кога ќе се случи. Тоа што овој закон дошол на 11 февруари 2002 година, кога никој во земјата не ни предвидуваше, ниту сакаше да се случат претседателски избори, не е виновен ниту предлагачот, ниту парламентарното мнозинство, а ги знаеме ингеренциите кои се на претседателот, кои се на премиерот. Сега да не ги мешаме тие работи овдека, мислам дека е невкусно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека со господинот Оровчанец овдека сме министри од претходната влада. Никогаш поранешната влада не донела одлука за приватизација во целост на електросистемот туку токму со Светската банка го отвори овој процес и затоа повеќе од констатаацииите и предлозите во законот се врзани за она што советникот или консалтинг куќата го предлага на оваа влада. Но нашиот најголем проблем овде е токму во поимањето што опозицијата овдека бара. Зошто ние сметаме дека овдека треба да носиме закон со кој всушност, ќе извршиме само реорганизација на електросистемот, а прашањето на приватизацијата да го оставиме за понатаму. Не е никаде точно дека ако некој е државна сопственост, не може да биде ефикасно и да биде успешно. Прво во светот најголема компанија е ЕДР. Таа е целосна државна и таа е таа која ги купува помалите или системите во развој.

Според тоа, треба да се направи уште подлабински анализи што значи продажбата на оној дел на дистрибуцијата. Нам треба да се свати дека реконструкцијата ни е потребна за да овозможиме со други иницијативи да може да се отвори процесот на инвестиции во производството на електрична енергија. Дали се работи за гасната турбина, дали се работи за некои алтернативни енергии, воглавно треба да се отвори тој процес на концесионерство, кој ќе овозможи и директни странски инвестиции и ќе го подигне електросистемот. Затоа беше нужно тој член 7 кој е многу дискутабилен и непрецизен да отпадне од овој закон и да се остане само во категоријата реорганизација на ЕСМ.

Инаку прашањето зошто ЕСМ е неефикасно е заради политичките елити. Прошла, претпрошла и сите натака, бидејќи не е одвоено прашањето на управувањето со политичките комперенции на партиите кога доаѓаат на власт. Оваа Влада направи уште една грешка. Со сета почит на членови од владеачката структура на Регулаторната комисија, со самото тоа што ги избра само од сопствените редови, кажа дека тоа не е независен орган. Према тоа да не одиме во ширина да се концентрираме на оваа основна цел а тоа е реорганизација на електросистемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелеге господине Макрадули. Една минута имате.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Крстевски, незнам во која влада сте биле, но мислев дека бевте во Владата на Георгиевски. На 25.06.2002 година на Собрание има Предлог за донесување по итна постапка Закон за гаранција при приватизацијата на ЕСМ. А има и закон каде што приватизацијата (добро прочитајте ќе ве молам).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, не ви доликува да од место сите довикувате.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Второ, приватизацијата на ЕСМ ќе се спроведе според: непосредна спогодба доколку при спроведувањето на тендерската постапка остане само еден понудувач. И за тоа се буневме, и за тоа тука три дена зборувавме и горд сум што не се случи да се продаде ЕСМ на купче и да не се зголеми финансискаста моќ на одделни моќници што беа претходно на власт. Франција не ја споредувајте, ние сме енергетски сиромашна земја, ние 50% од енергенсите ги увезуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега е на ред господинот Даневски. Три минути имате повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господин претседателе, дами и господа пратеници,

Незнам која беше намерата на господин Макрадули, ме спомна, не му префрлив, јас обично што треба го кажувам на говорница. Дали требаше порака да ме заплаши нешто, не се плаши Слободан. Не се плаши Слободан Даневски. А ова што слушам еве од 1990 година слушам секоја влада вика ќе работиме чесно и транспарентно. Ни работат транспарентно, ни работат чесно. И немој сега вие да доведувате некоја тука филозовија. Ни чесно се работи, ни транспарентно. Се работи од интерес и за штета на граѓаните. Од 1990 година зборам. Ова што сакате да ни наметнете сега во 2002 година. Се работеше за процес на претприватизација и таму беше оптимален рок 18 месеци. Дали е добро сега да коментираме, дали да оди на парче или да оди топтан како што вие кажувате. И сега ве убедувам ако оди на парче ќе биде атрактивно, ќе биде Скопје атрактивно, Битола РЕК, кој ќе ги купува Делчево, Пехчево, Берово. Теорија нема кој е заинтересиран за загубари. Никој сиромаси не сака. Тие така ќе пропаднат. Тие ќе пропаднат. Во оваа другото, господин Макрадули, ако сега зборуваме ќе го отвориме процесот на приватизација. Ние како држава, ние како држава не изградивме инструмент, не изградивме инструменти, алтернативни решенија. Не изгрдивме алтернатива за греењето. Ние електричната енергија ја користиме за греењето. Некаде знаеме дека 30 до 50%

увезуваме а ја трошиме на греење. Никаде во свет нема греење со електрична енергија и никој нема да сака да не купи. Друго, државата требаше да направи инструменти, да направи инструменти со тоа што да обезбеди стандарди при изградба, при градење на објекти, куќи, домови. И таму да учествува со електрична енергија. Ние имаме најскапа електрична енергија. А што правиме сега. Ние имаме повластена стапка на ефтина енергија, со тоа што ние како Македонија, ние сме богати ако ги исклучиме ФЕНИ, Југохром, незнам кои овие Железара, Макстил, Балкан Стил. На Македонија нема потреба. Ние ќе си ја приватизираме. Али што ќе ги набркаме инвеститорите, тука е поентата што неможе да разликува владата. Ние имаме електрична енергија. За Македонија ништо не функционира, нема стопанство, електрична енергија ние ќе продаваме, богати ќе бидеме. Исклучи ги Југохром, исклучи ги ФЕНИ, исклучи ова, што ќе работи Македонија. По една сијалица, и така немаме стопанство. Тука е поентата. Ние треба да направиме предуслови, да направиме припрема, да го продадеме, скапо да го продадеме. Тоа е поентата. Ние се впуштивме сега на обвинувања. Вие вака рековте, така рековте. Сите лежете бре, сите лажете. И доста со заплашување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам,

Поголемиот дел од репликата не се однесуваше на дел од мојата дискусија, делот од мојата дискусија она што се однесуваше прозивањето само да кажам. Господине Даневски можеби вие сте се нашле во тој амбиент, не сакам да ве заплашам, тој амбиент што постоел во политиката ви одговарал и затоа можеби сте просперирале. Ама јас сум влегол да работам во политиката и влегов во политиката да работам транспарентно,отворено и во интерес на граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска имате реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ево господине Макрадули, колку за во иднина да не заборавите, да не ви се случи да заборавите на постоењето на Либералната партија, која е присутна во Парламентот континуирано. Ако вие имате проблем со грандомански сваќања на бројката на партијата тогаш тоа е ваш проблем.

Како прво, вашето дискутирање се сведе на анализа што минатата влада ќе направеле, што би било кога би било. И анализа на стенографските белешки од вашето обраќање пред Парламентот од 2002 година и како вие лавовски се боревте да тој предлог не помине, и колку сте биле горд со тоа.

Во почетокот на вашата дискусија рековте дека се прашувате а тоа се иронично према опозицијата дали законот е подметнување. Се мислеше на овој предлог сега. Колку е подметнување центете сам кога ќе го прочитате насловот на сегашинот предлог и насловот на предлогот на закон во 2002 година. Ако ништо друго друго минатата влада била доволно транспарентна да зборот приватизација го внесе и во насловот на предлогот, а овдека вие ни подметнувате предлог кој гласи Закон за преобразба на ЕСМ во кој што со еден член сакате да ја покриете приватизацијата на овој голем систем.

Благодарам.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејќи ме следеа тука што си читам од мојата дискусија, забележав дека не сум ја спомнал Либералната партија и никогаш нема да ја заборавам Либералната партија и дека беше дел од Владата на Георгиевски и придонесе за криминалното однесување на претходната Влада во периодот кога беше на власт. Никогаш нема да ја заборавам и никогаш нема да ве амнестирам. Јас сум еден друг тип на политичар.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

По игра на случајот јас присуствував на таа седница за која што го имавме активирано времепловот на Јани Макрадули овде, без разлика што тој се прашува за Зоран Крстевски и за мене лично во која Влада сме бил и што сме биле. Ние сме биле во Влада која што прво не носеше закон за приватизација, ниту имало господине Макрадули одлука за приватизација во Влада, туку имаше систем за претприватизација што е драстична разлика. А вие можете да бидете горди што сте спречиле нешто за нешто што не постоело.

Второ, одите во принцип најнетранспарентно, понатаму во приватизација очигледно ќе влезете во унгарскиот модел, меѓутоа на парче, како пица, а не на друг начин.

Ќе се осврнам на уште неколку работи што директно ги кажавте, а не се точни. Господине Макрадули, прво за чипот во здравството и тн., вчера беше отворањето на акцелераторот кој ВМРО-ДПМНЕ го направи господине Макрадули, а вчера го отворавте две години после неговото правење, а оваа година имате нула, ставката рипа за инвестиции во здравството. Понатаму, она што го направивте "Електростопанство на Македонија", го направивте полигон за линч против народот со отпуштањата кои што продолжија и сега континуирано месечно имате по 2.000 нови луѓе кои одат на Бирото за вработување. И тоа е она со кое што вие функционирате. И како последно би ве молел понатаму, во уводниот дел кажавте дека не браните овде сите 120 пратеници. Немојте повеЌе да ме браните мене, ве молам господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да, ве пропуштив господине Оровчанец, тогаш бевте вие член на друга политичка партија и затоа изумив дека сте дел од Владата на Георгиевски. Законот што вие сте го поднеле, ако сакате ќе направам фотокопија, пишува: Доколку во предвидениот рок од 18 месеци за приватизација на "Електростопанство на Македонија" не се изврши приватизација на 51% од делот на "Електростопанство на Македонија" кој треба да се приватизира и тн., ако до наведената приватизација не дојде поради околности. Она што Владата можеби мислела, ама не направила, а направила, е тоа што ни го понудила овој закон овде во Собрание. Ние можеме да зборуваме, јас како техничко лице зборувам за она што го читам. Јас немам некои фикс идеи, ниту имам некои други способности надри, за тоа зборував пред некој ден, да можам да предвидам што мислела претходната Влада. Она што сакала, сакала да го продаде на купче сите три целини оддеднаш со непосредна спогодба. Тоа на сите им е јасно освен на вас.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За тоа можете да кажете што предвидува оваа Влада, а оваа Влада со предлагањето на овој закон  го предвидува следното. Која е причината што се предлага овој закон? Значи, ова е услов поставен од Европската банка за обнова и развој со која Владата е пред потпишување договор за учество во

претприватизација, односно одобрување средства во висина од 45 милиони евра кои би се искористиле во процесот на подготовка на компанијата на банката истовремено со ова ќе и биде дадена можност да откупи некој дел од "Електростопанство на Македонија", или да биде акционер со друг партнер. Меѓутоа, поради големината на ваквиот чекор банката очигледно бара сигурност односно Парламентот да усвои закон за реструктуирање и приватизација. Дури потоа таа ќе биде подготвена да ја префрли првата транша од договорените средства. Со влез на ЕБРД во овој процес Владата ќе преземе обврска приватизацијата да ја заврши за 24 месеци што значи некаде до март - април 2006 година. Но, со оглед дека таа година ќе биде изборна, се планира да се заврши до крајот на идната година. Ова е мотивот за поднесувањето на овој закон и ова е мотивот за решението кое што е наведено во членот 7, а кој гласи: Приватизацијата на АД "Електростопанство на Македонија" и на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел, или на сите акции на АД "Електростопанство на Македонија", или на друштвата основани од него во една или повеќе трансакции на инвеститор и тоа ќе ви го цитирам првиот став: Преку продажба на малцински пакет на акции со склучување на договор со меѓународни финансиски институции. А под инвеститор во смисла на став 1 децидно имате наведено што значи. Значи, тоа подразбира било кое домашно, или странско правно лице и под б) - меѓународна финансиска институција чиј капитал е во сопственост на повеќе суверени држави и во чии основачки акти се јавува и Република Македонија како земја членка. Значи имате можност на овој начин со повеќе малцински пакети на акции да добиете управувачки пакет. Вие не велите дека малцинскиот пакет на акции ќе го дадете, или ќе го продадете само на еден субјект.

Втора работа, преку тендер во кој што е вклучена предквалификација на начин и по постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија. Владата ја пропишува постапката. Владата ја спроведува постапката, Владата носи одлука за најповолен инвеститор. Дали ова е транспарентност, дали е ова квалитетна приватизација нека одлучат граѓаните на Република Македонија.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, само сакав да ви напомнам дека се додека друг не добие говор, ние имаме право на реплика, според Деловникот. Ако не е така, ќе ве замолам прочитајте го Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ќе го толкувам така, затоа што после тоа се одговара реплика на реплика, а не на основниот настап. Затоа, кој има реплика ќе се пријави веднаш.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мојата реплика се однесува на господинот Јани Макрадули кој практично наместо законот, правеше ретроспективи. Само би го потсетил дека пишувањето и читањето говори не можеме да бидеме господине Макрадули како вас, сепак имате 50 годишно искуство. Влеговте во паралела во Парламентот во 2001 година, немојте да заборавите влеговте со 1.500 гласа и незнам како сте правеле тогаш говори. Второ, зборувате за менување ставови. Само да ве потсетам дека вие на 15 септември им ветивте на граѓаните намалување на даноците, соодветно на тоа и на цените, а сега електричната енергија 2003 година ја зголемивте на големо изненадување на сите граѓани. Значи, ги менувате ставовите и ги лажете граѓаните. Велите работите транспарентно. Да ве потсетам, при приватизациите, само да ве потсетам дека приватизиравте повеќе од 90% од македонските фирми меѓу кои македонските гиганти "Железара", "Металски завод", "Годел" и илјадници други фирми се под моделот на менаџерските тимови, или поточно речено директорите на СДСМ при што преку осиромашување и бркање од работа на повеќе од 100.000 работници,, станаа газди, грст од директори членови на СДСМ. Довербата во вас е изгубена, затоа можете да ги прашате 400-те илјади невработени кои што останаа меѓу другото и од вашата многу транспарентна приватизација. Велите дека секоја успешна приватизација бара реструктуирање, сега зборувам за "Електростопанство на Македонија". Во 2003 година избркавте повеќе од 1.000 вработени под мотото дека правите реструктуирање во "Електростопанство на Македонија", или преобразба. Сега повторно пак правите реструктуирање и сега ви е образложението дека е тоа потребно поради приватизацијата. Сметам дека крајно нетранспарентно работите и крајно затворено се со една цел да можете понетранспарентно да го приватизирате "Електростопанство на Македонија".

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Вчера господинот министер рече дека дискусијата од Спиро Мавровски го деконцентрирала, бидејќи траела час и половина. Морам да речам дека јас мислам дека министер мора да е исклучителна личност, а не обична, просечна личност и тој мора да има моќ на концентрација колку треба. Значи, секој министер

треба да има моќ на концентрација колку што треба, за да може успешно да го води своето министерство. Од тие причини јас ќе дискутирам само две минути.

Приватизацијата на “Електростопанство на Македонија” е завршена работа пред неколку години. “Електростопанство на Македонија” денес е акционерско друштво, а најголем негов акционер и единствен е Владата на Република Македонија. Според тоа не ми е јасно зошто реструктуирањето на “Електростопанство на Македонија” на ова акционерско друштво, а не јавно претпријатие се прави со закон и се става пред Парламентот. “Електростопанство на Македонија” е акционерско друштво кое што работи според законот за трговски друштва. Во таа смисла обврска за реструктуирање на “Електростопанство на Македонија” има Управниот одбор и секако Владата на Република Македонија како негов најголем акционер. Измислувањето на овој закон и ставањето на истиот пред Парламентот е барање покритие од Собранието на Република Македонија за некои идни активности околу продажбата на “Електростопанство на Македонија”, а нема никаква врска со реструктуирањето. Реструктуирањето на “Електростопанство на Македонија” не е работа на Парламентот, туку на Управниот одбор на “Електростопанство на Македонија”. Овој измислен закон само ја разгорува нечесната намера на Владата за нејзините идни нетранспарентни активности околу продажбата на “Електростопанство на Македонија”. Ако ова не е точно, значи намерите не се нечесни, туку се чесни и предлагам на Владата следното. Веднаш да го повлече овој закон од процедура бидејќи не е предмет на работа на Парламентот. Тоа е предмет на работа на Управниот одбор и Владата. Управниот одбор да изврши реструктуирање на “Електростопанство на Македонија” со одлука на Влада. Трето, за продажбата на “Електростопанство на Македонија “, Владата да подготви закон во кој ќе бидат дефинирани и опфатени сите барања на Управниот одбор и Синдикатот во “Електростопанство на Македонија” односно проблемот да се гледа како од стручен, така од економски, социјален и политички аспект. Уште еднаш ќе нагласам, реструктуирањето на “Електростопанство на Македонија” не е работа на Парламентот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Кој има реплика нека се пријави.

Повелете господине Најдовски Слободан, имате три минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мојата реплика е, навистина не можам да ја сфатам контрадикторноста на господинот Шајноски.

Прво, вели дека Владата не требаше да ни предложи закон, бидејќи тоа било во надлежност на Управниот одбор на “Електростопанство на Македонија” и во надлежност на Владата, а во вториот дел неговата втора реченица е, предлага до Владата да ни предложи закон кој што ќе го усвои овој Парламент врз основа на предлози од “Електростопанство на Македонија”, од Управниот одбор, што значи повторно ни вели дека треба да се предложи закон.

Втората моја реплика се состои во следново: цело време се вели дека Владата сака да биде нетранспарентна. Во овој случај Владата ни предлага закон пред Собранието, пред нас пратениците и цела расправа ја следи целата македонска јавност, што значи Владата сака да биде транспарентна и на јавноста и ги кажува своите намери, идеи, планот и програмата како планира да го реструктуира “Електростопанство на Македонија”. Според ова кажување на господинот Шајноски, сите дискусии на неговите сопартијци на ВМРО-ДПМНЕ се излишни, бидејќи не требало да има воопшто расправа, а уште повеќе тој сака да биде нетранспарентна реорганизацијата на “Електростопанство на Македонија”. Мислам дека е ова една контрадикторност која на крајот навистина ме зачуди.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута контра реплика. Повелете господине Шајноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Јас жалам што колегата не ги разбира овие работи од акционерството и ќе му повторам уште еднаш. Реструктуирањето на едно акционерско друштво не е предмет на работа на Парламентов, туку ставањето на овој закон за реструктуирање е мамка во Парламентот. Тоа што барам или предлагам Владата, бидејќи сака да биде транспарентна и предлагам на Владата, поради транспарентност, да го припреми законот при продажбата, а не при реструктуирањето. Значи, ако сака Владата да е транспарентна, нека ни го покаже, нека го донесе законот за продажба овде, а не законот за реструктуирање. Законот за реструктуирање е најобична реорганизација во фирмата која што и денес работи така во три групи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има министерот за економија, повелете министре.

СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ:

Околу прашањето за транспарентноста. Постојано се поставува прашање дека ќе се приватизира “Електростопанство на Македонија” на нетранспарентен начин.

Прво да расчистиме. Нема да се продава целосно “Електростопанство на Македонија”. Значи, да не ја лажеме јавноста. Мрежата и диспечерскиот центар нема да се продава. Оној дел што ќе оди во продажба е дистрибутивниот дел од “Електростопанство на Македонија” и евентуално производствениот дел, но ќе се утврди точно кои делови од “Електростопанство на Македонија”, од евентуалниот производствен дел ќе се продаваат. Значи, да не го лажеме народот, не се продава целосно “Електростопанство на Македонија”. Тоа е првото прашање.

Второто, што е исто така многу битно. Во овој процес кога се трга, ние носиме закон со кој се утврдува основната рамка, законска, се дава законска основа за да се оди во овој процес. Понатаму, каков ќе биде моделот за приватизација. Ќе се утврди заедно со советникот, односно консултантот кој што вие господа сте го избрале, а ние го почитуваме. Врз база на неговите предлози, владината комисија која што е составена од експерти од ресорните министерства и експерти однадвор, од економскиот и од правниот, градежниот, електро машинскиот и т.н., значи стручната јавност која се занимава со оваа проблематика исто ќе биде вклучена ќе и предложи свое мислење на Владата.

Откако Европската банка за обнова и развој, ќе го склучиме договорот за претприватизациониот период за нивните 45 милиони евра што ќе влезат во претприватизациониот период, потоа исто така и Европската банка за обнова и развој го дава своето мислење. Значи, апсолутно ќе се работи на максимално транспарентен и отворен начин и ќе се работи на начин кој што ќе го предложат соодветните експертски тимови, вклучувајќи го и консултантот и луѓе од Владата и од научната јавност и од Европската банка за обнова и развој.

Следната работа, јасно ви пишува во членот 7 дека продажбата ќе оди, во точка 2 став 1, преку тендет во кој ќе биде вклучена предквалификацијата. Кажете ми кој е потранспарентен начин од тендер, знаете ли некој бидејќи сте вие експерти за продавање во четири очи. Најтранспарентен начин е преку тендер,

предквалификација и тендер. Незнам зошто ја обмавувате воопшто цело време јавноста кога јасно стои дека продажбата ќе биде преку тендер.

Следна работа. Огромната разлика меѓу овој и оној закон што вие го предлагавте, во него стоеше продавање во четири очи. Директна спогодба овде нема, освен со претставниците на Меѓународната институција во која е членка и Република Македонија, кои што од свои причини не учествуваат на јавни тендери, а учествуваат сега во предквалификациониот период и за кој исто така вие сакате да фрлите дамка дека и тука има некоја далавера со Европската банка за обнова и развој која банка учествува во вакви приватизациони процеси, токму од причини што нема намера да биде доминантен сопственик. Таа учествува максимум со 25% и учествува во приватизациониот процес кај оние што одат барем до минимум 51%. Нивната цел е исто така со нивното влегување внатре да водат сметка за тоа како ќе се вратат и нивните кредити што тие претходно ги дале и евентуално и други ако се земат. Знаете и сами дека сме зеле од Европската банка за обнова и развој, имаме земено кредити и исто така секако дека им е многу битно да учествуваат, да го поттикнуваат процесот на приватизација и тој однос меѓу јавниот и приватниот сектор да јакне во државите во Југоисточна Европа како што е Република Македонија. Јас овде не гледам ништо нетранспарентно.

Крајно некоректно е кога зборувате, ајде кажете дека нема да ја зголемите електричната енергија. Господа, во вашиот мандат дали се зголеми електричната енергија, дали тоа беше како резултат на претприватизациониот процес на “Електростопанство на Македонија”. Кога ви кажуваме дека Регулаторната комисија е таа што ќе одлучува кога треба да се зголеми цената на електричната енергија. Регулаторната комисија не е владина комисија, собраниска комисија е, ваша комисија е овде. Дали Регулаторната комисија има свое влијание во овој приватизационен процес. Има. Претседателот на Регулаторната комисија исто така е член на оваа владина комисија која што треба да го врши, односно да го води целиот овој процес.

И, крајно некоректно е да се зборува во континуитет, за тие 1.000 вработени кои што се отпуштени од “Електростопанство на Македонија”. Пред камерите и пред јавноста да кажеме, почитувани господа, дали тие луѓе беа примени врз база на плановите и програмите што ги имаше “Електростопанство на Македонија” за зголемување на бројот на вработени, или беа примени пред изборите или 550 луѓе беа примени за време на двата круга. Каде ни е совеста пред граѓаните на Република Македонија. Тогаш имаше 370.000 невработени. Дали зад

останатите 369.000 невработени објавивте јавен конкурс и сите да го имаат правото, бидејќи сите имаат стомак, да конкурираат на тој конкурс каде што вие ги вработивте тие 1.000 луѓе.

Тоа беа само партиски луѓе за време на изборната кампања. Тоа беше чиста политика. Тоа беше чиста политика, вклучени во изборниот процес на парламентарните избори, што е крајно некоректно и неодговорно сега да плачеме за тие 1000 луѓе што апсолутно станаа балас во ЕСМ. Ако сакаме да бидеме коректни пред јавноста, да кажеме, да, објавивме конкурс, имаат право на натпревар сите 370 илјади невработени. Само да ви кажам за тие 370 илјади невработени, кога СДСМ си замина од власта и остави 265 илјади невработени. Вие ги вративте на 370 илјади, значи 100 плус во супстанца и вработивте 40 илјади во државната администрација, со акции за вработување, со повикување од дома, дојдете сме ви нашле работно место. Така, јас се сеќавам ги вработуваа за времето на социјализмот, со акции за вработување, што и денес го имаме балас во фирмите. Затоа ве молам немојте премногу да оперирате со бројката за зголемен број на вработени затоа што оваа влада откако ги доби тие 370 илјади невработени, за 100 повеќе што ни ги оставивте во наследство, имаме плус некаде околу 20 илјади невработени, а тоа се се како резултат на Фесал 2 аранжманот што вие требаше да го завршите до крајот на 2002 година. Значи го оставивте најтешкиот дел од реформите во Република Македонија, а тоа се структурните реформи. Значи затворањето на фирмите, праќање на работниците во Заводот за вработување и рестартирање на фабриките со нивно продавање. Мислам тоа е крајно некоректно. Инаку во останатиот дел, стапката на невработеност стои односно не сме зголемиле број на вработени, туку тоа е дел што се јавуива како резултат на структурните реформи што ни ги оставивте вие во наследство, а требаше да ги завршите. Јас одговорно тврдам дека ние како луѓе што го водиме овој народ, оваа Влада, имаме историска одговорност дека процесите кои треба да завршат во Република Македонија, треба да завршат. Јас искрено сум подготвен тие процеси да завршат, без разлика каква политичка цена ќе се плати, а не сакам да бидат дволичен пред народот а да му нудам она што ќе го носи и натаму во пропаст и оваа агонија да трае повеќе од 20 години.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една работа сакам само да забележам.

Право е на министерот како ќе се изрази, но мислам дека во Парламентот не може да се зборува вие и ние, бидејќи сами се дисквалифицираме дека сме контролори на власта. Може да се зборува претходната Влада и оваа Влада.

Повелете господине Трендафилов, вие први се јавивте за реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Министерот за економија како што реков и пред тоа, не знам кој дел од Владата го претставува, бидејќи јас овде упорно слушам како да зборуваат претставници на три различни влади. Кога нему му оди во прилог се повикува и вели поранешната Влада потпишала договор со консултантот и тие едноставно го почитуваат тоа и продолжиле да соработуваат со истиот консултант. Но зошто не продолжи со читањето министерот за економија, па да прочита што поранешната Влада на г. Георгиевски и поранешното раководство на ЕСМ, во поглед на анализата, во процесот на претприватизација е направено за состојбите на ЕСМ. Инаку може веднаш да го прочита заклучокот, а таму пишува следново: “имајќи го сето ова предвид, раководниот тим при АД Електростопанство на Македонија заедно со своите стручни служби, му предлага на Управниот одбор на АД Електростопанство на Македонија да не ја прифати оваа длабинска анализа”. Наброени се претходно седум точки зошто Управниот одбор на ЕСМ, оние кои господинот Георгиевски, според актуелниот министер за економија, ги поставувал на тие позиции. Особено внимание е обрнато на точка два, пред на социјалниот момент, она што апсолутно не постои во праксата на СДСМ, туку само декларативно за време на предизборната кампања, а тоа е, што за мене на пример е исклучително важно и се вели: “големиот број на непознаници околу Колективниот договор како и правата и обврските на работниците при АД Електростопанство на Македонија”. Како на пример фактот што за работниците при АД Електростопанство на Македонија не важат прописите од Колективниот договор за Гранковиот синдикат, за работници од енергетиката, бидејќи работниците при АД Електростопанство на Македонија членуваат во сопствен независен синдикат. Значи тоа е надвор од оној синдикат, чија фигура вчера ја видовме како објавува војна на ММФ и Светска банка, затоа што со Владата на Црвенковски тој одамна ги има расчистено интересите. Може министерот за економија да прочита дека и голем број на недоследности се појавувале, голем број од податоците се погрешни, што тој, јас не знам дали му е познат тој документ, во своето обраќање кажа дека тие располагаат сега само со книговодствената евиденција на Електростопанство на Македонија. Тие не ја знаат вистинската вредност. Јас знаев дека министерот за економија има нешто нејасно, штом започна да се повикува на процес кој започнал ни повеќе ни помалку туку во

Чиле во 1978 година. Немојте уште со Црвените кмери нешто да направите бидејќи тоагаш тешко и вам и нам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министере.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Црвените кмери не биле во Чиле, прво да ви кажам. Веројатно знаете каде е, во азиска земја е.

Второ, нема со што друго да располага Електростопанство на Македонија освен со книговодствената вредност на имотот што го има. Ајде кажете ми со која друга вредност. Пазарната вредност ќе се утврди при продажбата. Со која друга вредност кажете ми кое претпријатие со која вредност располага освен со книговодствената вредност. Пазарната вредност се утврдува на пазар. Апсолутно зборувате небулози.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Коце Трајановски имате реплика од три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека требаше да го предупредите министерот поради неговиот вокабулар, меѓутоа во ред.

Јас сега би сакал да го прашам министерот дали тој е министер на СДСМ или е на ЛДП, затоа што рече, СДСМ ги остави 265 илјади невработени во 1998 година. Тука сакам да му кажам дека во тоа се однесуваше перфидноста на системот до 1998 година затоа што се што го кажуваа во јавноста беше скриено. Дури потоа испаднаа анализи со кои се докажа дека беа повеќе од 300 илјади, меѓутоа не беа прикажувани реално, се со цел во јавноста да се прикаже дека дотогашната Влада не била толку неуспешна колку што се сметаше дека е.

Сакам исто така да потсетам дека и после 18 месеци гледам дека се правдате со претходната Влада, Владата што беше до 2002 година а се надевам дека нема да се правда оваа Влада до 2006 година до кога и е и нормалниот мандат, доколку го дочека.

Инаку тоа што се однесува за повеќе од 1000 вработени што биле примени меѓу двата круга, како што слушнав, би го потсетил дека 1998 година преку 4 илјади вработени меѓу двата круга од кои ниту еден не избркавме ние од кои повеќе беа со договор на дело, и решенија им дадовме, а беа дадени решенија меѓу тие два круга. Инаку според оваа дискусија ние од 1998 година до 2002 година најверојатно не смееше никого да примиме. Значи не сме знаеле. Да сме знаеле немаше никого да примиме, ако знаевме дека на овој начин ќе биде реваншот кон сите луѓе што беа примени во времето додека ВМРО-ДПМНЕ беше на власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Дали сум министер на СДСМ или не, јас сум министер во Владата на Република Македонија, предводена од Коалицијата за Македонија заедно.

Сега, нон стоп сме се правдале на работењето на претходната Влада. Тоа не не правда. Тоа ни ја отежнува работата. Инерцијата од лошото работење на претходната Влада сеуште се бориме да ја запреме.

Ако сакате, бидејќи зборуваме за Електростопанство на Македонија, можам да ви кажам и со бројки.

Бидејќи беа наведени претходно одредени податоци за претпријатието кое го преструктуираме и приватизираме,  наплатата била 47%. Сега е 70%. Значи не не правда. Тешко ни е, проблеми имаме. Наплатата сме ја зголемиле дури за 49% во однос на она што вие сте го оставиле. И немојте да кажете дека како резултат на воените дејствија пола Македонија не плаќала електрична енергија. Понатаму, загубите од 22% намалени се на 15%. Тоа е разлика од 7%, но е разлика за 37%.

Што се однесува до материјалните трошоци, вие сте трошеле 15 милиони евра, ние во 2003 година сме потрошиле 10 милиони евра. Значи 36% се заштедите. И онаа многу битна работа што ја зборуваме за трошењето на мазутот, бидејќи еден колега спомна дека имале мазут со многу мала калорична вредност. Во 2002 година просечната калорична вредност на јагленот била 1816 кило калории. Во 2003 година била 1842 кило калории, значи разлика е само 26. Потрошувачката на мазутот во 2002 година била 12.970, во 2003 година е 4.880. Еве тоа ни се проблемите не дека се вадиме на претходната Влада, туку имаме мака, сите овие долгови сите овие

проблеми да ги доведеме во ред и сигурно не можеш да дадеш соодветни резултати, такви какви што посакуваш.

Исто така прашањето, не сме смееле да примаме. Господа, примивте во јавната администрација 40 илјади лица со акции за вработување. Прашувам одговорно, имаше ли јавен оглас за вработување на тие луѓе, имаа ли право сите граѓани, не вработени во оваа држава, да се јават на овие конкурси, за да зборуваме коректно и да бидеме исправни пред лицето на правдата и пред народот и пред овие камери. Значи 100 невработени и 40 во јавната администрација, билансот е 140.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски имате реплика.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Министерот во своето излагање кажа многу работи, изгледа не му е јасно, или мене не ми е јасно, пред се за што се работи кога предлагаат закон за преобразба на Електростопанство на Македонија, АД, за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, а не носат закон со наслов, закон за задолжување на Република Македонија кон Европската банка за обнова и развој и за учество на Европската банка во процесот на приватизасија на Електростопанство на Македонија. Според неговото излагање, токму ова би требало да биде начинот на кој ние би расправале по однос на ова прашање.

По однос на вработувањата, јас би ве прашал, колку вработени имате со договор за дело, значи невработени, меѓутоа ангажирани лица, истовремено после отпуштањето на 1100 вработени за кој кажувате дека биле непродуктивни, дека не придонесувале за успешната работа на Електростопанство на Македонија. И кога веќе толку се грижите за вработувањата на граѓаните на Република Македонија, треба да се грижите пред се за ветувањата на Коалицијата за Македонија заедно, чии член, како што кажавте, бевте и вие, за вработување по еден член во семејството. Дали тоа ветување го исполнивте.

Понатаму, признавте и една друга работа, дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ не ги затварала фирмите туку се грижела за функционално реструктуирање на фирмите кои биле загубари. Такви примери имате по однос на ФЕНИ, ОКТА, ЈУГОХРОМ, а сега вие како стручњаци за затварање многу брзо ги направивте сите

структурни реформи и затворивте се она што можеше да се затвори во овој краток период, а допрва не чекаат нови изненадувања, ако можат да се наречат така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Се грижеле за фнкционално реструктуирање на претпријатијата. Верујатно Алумина функционално ја реструктуирале, што денес имаме 7 години неплатени придонес, ДДВ, данок на добивка, царина итн. Тоа е значи функционално. Или Искра Куманово 60 месеци што немаат придонеси итн. така се преструктуираат претпријатијата нели?

Бидејќи господинот оперира со егзакни податоци, колку што ме држи паметот, нели и во Електро Прилеп исто така имал свои активности како директор и отприлика резултатите што се постигнати за време на директорувањето, не се соодветни на она што денес го дискутира во Парламентот и јас не би сакал да ги читам, затоа што навистина не му идат во прилог и мислам дека малку треба да биде покоректен во своето излагање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Господинот министер со своите говори некако како да внесе некоја конфузија во нормалниот тек на расправата во Парламетот, затоа што, прво не убедуваше дека под зборот преобразба треба да подразбереме реструктуирање, па потоа некако тоа се преобрази во приватизирање, за на крајот децидно да каже дека од Парламентот бара правна рамка за приватизацијата на Електростопанство. Јас навистина сега сум во конфузија што министерот сака од Парламентот, а пак мислев тој ќе дојде подготвен и ќе не убеди во издржаноста на предлогот и во се она што Владата сторила претходно за да излезе со ваков предлог пред Парламентот. Во неговиот завршен збор сем ќе изградиме модел, ќе направиме стратегија, ќе извршиме, ќе направиме, значи, се повторува зборот ќе, јас не знам дали тие направиле досега па излегле со предлог пред Парламентот или сега бараат правна

рамка па потоа ќе ја свршат работата. Единствено што имам впечаток како да пишуваат господата од Владата нова граматика, па зборот ќе го користат како идно време од зборот лажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре, само вие немојте такви зборови од типот на лажам.

СТЕФЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Не, нема. Јас убаво се сеќавам дискусијата на почитуваната госпоѓа и таа многу убаво кажа дека треба Електростопанство да се преструктуира итн, итн. Таа во својата дискусија употреби “но”. Значи, многу тешко ни е на нас македонците да воспоставиме реченица докрај, да ја дотераме ако не употребиме “но”. Значи јас употребувам ќе, вие употребивте но.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Спиро Мавровски имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Во дискусијата на господинот министер повторно се изнесуваат невистини дефинитивно и ќе мораме да ги прочитаме наплатите изгледа во сите дистрибуции и колку е наплатено 2002, колку е наплатено 2003 година. Затоа што податоците што ги искажа се тотално невистинити. Господине министре, не знам кој ви ја дал информацијата дека калоричната вредност на мазутот, или јагленот, како што рековте вие е 1816. Сигурно дека не е. Ќе проверите и ќе побарате повторно тој што ви ја даде информацијата, е 1750 со 1865. Значи, таа разлика како што ни кажувате во вашиот говор, тој мазут не го мачкаме на леб. Но се надевам не како вашата Влада да го пиеме како масло или пак да го увезуваме по најскапата цена во Европа и за тоа апсолутно никој да не одговара. Значи, вие сте многу попаметни од нас и можете и во 4 очи да направите цел мазут да дојде во Македонија и другите да плаќаат. Оние луѓе што се примени 1998 година меѓу двата круга претпоставувам дека не беа тогаш членови на ВМРО-ДПМНЕ, а денеска се директори на подружниците во Електростопанство на Македонија, значи воопшто не се партиски и политички определени. ВМРО-ДПМНЕ најде доблест и ги остави да работат и тие

четири години да денеска бидат директори. За тоа не знам што ќе кажете. Но, луѓето кои што беа примени, примени се според слободни места по систематизација. Вие ги направивте административци луѓе што работат со лопати, луѓето кои што ги избркавте дека се правници и дека немаат место во Електростопанство, а во моментот ангажирате адвокати со баснословни суми кои што треба да го бранат Електростопанство на Македонија од овие луѓе што ги избркавте. Што е целта и каков е начинот на работа на Електростопанство треба некој подобро да ви објасни за да можете да ги браните овие ставови кои тука ги искажувате.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Кажувате дека било потрошено 2002 година 15 милиони, сега сте потрошиле 10 милиони, сте направиле заштеда од 5 милиони. Господине министре треба да знаете дека 1998 година, сите магацини во Електростопанство беа празни. 2002 година магацините и ова што го трошите и ден денес од кривката на јаглен и тоа што беше оставено по магацините може да ви направи релативна вредност и заштеда која што вие ја прикажувате. И затоа ова што го кажувате, книговодствената вредност, треба да знаете дека еден мотор од 20 киловати, книговодствено се книжи како вредност од 1 денар. Ако е тоа вредноста на ЕСМ повелете кажете.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Вака во врска со калоричната вредност на мазутот односно на јагленот 2001 година во просек бил 1117 а 2002 бил 1816. Значи, таа бројка вие што си ја кажувате сте поблиску до 2001 година. Што се однесува до залихите 1998 година кога сте ги презеле, незнам колку биле но факт е дека по претпријатијата вклучувајќи го Електростопанство се држат непотребни залихи кои што непотребно врзуваат големи количини на средства, и не би сакал тука директно да ве обвинам вас, затоа што сте имале залихи, или пак некого зашто држел многу мали залихи, во суштина, тоа е погрешна политика да се држат големи залихи во магацините.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И конечно г-динот пратеник со кое што се почна оваа симултанка, г-динот Шајновски имате три минути реплика.

Имате три минути реплика.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Господине министре, што ве наведе да напишете закон за реструктуирање на едно АД. Зошто тоа го правите кога немате таква обврска, немате такво барање или таква обврска кон парламентот. Ако навистина намерите ви се чесни во оваа припрема за продажба на ЕСМ, тргнете го членот 7 од овој измислен закон, да го изгласаме ова рестсруктуирање кое што немате обврска да го поминете низ парламентот, а бидејќи сте многу транспарентни донесете некој закон, за продажба во кој што ќе направите претходни клаузули околу кои што ќе се држи продавачот во разговорите со евентуалните потенцијалните купци. Нешто направете да ова навистина биде транспарентно, ова е апсолутно нетранспарентно. Закон за реструктуирање, а внатре вметната клаузула за продажба. Тргнете ја таа клаузула и дај да го изгласаме кога толку ви стало да помине овој закон за реструктуирање во Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ:

Член 7 став 1 точка 2, пишува продажбата ќе биде преку тендер, по транспарентен јас незнам начин. Ако тој знае нека каже.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, збор има пратеникот Весна Борозан, а нека се подготви пратеникот Владо Илиевски.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван министре, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Се јавувам повторно за збор во врска за предлог законот кој што е пред нас и се надевам дека имам добро оправдување заради тоа што го правам.

Првото мое оправдување за тоа е што вчера се јавив во име на Комисијата за Европски прашања и притоа мое обраќање во Парламентот немав можност да го кажам своето лично мислење во врска со ова прашање.

А, втората причина која што сакам да ја изложам е тоа што од 1995 година наваму, постојано ја следам проблематиката на либерализација на електроенергетиката како сектор и комерцијализацијата на претпријатијата од тој сектор, од професионални побуди.

Заради тоа, јас случајно имам и одговори на повеќето од прашањата кои што беај поставени во текот на ова дводневна дебата, на пример едно од прашањата

беше по кој модел ќе се преструктуира Електростопанство на Македонија, одговорот на ова прашање е дека Електростопанство на Македонија ќе се престсруктуира по комбинираниот модел на билатерални договори со отворен пазар на големо. И, за оние кои што го разбираат ова, овој одговор го содржи одговорот на прашањето кој е тој кој што ќе склучува договори за увоз на електрична енергија и содржи одговори на многу други потпрашања кои што беа овдека поставени.

Меѓутоа, лично, не сметам дека ова е место на кое што треба да се водат дебати од овој тип на вакво стручно ниво. Ниту сметам дека имаме време да го арчиме времето на Парламентот, за дискусии кои што во Македонија можат да ги разберат, верувајте ми многу малку стручни луѓе. Времето кое што ние го поминуваме во Парламентот им припаѓа на граѓаните на Република Македонија, односно на нашите избирачи, и заради тоа во своето обраќање имам намера да позборувам за темите кои што верувам исклучиво ги интересираат нив во врска со ова прашање од интерес за сите граѓани од Македонија.

Првата тема од интерес на граѓаните, претпоставувам дека е цената на електричната енергија. Одговорно тврдам дека е злосторство да се тврди да се наведува јавноста да поверува дека приватизацијата на дел од преструктуираното електростопанство на Македонија ќе значи зголемување на цената на електричната енергија. Ова не е случај, затоа што во случајот на оваа структурна реформа за разлика од приватизацијата на Телекомот, се преземаат сите мерки за кои што се познати воопшто во економијата и во Светската практика, за да се спречи монополското однесување на било кој производувач, и продавач на електричната енергија на идниот пазар на Електрична енергија во Република Македонија. Заради таа намера оваа Влада реформата ја води по еден светствен редослед, најпрвин со формирање на регулаторна комисија за енергетика кој што ќе ги одреди правилата на однесување на пазарот, понатаму, втор чекор е, институционализирањето на операторот на преносниот систем, тоа што се прави со овој закон, и наскоро треба да се донесе, сметам дека Владата на Република Македонија веќе работи на овој закон, закон за пазар на електрична енергија.

Едно од најбитните работи што треба да се уредат со еден ваков закон е да се ослободат големите индустриски потрошувачи да можат, потребната електрична енергија да ја набавуваат на отворен пазар. Тоа за нашиот граѓанин значи, дека Електростопанство на Македонија веќе нема да ја има обврската да ги снабдува големите потрошувачи, индистриски потрошувачи од калибарот на ФЕНИ, Југохром,

со електрична енергија. И, дека ќе се ослободи од притисокот на цената кој што тие ја вршат.

Ова е поволно исто така и за големите потрошувачи кои што зарадиј поволностите под кои тие ја купуваат електричната енергија, што значи на големо во големи блокови, ќе може да постигнат на регионалнот пазар, да се снабдуваат со електрична енергија по релативно ниска цена. Енергијата кои што тие ќе ја испазарат ќе може под транспарентни услови да се пренесува од страна на преносниот систем оператор, по преносниот систем од Елетроенергетската мрежа до купувачите. Притоа понепречени услови и притоа, Електростопанство на Македонија односно оној дел кој што ќе остане, кој што ќе биде произведувач, кој што евентуално ќе се приватизира, не мора да има никаква можност од монополска позиција да влијае на овие трансфери на енергија, ниту на цената под која што тие ќе се обавуваат.

Понатаму, оној дел од потрошувачите на електрична енергија во Македонија кои што нема да потпаднат по условите на слободно пазарење на либерален пазар на електрична енергија, а тоа се токму малите потрошувачи или граѓаните на Република Македонија со своите домови и со своите мали продавнички, и мали биснизи, тие ќе бидат под надзор, односно под грижа на регулаторната комисија за енергетика. Што значи тоа. Тоа значи дека регулаторната комисија за енергетика ќе одредува цената на електричната енергија за ваков тип на потрошувачи, и оваа цена одредена од регулативната комисија ќе биде задолжителна за продавачот на електрична енергија во случајот Електростопанство на Македонија, односно оној останат нејзин дел кој што ќе се занимава со производство.

Постојат повеќе методологии, така наречени, тарифни методологии, по кој што регулаторната комисија за енергетика ќе ја пресметува цената на електричната енергија, јас сеуште незнам кој од познатите модели постоечки модели во светот ќе го одбере регулаторната комисија за енергетика за да го примени во случајот на Македонија, меѓутоа, можам да кажам дека регулаторната комисија за енергетика е членка на сојузот на регулатори на Европа, и на регионот кој што ќе биде формирана многу скоро, и тоа ќе го прави на еден транспарентен и одговорен начин одговарајќи пред овие сојузи и комисии.

Накратко методологиите под кои што се користат за пресметка на цената на електричната енергија се состојат во тоа да цената која што се одредува преставува просек на цената на чинење на производството на електричната енергија во земјата, цената на жинење на електричната енергија во регионот во блиските

електроенергетски системи и се состои уште од цената потребна за пренос на електричната енергија, и трошоците за дистрибуција на електричната енергија. Цената значи е фиксна, а на инвентивноста на компаниите кои што ќе работат под комерцијални ислови, останувам колку тие ќе ги смалат загубите во нивните мрежи, колку ќе работат успешно економично и колку ќе ја држат високо наплатата на електричната енергија за да можат од таа продажба да извадат поголема профит. Не случајно ја спомнав наплатата во овој случај затоа што сметам дека токму и покрај напорите што моменталното раководство на Електростопанство на Македонија ги прави во овој правец за зголемување на процентот на наплата на електричната енергија сметам дека овој механизам кој што ќе нуди можност за комерицјално работење ќе биде доминантен во иднина и во тој правец ќе се зголемуваат напорите во идниот сопственик на Електростопанство на ЕСМ без разлика дали тоа ќе биде државата или тоа ќе биде некој приватен стопанственик. И, тоа значи дека секој што потрошил електрична енергија ќе мора и да ја плати. Јас верувам дека нема ниеден дука присутен во салава кој што не го поддржува овој принцип.

Друго прашање е тоа што државата мора уште сега, значи паралелно со напорите на тековното раководство на Електростопанство на Македонија да го зголеми процентот на наплата да размислува и да направи напори да обезбеди социјални паќети за компензација на сметките на електрична енергија, за оние потрошувачи, за кои што навистина немаат средства да ги платат своите сметки за електрична енергија. Електричната енергија е јавно добро услугата е услуга од јавен интерес и минимум количина на електрична енергија за обавување на основните животни функции, треба да има секој во оваа држава. Оној што навистина нема средства да ја плати, државата треба да му обезбеди средства за задоволување. Во Европа вакви мерки не се дозволени, меѓутоа за земјите во транзиција како што е Македонија, вакви мерки се применуваат и тие се состојат од прилика од три вида на мерки, првиот е директни социјални плаќања, вториот тип на мерки претставува скалесто тарифирање, односно цената на електричната енергија се зголемува доколку се зголемува и количината на потрошена електрична енергија месечно и овој механизам води кон стимулација на потрошувачите за заштеда на енергија, меѓутоа, исто така спречува една многу негативна појава која што ја имаме и во нашата средина. А тоа е да социјалните случаи, за оние кои што најмалку имаат пари, да ги платат тие сметки кои што воопшто не ги плаќаат своите сметки, да се

греат на електрична енергија, којшто од друга страна е најскап, најкултивиран, најкомотен вид на енергија која што може да се користи за затоплување.

И третиот начин од социјалните паќети кои што Владата сметам дека треба најсериозно да ги подготви и да ги понуди во најскоро време на македонските граѓани тоа е се методите на енергетска ефикасност, доделување на поволни кредити, или гранд средства за подобрување на енергетската ефикасност на живеалиштата со измена на прозорите, подобра изолација на становите итн.

Друго прашање кое што верувам дека ги интересира граѓаните, иако може да има врска со законот кој што денеска е на разгледување и кој што покрај преструктуирањето и овозможувањето на услови за воведување на либерален пазар на електрична енергија, посочува и мерка на приватизација. На оној дел од електростопанство кој што е способен за конкуренција, за конкурентски односи, а тоа е производството и дистрибуцијата, е прашањето на отпуштање на вишокот вработени. Тоа е исто така една парола, со која што опозицијата се труди да ги исплаши граѓаните на Република Македонија. Односно дека со приватизацијата автоматски тоа ќе значи дека ќе има отпуштање од Електростопанство на Македонија. Тоа не е вистина воопшто, јас реков дека ова претпријатие треба да се комерцијализира, и тоа воопшто нема врска дали ќе биде во државна сопственост или ќе биде приватно, комерцијализацијата е извесна.

Меѓутоа, морам да кажам кои се искуствата во Европа и во светот од процесите на либерализација на пазарот, а тоа е исклучително позитивно влијание на бројот на вработувања во опсегот на висококвалификувани кадри во секторот. Само за илусрација на ова што го зборувам сите индустриски капацитети како ФЕНИ, Југохром, итн., во иднина ќе мораат да вработат висококвалификувани стручни луѓе кои што ќе бидат задолжени да го следат пазарот на Електрична енергија, и кои што ќе бидат задолжени да набават електрична енергија по ефтина цена за корисникот, и од тоа ќе зависи многу профитабилноста на работењето на капацитетот. Така да верувам дека либерализацијата на пазарот и во Македонија ќе даде можност, за вработување, продуктивно вработување, значи не само вработување на хартија, на образовани висококвалификувани кадри од Македонија.

Покрај тоа мислам дека беше спомнато од некого, исто така, страшното предупредување за можноста за затварање на рудниците во Битола, дека идниот значи приватник значи ќе може да си купи енергија од кај сака и заради тоа ќе ги затвори електраните во Битола. Ова тврдење исто така нема никаква реална рационална основа за оние кои што се познавачи и од приликите во енергетиката

веднаш знаат дека во регионот речиси не постои извор на производител на електрична енергија со толку ниска цена на производство на електричната енергија, како што е тоа комбинатот РЕК Битола. Цената на произведениот киловатчасот РЕК Битола, можеби нешто ќе се зголеми со потребата од отворање на новите рудници, бидејќи тековните рудници се при крај со нивниот капацитет во тек се инвестиции од руската помош за отворање на новите рудници, значи продолжување на животниот век на електраната, меѓутоа ова зголемување на цената ни случајно нема да бидат толкаво за да идниот сопственик или сегашниот сопственик без разлика кој тоа ќе биде, дали државата Република Македонија или некој приватен стопанственик да има воопшто таква идеја да ги затвара рудниците во Битола.

Јас ќе го поддржам закоонт кој што е денеска на дневен ред и ќе подржам со истите мотиви, како што ја поддржувам реформата на Предлогот и Европската перспектива на земјата. Но сакам да го нагласам и следново, да го упатам до Владата на Република Македонија . Ниту реструктурањето, ниту приватизацијата, поготово не таа, не смеаат да бидат цел сами за себе, или крајно итересот на Владата за структурните реформи во електоенергетиката.

Донесувањето на законот денеска има смисла, само ако е дел од еден процес на обемни реформи кои не завршуваат тука. Само да ја потсетам Владата што сеуште треба да се направи по донесувањето на овој закон.

Покрај националната стратегија за енергетика, која што колку јас знам е во тек на подготовка, на изработка, потребно е да се донесе нов закон за енергетика, кој што ќе биде потполно усогласен со новата европска директива од оваа област, директивата од 2003 со реден број 54.

Понатаму, регулаторната комисија за енергетика која што е основана од ова Собрание, да ве потсетам значи не од Владата, туку од нас пратениците тука, треба да ги забрза активностите во подготовка на сите подзаонски акти, кои што се неопходни за регулирање на идниот Пазар на електрична енергија во Македонија, што подразбира издавање на лиценци, тарифи, технички правила за приклучување на мрежата, технички правила за функционирање на пазарот и сл.

Понатаму, исто многу важен сегмент, од аспект на европската перспектива на Македонија. Постојат европски директиви кои се однесуваат на заштита на животната средина од областа на енергетиката. Македонија мора да изврши усогласување на своето законодавство и од овие аспекти. Неможеме да зборуваме за приближување кон Европа, без да водиме сметка за заштита на животната средина.

Зборувајши на ваков начин, можам да тврдам дека законот кој што е сега пред нас, претставува колминација на една од најсериозните, најдлабоките и најсмелите структурни реформи кои што ги превзема оваа Влада. И доколку продолжи со овој тек, меѓу другото и со точките кој јас ги набројав во ова излагање, сметам дека ќе биде една од најуспешните реформи. Во оваа изјава ја вложувам целата своја професионална и политичка одговорност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас би ја прашал г-ѓата Борозан дали е во колизија со она што го говореше г. министер. Јас ве разбирам и согласувам со она што го говоревте дека либерализацијата се воведува за големите потрошувачи, за оние што треба да купат електрична енергија на пазарот и токму преносниот систем под одредени услови да ги донесе до тие големи потрошувачи. Но министерот кажа дека АД ЕСМ бидејќи се задолжени и за производство и за продажба и евентуално увоз на електрична енергија, тие ќе ги склучуваат договорите, а овие од преносот, односно операторот ќе биде тој што ќе склучува договори за преносот на електричната енергија. Јас овдека не ја гледам либерализацијата иако е точно вака, како што говори министерот, или вие сте погрешно толкувани од него, или пак добиваме нешто што неможеме да го разбереме. Се надевам дека ќе можете да ми објасните, тоа е првото . Кажувате дека регулаторната комисија ќе дојде до некој модел кој што ќе треба да работи. Јас мислам дека и после толку време од формирањето и парите што се дадени и добро платени се луѓето во регулаторната комисија, со личен доход повеќе од 80.000 денари , мислам дека требаше да завршат одредени работи досега, а кажувате дека наплатата во времето кога ќе се приватизира ќе биде максимална и ќе имаме наплаќање од секого. Одиме на приватизација и вие кажувате дека тој што ќе се приватизира, едноставно, сега државата ќе дава социјални пакети и ќе може на тој приватникот што ќе ги земат тие средства едноставно, да ги ослободува некои да не плаќаат електрична енергија. Во моментот господата од ЕСМ наплаќаат електрична енергија со помош на ОБСЕ, со помош на полиција со обезбедување и уште незнам какви начини и се стигнати до

64%. Ако вие можете тоа да го направите секој да плаќа, незнам зошто ЕСМ не го направи тоа.

Друго, кажувате кога ќе се приватизира ЕСМ , тоа има големо позитивно влијание и вклучување во работата на многу високо образовни кадри.

Г-ѓо Борозан, вие бевте тие што кажувавте дека овие луѓе, работници со висока стручна спрема 117 на број, работници со виша школа шести степен 47 и работници со средна стручна спрема 437 луѓе. Значи некаде повеќе од 600 луѓе со вакво високо образование, вие ги избркавтр од ЕСМ. И кажавте дека се вишок. Сега ме убедувате кога ќе се приватизира и сеќе биде како што треба, дури првиот ден ќе ги вработат, за да добијат пониска цена .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски.

Повелете г. Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитуваната г-ѓа Борозан би било коректно да даде и одговор бидејќи се зема во улога, ние пратениците сме тие да ја критикуваме, но и да ја фалиме Владата, но во име на Владата, се прави преседан . Првото прашање што треа да го одговори г-ѓа Борозан, во самиот наслов се зборува за преобразба, а ние веќе влеговме во материјална расправа за приватизацијата. Дури зборуваме и за моделите на приватизацијата.

Она што зборувавме дека г-ѓа Борозан сакаше да ме убеди дека е потребна либерализација на пазарот, се согласуваме сите. Тука сме сите на иста референца. Но она што сакаше да не убеди нас и македонската јавност, со тоа што упорно ни кажува дека би било злосторство, дека нема да се покачи цената , а вториот дел од нејзината дискусија кажа дека кај РЕК Битола со новиот откоп, или со новите средства од Русија, дека ќе се зголеми цената . На злосторството, следува и казна. Ве уверувам г-ѓо Борозан дека со качувањето на ДДВ од 5 на 18% , дека нема да се зголеми, ќе ви ја земам дискусијата од минатиот пат кога отпочнавме со реструктуирање, односно со отпуштањето на 1100 луѓе и сега ве уверувам дека ќе има ново поскапување. Апсолутно бидете сигурни, запаметете ја оваа дискусија и во секоја прилика ќе ви ја повторам . И друга работа, не само ќе има поскапување, туку ќе има и ребаланс. Ве уверувам во 6-ти месец . Тогаш зборував уште кога дојде законот, неминовно е да има ребаланс на буџетот. Ве уверувам дека ќе има

поскапување на цената, затоа што сите го делиме тоа мислење дека ние сме зависни и увезуваме 30% енергенси, односно увезуваме електрична енергија, зависно од годината до 50%. Во високо интензивните индустриски гранки, во која што спаѓаат ФЕНИ , ЈУГОХРОМ, МАКСТИЛ, БАЛКАН СТИЛ. Европа не почитува и не сака да има дампинг цени. Тие работат на овие простори на Македонија, затоа што имаат ниса цена.  Ниска е цената на електрична енергија. Ова е само една мамка дека ќе се поскапи, затоа што нема да бидат конкурентни во Европа. Цената е ниска, затоа што тие работат со повластена цена. И ако гледаме глобално како се размислува за енергенсите за енергетиката , ние можеме да увеземе евтина само од Русија по 1,5 цент, но неможе да ја донесеме во Македонија, затоа што сме потписници на европски конвенции и декларации и незнам што. Ние неможеме да увеземе, затоа што влеговме во големата фамилија на Европското семејство.

Од тие причини, приватизацијата е единствен спас да се направи и тоа ќе го бара самата приватизација. 70% ќе се нуди да го купат нашите компани. Ние не сакаме да дадеме на  нашите компании.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Даневски.

Има една минута реплика г-ѓа Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Јас на колегата Мавровски не му одговорив, затоа што сметам дека воопшто не го разбира моето излагање и немаше цел во одговорот. Додека, што се однесува до колегата Даневски јас сум му многу благодарна што го поддржува принципот на стопанисување со електрична енергија во Македонија на база на пазарни принципи.

Само да се надоврзам на неговата дискусија, во западните економии во светот пазарот на електрична енергија се воведува со еден од основните мотиви, беше смалување на цената на електричната енергија. Вчера мислам имаше еден цитат од колегата Спиро Мавровски, кој што зборуваше за незадоволството на синдикатите од либерализацијата и тој се однесуваше токму на ваков случај, каде што цената на електричната енергија не се намалила доволно колку што луѓето очекувале. Во овој случај на Македонија и на земјите во транзиција се очекува стабилизација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа Борозан.

Повелете г-дине Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мојата реплика на колешката Борозан се однесува на следното.

Член 8 од Предлог законот гласи: “Реструктуирањето на АД ЕСМ и приватизацијата на АД ЕСМ и на друштвата основани од него се врши врз основа на претходно донесена одлука, односно други акти сврзани со процесот на преобразбата од страна на Владата на Република Македонија , засновани врз начелата на транспарентност, недискриминираност, објективност и согласност со пазарните услови”.

Да ве потсетам на почетокот на вашето излагање кажавте дека вие знаете кој модел ќе се примени при преструктуирањето и приватизацијата на ЕСМ. Ако ова претставува транспарентност на Владата , кога преку пратеници слушаме еднаш за датум на избори, сега слушаме кој модел ќе се примени, а од друга страна овој закон сеуште не е изгласан од ова Собрание и навистина сметам дека ние како Собрание не претставуваме ништо друго, туку само верификатор на волјата на Владата на Република Македонија .

По однос на вашето искажување дека приватизацијата на ЕСМ нема да значи зголемување на цената на електрична енергија. Јас само ќе ве потсетам на следното: Во Атина е потпишан од страна на министерот Стевчо Јакимовски, ревидираниот меморандум за формирање регионален пазар на енергија. Во делот на електричната енергија договорено е формирање на регулаторна комисија, која ќе врши усогласување на тарифите за пренос на струја меѓу земјите кои влегуваат во овој пазар, а кој ќе треба да почнат да се применуваат најдоцна во јули 2005 година.

Со новите тарифи за пренос на електрична енергија се очекува да дојде и до измени во цената на електричната енергија, која ќе престане да се третира како социјална категорија , но според најавите ќе постои инструмент за олеснување на влијанието на реформите врз категорија загрозени потрошувачи . Дали ова не значи зголемување на цената на електричната енергија.

Третиот аспект на кој сакам да реплицирам тоа е кои се наводите дека се прифаќа принципот на комерцијализација на работењето, што јас го поддржувам многу одамна, затоа што на овој начин само се поттикнува неуспешниот начин на менаџирање во државните компании воопшто, не само за ЕСМ. Меѓутоа, ако имате комерцијализација на работењето, од каде вие знаете дека нема да има отпуштање. Комерцијализацијата на работењето, значи согледување на сите економски

параметри и сведување на трошоците на минимум и создавање на основа за профитабилно работење. Ако трошоците за плати се пвисоки од она што го очекува сопственикот или менаџерот на таа компанија кој што ќе раководи, тогаш од каде вие знаете дека тој нема да отпушти вработени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Стојановски.

Повелете г-ѓо Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Не беа три аспекти, беа некаде пет аспекти. Од каде јас знам за сите овие работи и модели по кои што Владата ќе го преструктуира електро стопанство. Во јули 2003 година, имаше отворена презентација на владиниот консултант за одредување на моделот на пазарот на електрична енергија во Република Македонија , НЕРА и сите што беа заинтересирани за судбината на овој сектор, можеа да го проследат тоа излагање.

Понатаму, крајот на октомври 2003 година, имаше отворена презентација на стручното здружение за големи електрични мрежи Макосигра, на тема преструктуирањето на ЕСМ и јас лично им ги врачив поканите на моите колеги од опозицијата, за кои што сметав дека се интересираат за овие аспекти. Тие не дојдоа на оваа презентација. Да дојдеа, тогаш ќе дознаеја и за деталите од оваа област, меѓу другото и за Меморандумот кој што министерот го потпиша во Атина и каде што зголемувањето на тарифите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Борозан.

Повелете г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мојата реплика се однесува на колешката Борозан. Сметам дека имаше добар говор притоа, ни даде некои дополнителни информации во врска со законот. Мислам дека таа е повеќе запознаена од нас и тоа е добро, но мислам дека отвори некои прашања и дилеми, кои што би сакал јас да добијам дополнителни сознанија, доколку може да се одговори. Инаку, спомна социјални пакети и тоа е добро што така се размислувало, меѓутоа, се работи за една огромна бројка на невработени,

околу 400 илјади. Сите тие врувам дека сакаат да платат, никој несака да неплати, меѓутоа, немаат плата, немаат работа, а ќе ве потсетам дека на 15 септември им се вети вработување по еден од семејство и доколку барем еден член од семејство работи и кога Владата тоа ќе го оствари, нема да има потреба од вакви социјални пакети, иако во сеој случај овие треба да се во опција, со оглед на тоа што незнам кога или во догледно време , или во некое брзо време нема тоа да се оствари. Инаку, ништо не напомна околу тоа што со оние населени места, кои што сега имаат слаба струја и тоа најверојатно нема да имаат квалитетна струја, пред да се приватизира и пред да се добие новиот газда на ЕСМ. Особено се работи за населените места кои што се приградски или блиску до градот, како што се скопските села од Гази Баба, Раштак, Булачани, Смилковци, Црешево, или надолу ако зememe Идризово, Јурумлери, Трубаево, дали тие ќе се препуштат на новиот газда да им го реши проблемот, а со оглед на тоа што тој нема обврска да им го реши, сигурно тоа ако го реши ќе го реши со многу големи трошоци и затоа сметам дека најпрво би требало овие населени места како лојални граѓани да напават да добијат квалитетна струја. Иако ние доволно работиме, сметам дека со 5-тата станица која што беше во Бутел, може, има начин, има можност тоа да се направи.

Инаку она што се однесува дека опозицијата ги плаши граѓаните, дека со приватизацијата на ЕСМ ќе има отпуштање или бркање од работа, сметам дека тоа не е плашење, туку е само едно наше предупредување, значи до Владата и нормално при одбирање на идниот газда на ЕСМ , бидејќи поминаа 18 месеци, значи после 15 септември и тогаш вие рековте дека нема да има бркање, дури рековте дека ќе има нови вработувања, меѓутоа се случи едно масовно бркање на сите вработени кои што 1998 до 2002 година беа примени во ЕСМ.

Во однос на цената не би сакал да коментирам, времето ќе покаже дали бевме во право.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Борозан, имате една минута.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Ова повеќе беше поддршка на мојот став  во врска со поддршката на овој закон, одколку што беше реплика. Во врска со социјалните пакети, мислам дека колегата го поддржа моето кажување. Да, треба да ја задолжиме Владата да ги

подготви овие пакети, меѓутоа, тие да бидат упатени токму на оние кои што навистина неможат да ја платат електричната енергија, а не некои кои што можат да платат, меѓутоа, со диви приклучоци крадат електрична енергија.

Понатаму, исто така прашањето што беше за квалитетот со снабдувањето на електричната енергија во приградските населби , регулаторната комисија, меѓу другото, има задолжение и да пресудува во спорови во врска со испорачување на енергија и една од нејзините главни улоги и мандати кои што ова Собрание им ги даде со овој закон е заштита на потрошувачите. Според тоа, секој потрошувач со несоодветен квалитет на услуга може да достави жалба до регулаторната комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен за реплика се јави г. Ѓорги Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Госпоѓо Борозан, дозволете да ви прочитам што има кажано министерот за економија. Сега она што беше кажано дека нема никаква преобразба во ЕСМ, апсолутно не е точно од причини што веќе е извршено книговодствено раздвојување на мрежата од дистрибуцијата и производството, значи техничките детали се утврдени, а во јули ќе имаме два посебни правни субјекта, а до крајот на годината ќе имаме одвојување и тн. А вие велите да донесеме Предлог за донесување на закон за преобразба. Преобразбата е во тек и единствено умесно е барањето, односно предлогот на господинот Шајноски, ако сакате да продолжите да дискутираме за ова, да го тргнете членот 7. Што се однесува до вашата констатација за стравот, извинете госпоѓо Борозан, но, ако премиерот на Владата на Република Македонија господинот Црвенковски официјално се нарекува дека е чувар, верувајте дека немаме намера, земјава тогаш да претпоставиме дека ќе стане логор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, немојте да правите дискриминација помеѓу идните кандидати за претседателски избори. Јас еднаш реков, ако спомнувате едно име, спомнете ги сите други за да бидат рамноправно спомнати пред јавноста.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Вториот дел од репликата навистина не го разбрав, за разлика од вас господин претседателе. А што се однесува на првиот дел од репликата, исто така не

сметам дека е упатена на моето излагање, бидејќи колегата ги третира правните аспекти од процесот на преструктуирање и приватизација на ЕСМ, за што јас воопшто не сум стручњак. Меѓутоа, можам да го кажам своето гледање на ова прашање, а тоа е дека Владата преземала и ќе продолжи да презема активности во правец на преструктуирање  и приватизација на ЕСМ во рамките на оние надлежности кои што на Владата како Собрание на акционери на ЕСМ и  се дадени со Законот за трговски друштва. Овој закон кој што е пред нас тука во собраниска расправа се однесува само на оние аспекти кои што Владата нема право да одлучува врз основа на Законот за трговски друштва и ние како Собрание треба да донесеме одлука во врска со тие прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Владо Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Законот за преобразба на АД ЕСМ во државна сопственост што денес е на дневен ред во Собранието на Република Македонија  изработен е од страна на надлежни претставници од Владата на Република Македонија, АД Електростопанство на Македонија, стручни експерти од Комисијата за спроведување на процесот на приватизација на Акционерското друштво, како и консултантот на Владата за реструктуирање и приватизација кој е избран од минатата Влада. Овој закон ја уредува преобразбата на АД Електростопанство на Македонија со раздвојување на друштвото на две нови друштва во државна сопственост што ќе се постигне со издвојување на функцијата на пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем заедно со потребната инфраструктура и ќе се создаде законска основа за можна идна приватизација на преостанатиот дел од сегашното интегрирано претпријатие. Преобразбата е направена на најдобар можен начин избирајќи го најповолниот модел,  така што производните единици и дистрибуцијата се оние каде што треба да се создадат елементарни услови за можен прилив на инвестиции, неопходно е да се создадат услови за вградување на комерцијални принципи во односите, да се гарантира рамноправноста и праведливоста  на регулаторната рамка, да ги следат широките прифатени

стандарди како и создавање на услови за спроведување на интеграционите процеси во регионот и пошироко во Европа.

Од друга страна пак за да се обезбеди квалитетно снабдување на потрошувачите со електрична енергија кој квалитет поготово се бара од потенцијалните странски инвеститори, од голема важност е придонесот на електроенергетскиот систем и управувањето со истиот да биде во рацете на државата што дава поголема сигурност во снабдувањето, а од друга страна со тоа се има контролата и над целиот систем, што изостана со продажбата на ТЕЛЕКОМ. Доверливото и поуздано снабдување со електрична енергија станува значајна и основа во организацијата на енергетските системи. Потребите од електрична енергија кои во нашата земја во овој период рапидно растат и тој тренд најверојатно ќе продолжи и во иднина со поизразено темпо, создава потреба од забрзана изградба на современа преносна инфраструктура. За остварување на овие заложби потребно е реализирање на предложеното реструктуирање со реформи на законската и регулативната рамка и нејзино приближување кон директивите на Европската унија во областа на енергетиката, комерцијализација на енергетските единици, поготово во производството и дистрибуцијата, како и брз развој на интерконективната инфраструктура помеѓу енергетските системи на земјата од регионот и пошироко. Со донесувањето на овој закон ќе се обезбедат услови за транспарентен и недискриминиран пристап на корисниците кон инфраструктурата на системот за пренос на електрична енергија. Се надминуваат и во целост се отстрануваат негативните ефекти од монополската позиција на доминантните субјекти во електростопанството. Со очекуваното окрупнување во регионот и пошироко, поврзувањето и здружувањето на пазарот при што реално националните и политичките интереси и обележја го губат приматот пред економските интереси.

Почитувани пратеници, преобразбата на Јавното претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија, во ЕСМ почната е уште од 2000 година со одлука за преобразба во АД донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие согласно Владата на Република Македонија. Статутот на АД ЕСМ во државна сопственост го донесе Владата на Република Македонија потпишана од тогашниот премиер и истиот претставува акт за основање согласно одредбите од Законот за трговски друштва врз база на што друштвото е запишано во трговскиот регистар. Единствен сопственик на акциите на друштвото е Владата на Република Македонија, а како такви се запишани во акционерската книга во Централниот депозитар на хартии од вредност. Имајќи во предвид дека станува збор

за најголемото друштво во државна сопственост, како и јавниот сервис кој тоа друштво тоа го врши и било каква структурна промена на друштвото има ефект врз сите жители на Република Македонија. Затоа неопходно е да постои вистинска транспарентност во тоа. Транспарентноста ќе се постигне во собраниската расправа за предложениот текст на законот за преобразба на АД ЕСМ каде преку расправа целокупната јавност ќе може да се информира што значи самата преобразба што ќе се постигне со истото, како и самиот факт со кој се потврдува определбата на Владата да помине кон либерализација на електроенергетскиот систем на Република Македонија , во исто време заштитувајќи ги државните интереси и интересите на граѓаните. Денешнава расправа во Собранието е насочена и кон стручната јавност во Република Македонија за нејзино информирање, поттикнување на дискусија со цел да го дадат својот придонес во насока на преиспитување на планираните мерки и активности дадени во самиот Предлог. ЕСМ во моментов егзистира како Електростопанство на Македонија АД за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија. Тргнувајќи од ваквиот статус на ЕСМ на прашањата сврзани со статусните промени на друштвото се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва, така што не би имало потреба од донесување на некои посебни законски регулативи.

Сакам уште еднаш да ги отстранам сите дилеми и шпекулации што сакаат да се пласираат во пошироката јавност околу донесувањето на овој закон за преобразба на АД ЕСМ во државна сопственост што со донесувањето на овој закон не значи дека на Владата и се дава можност да го преобрази, а потоа и приватизира АД ЕСМ во државна сопственост. Владата според Законот за трговски друштва, во улога на Собрание на акционери ја има таа можност и без донесување на овој закон да го направи тоа. Меѓутоа, со овој закон Владата сака да го направи на еден транспарентен начин да се запознае целокупната јавност, следејќи ја расправата во Собранието на Република Македонија. Додека пак како што реков стручната јавност да го даде својот придонес и во понатамошниот дел т.е. имплементацијата на овој закон кој претставува поважниот дел за што треба поширока политичка поддршка. Покрај горе наведеното една од целите на Владата што сака да ја постигне со донесувањето на овој закон е вградена во член 7 од овој закон, а се однесува на преносот на акциите на вработените во АД ЕСМ. Во дадениот член постојат одредени недоречености заради што ние група пратеници предложивме амандман со цел допрецизирање на условите за пренос на акциите на вработените бесплатно, или по повластена цена од основната главнина на АД ЕСМ во случај на

приватизација на друштвото. Потребата од ваквото допрецизирање се јавува заради надминување на ограничувањата кои ги наметнува Законот за трговски друштва при уредување на оваа материја. Сметам дека амандманот ќе биде прифатен од страна на Владата.

Со реализација на одредбите на овој закон ќе се постигне поголема сигурност во снабдувањето со енергија од земјите на Југоисточна Европа, како и од пазарот на цела Европа, стабилност на цените на енергија и подготвување на неопходните услови за привлекување на директни странски инвестиции во оваа економска област. Прилагодувањето во регионалниот пазар на Југоисточна Европа се креира по угледот на внатрешниот пазар на ЕУ со јасно искажана перспектива за потполно интегрирање во внатрешниот пазар на енергија на ЕУ. Главната причина за приватизацијата на АД ЕСМ е техничката неодрживост на системот, промените во начинот на функцинирање на пазарот на електрична енергија во Република Македонија  не се наметнати единствено од глобалните трендови во енергетската политика. Основните мотиви се наоѓаат во незавидните услови во кои функционира системот во овој момент, во прв ред изразени преку растечката диспропорција помеѓу трендот на зголемената побарувачка во квалитет и квантитет, на услугите и постојаното технолошко економско стареење на системот во услови на долгогодишно отсуство на неопходни инвестиции. Состојбите во ниско напонската мрежа се сериозни и произведуваат огромни загуби каде што барем до сега се покажа неможност за нивно откривање и елиминирање, било тоа да се технички загуби, или кражби. Исто така, барем во изминатиов период се појавија субјективизми кои политички и социјално ги ограничуваа интервенциите. Додека пак со комерцијализацијата ќе се бара уште поголемо зголемување на наплатата. Не можеме и не смееме да си дозволиме Владата сама да склучува договори за увоз на електрична енергија директно со производителите и истата да ја продава по цена многу пониска од набавената во овие услови на стопанисување кога интенциите на Европа се отварање на регионален пазар на енергија и интегрирање во вкупниот пазар на ЕУ.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почутуван колега, ако Владата навистина сака тоа да го направи за кое вие зборувате на транспарентен начин, таа можеше да свика прес конференција да ги ангажира вице премиерите да организираат дузина трибини низ Република Македонија  и може да објаснува за нејзиниот законски проект колку што сака.

Министерот вели дека преобразбата во ЕСМ е веќе почната. Истовремено нудејќи ни законски текст што треба да го прифатиме и да го преточиме во закон за нешто што веќе самиот министер вели дека почнала. Јас не знам, вие до сега зборувавте од позиција на пратеник, или претставник на Владата? Самиот министер кажа во два наврати дека преобразбата е веќе започната и дека таа во јули о.г. ќе заврши со поделба на два посебни субјекти. На Владата не треба да и се дозволува да го злоупотребува Собранието за проекти кои ако сега решиме дека треба да се донесе закон за преобразба, тогаш кој и дал дозвола на Владата да започне со преобразба во ЕСМ пред да го донесеме законот? Или пак, ако го донесеме законот, што треба да правиме? Да ги вратиме на претходните позиции состојбите во ЕСМ затоа што не се преточени, пред тоа не биле законски поддржани. Вие мислам успеавте Собранието два дена да го ставите во позиција што би се рекло: сите Криќани лажат, вели епименитот Крит, дали зборува вистина, или лаже. Единствениот паметен предлог го слушнавте од господинот Шајноски. Ако сакате да зборуваме во таа насока, повлечете го членот 7, или воопшто не излегувајте со вакви предлози. Вие самите не знаете што сакате и не знаете во чие име зборувате.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Очигледно дека стручната расправа по оваа материја денес изостана. Опозицијата тоа го девалвира и сето друго го претвори во предизборен политички маркетинг наместо да се даде некој конкретен, стручен, издржан предлог по оваа материја. Се дискутира едноставно само дека треба законот да се повлече без некоја конкретна и специфична забелешка. Јас го дискутирам ова од аспект на мојата професија како инжењер и од аспект на реформите кои сака оваа Влада да ги спроведе.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе се обидам на господинот Илиевски нешто стручно да прокоментирам. Јас би го запрашал, како на овој начин со формирањето на овие две друштва се рушат монополските позиции во ЕСМ во однос на производството, затоа што овие две претпријатија воопшто не се конкурентни едни со други. Значи, останува истата монополска ситуација. Вие едноставно не нудите никакво решение дека утре ваквиот монопол сега е државен, може да стане приватен и тоа со ниедно ограничување во овој закон не го правите. Така што апсолутно ова што го говори опозицијата да се повлече и да се доработи овој закон, вие самите го кажавте, затоа

што прво кажувате преобразбата да се заврши, а после тоа ќе биде запознаена јавноста, стручната јавност и тоа како што се случува со многу закони сите стручњаци ќе говорат повеќе од пет часа во негатива за дадениот закон и вие ќе го протуркате со 61 глас за. Кажувате дека со ова не и се дава можност на Владата да го продаде ЕСМ и се повикувате на член 7 и тоа став 3. Но, не знам што значи ова другото? Вие викате дека приватизацијата на АД ЕСМ, или на друштвата основани од него може да се изврши преку продажба на дел, или на сите акции на ЕСМ, или на друштвата основани од него во една, или повеќе трансакции на инвеститор и тоа ова што го кажува цело време министерот, преку тендер во кој е вклучена предквалификација на начин и во постапка што ги пропишува Владата на Република Македонија или последното, на друг начин утврден со закон. И ова, друг начин утврден со закон, е овој закон за кој што денеска говориме. Господинот Трендафилов добро забележа дека на ваков начин апсолутно не може да се говори ако е преобразбата завршена, тогаш нема за што да говориме. И заборавате една работа. Тука стои во истиот член под инвеститор во смисла на став 1 од овој член се подразбира било кое домашно, или странско правно лице. Значи, одиме од една работа каде што никаде нема спомнато, домашно лице, сега станува инвеститор може да биде и домашно, или странско правно лице. Значи, тоа се две работи кои што не се компатибилни во овој член и во овој закон. Ова што го кажувате дека приватизацијата може да има нешто во однос на вработените, повторно стои дека може да вклучи и пренос. Може, и како што зборуваше господинот министер, нашите зборови: може, ќе, ќе видиме, ќе биде, завршуваат секогаш така како што завршуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика една минута за г-динот Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Прво, монополското однесување на приватизираниот дел на Електростопанство на Македонија ќе се надмине со тоа што преносниот дел со целокупниот оператор ќе остане во наша сопственост, така што на потрошувачите ќе можеме да имобезбедиме електрична енергија под најповолни услови. Благодарание на Регулаторната комисија, која е во функција и гласана од ова Собрание, јас мислам дека од пазарот на Југоисточна Европа и пошироко од Европската Унија ќе може преку операторот да се донесе електрична енергија по

најповолни цени. Што се однесува до приватизацијата, едно е сигурно, дека ние ќе го направиме тоа на транспарентен начин со тендер од меѓународен карактер, каде што ќе биде отворен со преквалификација, а не како што тие го понудија тоа во јуни 2002 година, кога Владата поднесе до Собранието на Република Македонија предлог за изменвување и дополнување на Законот за енергетика по итна постапка, со која измена се бара Владата на РМ да го приватизира Електростопанство со директна спогодба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Илиевски.

Повелете г-дине Стаменков, три минути реплика.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Ги слушав излагањата на пратениците од позицијата, многу говорат од име на Владата како да учествувале во сета оваа работа, иако знам дека се пратеници, а не се членови на Владата. Дури даваат и ветувања како да се членови на Владата дкеа работите ќе се завршат како треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков, ве моам полемизирајте само со ставовите на г-динот Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Сметам дека дискусиите кои се декларираат како стучни воопштоне даваат конкретни податоци за темата на дневен ред, односно за законот за преобразба на Електростопанство, а би требало да биде подржана од сегашната состојба во Електростопанство. Што ќе добиеме со оваа преобразба, дали ќе одиме во позитивна насока и ќе ја подобриме таа состојба. Јас не можев да слушнам податок освен што господинот Макрадули спомна дека се работи за голем загубар. Конкретни бројки не слушнавме кои се тие загуби во последните години, од што се тие загуби, дали од тоа што имаме лоши менаџерски тимови, лоша организација на работењето или од тоа што огромни населени места воопшто не плаќаат електрична енергија, а знаеме кои се тие. Едноставно се зборува без да се придонесе нешто, да ја приближиме сликата за ЕСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Илиевски имате реплика од една минута.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Дали беше процедурано јавувањето на г-динот, или беше реплицирање, но да кажам дека  цело време се залагаме, зборуваме од аспект на стручност и компетентност, а не од аспект на историчари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелеге госпоѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа, претставници на Владата,

Веќе два дена полемизираме за предлог законот за преобразба на ЕСМ. Во самиот закон е кажано дека основни мотиви за донесување на овој закон се незавидните услови во кои функционира системот на ЕСМ. Отука произлегува потребата за преструктуирање и приватизирање на ЕСМ. Јас ќе кажам дека не треба да правиме приватизација без да се почитува државниот интерес на РМ, без да се почитува интересот на вработените во ЕСМ и без да се почитува интересот на сите граѓани во РМ, а пред се  не треба да носиме ваков закон, без да имаме јасно утврдена стратегија на државата за тоа.

Во моето кратко обраќање ќе се послужам со неколку цитати, со кои апсолутно се согласувам и го делам истото мислење. Ќе започнам со првиот цитат. “Треба да се знае дека за да се оствари приватизација на ЕСМ, мора претходно да се исполнат некои услови, како што се реорганизација на ЕСМ и негова поделба на посебни холдинг компании, по вертикала, производство, пренос, дистрибуција, како и усвојување на законска регулатива од областа на енергетиката која ќе кореспондира со законската регулатива на ЕУ”. Последново значи усвојвуање на законската регулатива која ќе кореспондира со законската регулатива на ЕУ. Овој став го искажа и госпоѓата Весна Борозан и сосема ја поддржувам во тоа, со таа разлика што сметам дека пред донесување на закон за приватизација, тоа треба да биде јасно утврдено и да биде донесено во овој Парламент, а не откако ќе биде донесен закон за приватизација. Овде би дала и свој мал коментар дека со овој закон со кој се вели дека се прави реорганизација на ЕСМ, веќе сосема јасно се разобличува и претходната постапка на Владата, со која таа избрка 1100 вработени во ЕСМ под

изговор дека тие се технолошки вишок, што произлезе од процесот на преструктуирање на ЕСМ. Една гоидна после ваквото постапување на ЕСМ со што луѓето беа прогласени за технолошки вишок, исфрлени на улица, дури сега носиме закон за реструктуирање на ЕСМ. Тоа значи дека се разобличува постапката на Владата дека тоа билнејзин политички потег, политички самореваншизам што не произлегол од преструктуирање на ЕСМ. Уште еден факт во прилог на тоа . Имено на местото на тие луѓе кои беа технолошки вишок со договор на дело се вработија нови партиски војници на СДСМ односно на коалицијата.

Понатау , ќе продолжам со цитатот "за да се реализира приватизацијата на ЕСМ, како што прилега на една нормална демократска држава..", се разбира тоа не може да го оствари Влада, како што е нашата во моментов треба уште да се обрне внимание на следните елементи, на моделите на приватизацијата, дали таа ќе биде целосна, приватизација по делови, пренос, дистрибуција или диспечинг, или пак приватизација на некој пилот систем, да се приватизираат одредени електрани кои реално произведуваат електрична енергија по највисока цена, за да би се оценила успешноста на приватизацијата.

Понатаму оценка на временскиот фактор за приватизација на ЕСМ односно дали е вистинскиот момент за приватизација на истата. Дали е направена реорганизација на ЕСМ во неколку холдинг компании за производство, пренос дистрибуција, со засебни економски сметки. Каков е степенот на ризик за инвестиции, во моментот, во нашата земја. Во овој момент сигурно дека тој висок ризик за вложување на странски инвеститори.

Понатаму еден од најбитните елементи при приватизацијата на ЕСМ е одредување на номиналната вредност на ЕСМ, што треба да биде задача на консултанската куќа, најмена за таа цел. Основни задачи на консултанската куќа се следнве: длабока анализа на работите на ЕСМ каде ќе се оцени состојбата на опремата, финансиската состојба, развојната програма, предлогот за реорганизација на ЕСМ што треба да ја реализира РМ, избирање на моделот на приватизацијата, дали новиот сопственик на ЕСМ ќе биде една компанија или поодделни холдинг компании ќе се приватизираат под различни компании, понатаму проценка на вредноста на ЕСМ, подготовка на тендерот за продажба на ЕСМ, подготовка за критериумите за евалуација на понудените економски, енергетски, развојни , еколошки. Значи многу добро и систематично , во овојцитат г-динот јани Макрадули размислувал и зборувал тогаш кога беше во опозиција и тогаш кажа дека

изостанувала поширока елаборација за да може да се расправа за вакво сериозно прашање.

Јас би прашала дали сега имаме од Владата дадено една широка елаборација за приватизацијата која се предвидува со членот 7. Дали транспарентно со едне член може да се каже како ќе се приватизира ЕСМ. Понатаму која е стратегијата на Валдата и каде е развојната компонента за подоброто функционирање на ЕСМ за која пред малку зборуваше г-динот Макрадули, која ја нуди Валдата,каде ние да ја видиме и не убедите дека тоа е добра стратегија за РМ.

Пред малку во говорот и г-динот министер и г-динот Макрадули кажаа дека пазарот ќе ја каже цената на ЕСМ. Но, нели треба претходно да знаеме колку точно вреди тоа што треба да го приватизирате односно да се продаде, што е богатство на сите граѓани во РМ. Тогаш кога бевте во опозиција кажувавте како треба да биде поставена приватизацијата на ЕСМ, а сега сте согласни, без да ги имаме претходно овие показатели и завршено овие постапки, со само еден член, членот 7 да се утврди приватизацијата на ЕСМ, без да се знае сето тоа што го наведов, без никакви податоци, без конкретно да се знае кој е имото на ЕСМ, без да се знае каква ќе биде судбината на вработените во ЕСМ, кој ќе биде делот на акциите со кои тие би располагале, значи со кој дел би располагале вработените што го создавале вооj капитал, заедно со сите граѓани на РМ. Понатаму нема никаква транспарентност и нема јасен предлог кој ќе не убеди во неговата исправност, нема мислење на експерти, дури ниту од Реголаторната комисија што ние треба да го разгледаме и да го подржиме, за тоа, како ќе се одвива процесот на приватизацијата. Со само еден член, почитувани дами и господа, во кој се вели дека ќе се приватизира ЕСМ на РМ, не може да се дозволи да и се даде благослов на Владата, сама да одлучува за толкав државен капитал. Затоа треба законот да го вратите назад на доработка. Најпрвин да се реструктуира ЕСМ, со цел да се обезбеди подобро функционирање на ЕСМ и квалитетно снабдување на потрошувачите, а потоа да зборуваме дали треба да се продава ЕСМ, како тоа ќе се прави, на кој начин, кој е тој дел од ЕСМ кој ќе треба да се приватизира. Сите овие дилеми ќе треба транспарентно да бидат поставени пред овој Парламент, бидејки тоа е од интерес на сите граѓани на РМ кои го создавале ова богатство. Ако и понатаму инсистирате и го донесете овој закон ваков каков што е, тоа ќе биде јасен сигнал дека Парламентот во овој случај, господо од власта, треба да ви послужи само за покритие на одговорноста која треба да ја носите само вие како власт, бидјеки вие се одлучувате за судбината на ЕСМ, за вработените и за граѓаните во РМ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули имате три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Со цитирањето на делови од стенографските белешки кои припаѓаат и на еден наш бивш пратеник, значи не беше коректно тоа што се кажа дека тоа е се моето излагање. Практично се потврди заложбата на пратеничката група на СДСМ и на ова парламентарно мнозинство дека треба прво да дојде до преструктуирање на компанијата, а потоа да зборуваме за процесот на приватизација и продажба. Апсолутно за тоа се залагавме во 2002 година, апсолутно истото сега стои во предложениот закон. Да ве птсетам дека Владата е избрана од парламентарното мнозинство. Затоа сме биле на избори некоја политичка партија да добие мнозинство, да формир влада и да предлага закони. Ни една влада не инсистира на закони. Напротив предлага закони. Благодарма, што ги потврдивте сите наши заложби дека бевме и тогаш и сега против продавање на ЕСМ топтан, со непосредна спогодба, туку , прво да дојде до преструктуирање, а потоа можеме да зборуваме за процесот на приватизација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете за реплика од една минута госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Ќе му кажам на г-динот Макрадули дека цитираните делови се во целост од стенографските белешки. Тоа се неговите зборови.

Понатаму, мило ми е што г-динот Макрадули еволуира во неговите ставови, од денес, од неговото обраќање и се согласува дека законто треба да го донесеме без членот 7, без да се прави односно да се зборува за приватизација во овој закон, туку само за реструктуирање на ЕСМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).